УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”-СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА
ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО
МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

УПРАВУВАЊЕТО СО ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО НАСТАВАТА

Магистерски труд

Ментор:
Проф. д-р
Снежана Адамческа

Кандидат:
Јусуф Велиу

СКОПЈЕ, 2011 ГОДИНА

Вовед 5
I.Дел Теоретски пристап кон проблемот на истражување 8
1.Дефинирање на проблемот и основните поими 8
1.1. Дефинирање и опишување на проблемот за истражување 9
1.2 Дефинирање на поимите 11
1.2.1. Образованието и демократијата 11
1.2.2. Демократските односи во воспитно-образовните институции 13
1.2.3. Образование за демократијата 14
1.2.4. Применувањето на демократијата во училиштето 16
1.3. Семејството и демократијата 19
1.3.1. Соработката на наставникот и родителите 21
1.3.2. Учениците со посебни потреби во училиште 23
1.4. Мултикултурното образование и демократија како современа потреба 26
2.Управувањето со демократските процеси во наставата 30
2.1. Демократските ставови на учениците 34
2.2. Развојот на психосоцијалната и демократската клима на учениците 38
2.3. Правата на ученикот и улогата на наставникот во нивното остварување 41
2.3.1. Односот на партиципацијата и авторитетот на наставниците 43
2.3.2. Авторитет кој е заснован врз основа на казнување 44
2.3.3. Авторитет кој е заснован врз основа на почитување 45
2.4. Поинаков поглед на детската природа 46
2.4.1. Наставникот како партнер во процесот на развојот на наставата 47
2.4.2.Обезбедувањето на најдобриот интерес на детето-принципот на соработката 48
2.4.3. Процесот на комуникацијата 49
2.4.4 Употребата на соодветните мерки за решавање на конфликтите 50
2.4.5. Наставникот како пример 51
2.5. Наставата во контекст на промените во образованието 52
2.5.1. Демократското сваќање во областа на образованието 53
2.5.2. Мотивацијата на ученикот како цел на успехот 54
2.5.3. Последиците од присилно однесување 55

2.5.4. Учениците треба да се мотивираат и поддржуваат за учење 56
2.5.5. Присилата не е добар начин за постигање некакви резултати
кај учениците.....56
2.5.6. Влијанието на оценувањето како мотив за подобро учење.....59
3 .Улогата на наставникот во образованието на човековите права 63
3.1. Менувањето на улогата на наставникот во фокусот на ученикот 63
3.2. Давањето предност на методите на кооперативната настава 64
3.2.1. Внесувањето атмосфера на доверба во одделението 65
4 . Образование на децата за демократско граѓанство.....68
4.1. Насилството во образованието.....69
4.1.1.Правото на децата за заштита од насилствата и злоупотребувањата 71
4.1.2.Спречувањето на насилството кај децата.....72
4.2. Што треба учениците да научат преку образование за демократско
граѓанство 73
4.3. Потребните компетенции на наставниците по предметот
демократско граѓанство 77
4.4. Човековите способности на наставниците по демократско граѓанство 78
4.4.1. Континуиран развој на наставниците 79
4.4.2. Адекватната подготовка на наставникот за наставата.....81
4.5. Образовна клима.....81

II. Дел Методологија на истражувањето 85
1.1. Предмет на истражувањето 85
1.2. Целта на истражувањето.....86
1.3. Задачи на истражувањето 87
1.4. Хипотези на истражувањето.....88
1.5. Варијабли на истражувањето 88
1.6. Примерок на истражувањето.....89
1.7. Методи ,техники и инструменти на истражувањето.....90

III. Резултатите на истражувањето.....93

Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето 93
Карактеристиките на ставовите на учениците кон демократијата 96
Структурата на примерокот на наставниците.....101
Споредбата на ставовите на учениците и на наставниците
кон демократијата.....104
Ставовите на учениците по одделенијата 112
Ставовите на наставниците кон демократијата 118
ЗАКЛУЧОК.....122
Литература.....126
ПРИЛОЗИ: 134
Анкетен лист за наставниците 135
Анкетен лист за учениците.....137

ВОВЕД

„Да предаваш значи секој ден да среќаваш луѓе кои се помлади од вас ,кои имаат поинакви идеи ,кои вам ви задават проблеми.Тоа е предизвик ,бидејќи морате да се прилагодите на желбите и проблемите на новите генерации,да се одржувате ,ако не биолошки ,барем психолошки помлад.Значи да предавате ,е да одберете младост и новост.Бидејќи ,тој кој предава , секогаш се изложува на ризикот да ги повторува идеите , кои ги имал на почетокот .Додека се наоѓате пред новата генерација ,таа ви поставува нови прашања и вие мора да бидете во состојба ,на нив да одговарате,па сме принудени ,и ние да се обновиме.„

Умберто Еко

Училиштето е почетно,темелно место за практикување на демократијата и демократските односи во општеството.Исто така е и претпоставка за демократските навики ,толеранцијата ,автономијата и одговорноста на поединецот во неговиот живот и делувањето после училишниот период. Во секоја друга смисла ,демократијата постанува лажна „ квази-демократија„ и се создава во постапка на инструментализација и манипулација на индивидуалноста на ученикот,преку целта за образованието на личноста ,која лесно се наслонува на надворешниот авторитет,која е склона на одбивањето на иновациите,која не чекори кон новите содржини во секојдневната комуникација и интеракција во група,средината и општеството.Веќе во основно-училишната возраст се јавува овој проблем, кој во денешното време е глобален.Училишниот и животниот проблем ,во оваа смисла би требало да ги приближува и спои, и да настојува училиштето креативно и ангажирано да ги решава во интерес на индивидуата на учениците,училиштата и општествата.

Сегашното време диктира развивање на индивидуалностите ,истакнувајќи субјективитет на поединецот,ученикот во секој поглед.Интеракцијата на личноста мора да тече спознајно и целосно и таа не смее да ја изгуби врската со практичната стварност.Амбиентот во кој се реализира интеракцијата,мора да произлегува од реалниот живот и да е објективен.Демократијата во сите сегменти на интеракцијата во училиштето, како општествена група и образованието како процес ,мора да има практичен смисол и значење.

„Макаренко вели дека едукативната работа бара од наставникот енергија,душевна и физичка поданост ,храброст и верба во развојните сили на децата„[1]Училиштето не е само „сервис„ кој нуди услуги на едукација ,тоа е простор во кое се развиваат модерни инструменти и начини на сестрана комуникација и модерна социјализација а една од најважните улоги им припаѓа и на наставниците ,кои се главни и заслужни за демократска или недемократска клима во воспитно образовниот процес во училиштето.Активноста на ученикот ,неговото воспитно делување ,секогаш и во секој поглед во училиште ,треба да ја потенцираме и наградуваме .Индивидуалното делување во секој поглед ,а посебно во учествувањето (партиципацијата) кон одлучувањето и демократското делување во секој сегмент на училиштето,треба да се следи и гледа од сите аспекти како би се освоиле демократските поими и би се применувале. Задача на науката би била да дополнува ,анализира и да ги следи демократските односи во модерното училиште ,како општествена група и институција истовремено.

[1] Современи тенденции во образованието .IV Меѓународен научен собир,Јуни 2008,Охрид,стр 39.

I.Дел Теоретски пристап кон проблемот на истражување

I Дел Теоретски пристап кон проблемот на истражување

1.Дефинирање на проблемот и основните поими

Слободата и демократијата треба секогаш да ги изградиме прво во себе па после тоа и кај другите,во средината во која живееме и делуваме.Тоа се однесува и на демократизација на образованието, што по правило бара реформа на образовниот систем и подигнување на материјалните основи на образованието.Единствено слободен воспитувач може да го поучи ученикот за демократија во слободниот демократски систем.

Наставникот треба да ги воспитува учениците за демократија и да ги учи како да ја прифатат одговорноста .Во креирањето на демократската клима многу важна улога има наставникот, пред се со тоа што ги потикнува учениците на активност и соработка ,ги охрабрува да ги искажат своите мислења , да поставуваат прашања и да толерираат различни мислења.

Демократијата е предмет кој ја депривилегира секоја идеологија ,додека на свеста и однесувањето на учениците (идните граѓани на државата),им влева верба дека можат да ги остваруваат своите лични и колективни вредности.Значи демократската настава (образование) е толерантна борба за афирмација на социјалните и индивидуалните вредности.

Голем проблем е тоа што во образованието не постои демократска атмосфера.Учениците имаат малку можност да одлучат за многу работи како што се: избор на екскурзии,уредување на училниците,распоредот на часовите ,одредување на критериумите за оценување ,како и за вон наставните активности.Училиштето треба да им дава шанса на учениците да партиципираат во решавање на проблемите на заедницата,да поставуваат разни прашања и да добиваат соодветни одговори.Во оние училишта во кои се остваруваат таквите можности на учениците,наставниците истакнале позитивен впечаток од развојот на граѓанската свест и граѓанскиот активизам кај учениците,нивното слободно изразување во односот наставник-ученик,како и во нивната меѓусебна комуникација,која е на високо ниво.

Важна цел на современото училиште е образованието на младите за демократија и животот во граѓанското општество,чиј резултат треба да биде развој на демократската личност на ученикот, а една од главните заслуги за тоа треба да е онаа на наставникот.

„Како што изгледа успехот е поврзан со дејството .Успешните луѓе не запират да се движат .Тие прават грешки ,но не се откажуваат„.[2]

Промените како светски тренд во основното образование, кај нас се разбираат и прифаќаат како неминовност условена од потребите за отвореност и кореспондеција на нашето образование со она во развиените земји.

Се разбира овие промени во нашата земја се добродојдени и како такви се прифаќаат

Но за да се реализира таквата програма бара услови и време.

1.1. Дефинирање и опишување на проблемот на истражувањето

Образованието за демократија е стекнување на знаења за функционирање на демократските заедници на сите нивоа ,а се остварува во вид на активности поврзани за:образование за човекови права ,политичко образование,образование за вредностите, образование за развој на мултикултурниот и граѓанскиот свет,втемелување на елементарни принципи,вредности за ненасилство и меѓусебно разбирање ,јакнење на култура на мирот. Ова се остварува со елементарните принципи на уважувања и коегзистенција на различностите ,вредности за ненасилно и меѓусебно разбирање, зајакнување на културата на мирот ,заеднички одговорности ,толеранција и решавање судири по мирен пат и со дијалог како и зајакнување на свеста кај постарите како и на интегрираната природа на современиот свет.Вака сфатено, граѓанско образование мора да стане интегрален дел на континуираното вообразование на децата , младите и возрасните и затоа оваа тема проучува и емпириски ги истражува претпоставките и димензиите на тој сложен процес.

[2] Гоцевски Трајан:„Образовен менаџмент„ (Трето дополнително и изменето изданије), 2007,Скопје стр.183

Проектот на екстензивното и систематското воспитание и образование за демократија во наставата, кој ги опфаќа во прв план концептите и принципите на демократијата, би требало да биде меѓу приоритетите на оние кои тежнеат да ги доградат и усовршуват овие големи трансформации во воспитувањето и образованието.Високи приоритетни задачи се и развивање на наставните планови и програми на наставните предмети (на пример граѓанско воспитание и граѓанско образование), курикулумот во целина ,книгите и другите инструктивни материјали за учениците кои се неопходни за успешно образование.Бројните и различните наставни дисциплини ,во кои предмет е културното наследство, локално и национално ,мораат да бидат вклучени во воспитанието и образованието на учениците ,но секогаш во смисла на концептите кои се во програмата за воспитание и образование за демократија или подобро според концептот на образование на деца и млади за демократско граѓанство.

Посебно треба да ја истакнеме важноста за оспособување на наставникот преку програмата за воспитание и образование за демократија во која би биле употребени интерактивните методии во наставата ,бидејќи тоа е начин на поучувањето , кој потполно е вграден со духот и праксата на програмата за воспитанието и образованието за демократија.Активните форми на учењето ги вклучуваат учениците во интерпретација на различни документи ,анализа на сегашните и минатите јавни настани,а учество во симулација на донесување на одлука им овозможува процена на демократичност или недемократичност.За разлика од традиционалните одделенија во кои децата се натпреварува, треба да се развива соработката и меѓусебната зависност во училниците, именувани како одделенија , во кои се создава меѓузависна одделенска атмосфера ,замислена така да учениците стекнуваат вештини за остварување на заедничките одделенски/групни цели ,во која ќе обрнуваат внимание едни на други ,меѓусебно ќе се уважуват , ќе се почитуваат .Со тоа се намалуваат предрасудите и стереотипите ,но се зголемува степенот на емпатија итн.Интелектуалното активно совладување на задачите и информациите ,спротивно на пасивната перцепцјиа ,се поврзува со поголемиот степен на усвојување на знаења .Тоа им овозможува на учениците да развиваат способности кои им се потребни за да донесуват одлуки во текот на нивниот живот.

Имено истражувањата поврзани за пристапите на поучувањето од почетните, па до високошколските нивоа покажуваат две темелни ориентации во подучувањето.

Едната е поучување во правец на пренос на информации ,а другата е поучување во правец на подигнување на учењето.

Поучувањето како пренос на информации е пристап кој насочува кон сфаќањето дека задача на наставникот е едносмерен пренос на знаења, кои се пренесуваат преку презентација на содржините.

Во другиот пристап кој треба да биде приоритет во наставата ,наставникот го ориентира ученикот на подрачјето на приближното развивање ,што означува дека учењето на нешто ново доаѓа од постоечките нивоа на знаења ,во кои се подигнува нова конструкција на значењата (конструктивистички пристап) ,при што наставникот е насочен кон препознавање и отфрлање на препреките во подигањето на ученичкиот разум (феноменографски пристап).Така ученикот е оспособен за доживотно учење – способен за формирање и решавање на проблеми ,склон на критики и креативното размислување ,спремен на континуирано усовршување и развој на своите професионални улоги.

Исто така една од најважните задачи на училиштето е планско и организирано делување на формирање и менување на демократските ставови на ученикот ,со што би се зголемил и степенот на одговорното однесување на поединецот ,а со тоа би се постигнала потполна афирмација на принципи и норми на граѓанските и демократките заедници.

1.2.Дефинирање на поимите

1.2.1 . Образованието и демократијата

Образованието и воспитанието за демократија значи да се создава можност, избор, предлог и расправа,кои подразбираат освојување на вредности со аргументите, а не вметнување, бидејќи тоа води кон присила наместо кон демократија.

Образованието за демократијата има за цел создавање автономија на личностите.Образованието се јавува како еден вид услов на демократијата и е нејзин составен дел.Како најдобро место за воспитание и образование за демократијата е училиштето,бидејќи низ училиштето поминуваат многу млади генерации.За да ги развиваат меѓучовечките односи,првенствено им овозможува меѓусебната комуникација, а таа комуникација на еден начин е и фактор на нивната соработка.Со тоа се развива и моќта на меѓусебното слушање,почитување и толеранција на другите па и себеси.Со ова се врши и оспособување на учениците за демократските односи во училиштето,а тоа е социјално учење,кое се втемелува во учењето, кое е потребно да се дополни со организирано образование и воспитание.

Треба да знаеме дека процесот на демократијата треба да се спроведува постепено.

Воведувањето кон демократските односи во училиштето почнува со упатствата како што се:

- Применување на демократски живот во училницата;
- стекнување на демократските искуства од животот и работата во училницата ;
- меѓусебното ,слушање и пренесување на мислења и ставови;
- взаемното почитување

Сето тоа што го споменавме е еден процес кој бара време, во кој учениците ќе учат преку поврзување на стекнатите знаење.Секој поединец во внатрешноста на општеството секојдневно мора да превземе нови одговорности во работата,во културните активности и во секојдневниот живот.Со објаснувањето и учењето на свооите права и обврски во училиштето,како и развивањето на социалните способности преку тимската работа,воспитанието го подготвува секој поединец за неговата идна улога.Во тој поглед

постојат повеќе нивоа на дејствување,кои меѓусебно се дополнуваат со модерната демократија, која како прва и минимална цел наложува да се вежба поединецот на однесувањето според правилата на општеството

Сепак толеранцијата не може да се претставува како изолиран предмет покрај постојаните училишни предмети.Целта е да се внесе демократска пракса во училиштето,каде што учениците треба со помош на практичните примери да ги разбират своите права и обврски. Доколку постои взаемна врска помеѓу образованието и праксата, многу важно е секој кој ги остварува своите права во подеднаква мера да ги исполнува своите обврски.Заради тоа учењето како доживотен процес би требало да помогне во активното учество во формирањето на општеството.

1.2.2.Демократските односи во воспитно-образовните институции

Скоро сите народи од поранешните комунистички земји, значително биле ограничени во приближувањето кон образованието на западните земји и нивната образовна политика , а тие пристапи ја сочинуваат базата на севкупната демократизација на образованието.Секако, наставниците во социјалистичките земји имаат и недоволно знаења за програмите и идеите за реализирање на новото граѓанско образование кое се базира врз демократијата и слободата.За да се втемели демократијата во нашиот образовен систем , биле проектирани многубројни проекти во врска со воспитно-образовниот процес , притоа скоро сите наставници биле на разни семинари и биле дообучувани како да се пренесува таа демократија кај нивните ученици преку разни предмети .

Меѓу најважните приоритети на оние кој тежнеат на доградбата и усовршувањето на оваа трансформација во воспитанието и образованието , се оние кои ги опфаќаат пред се концептите или принципите на демократијата кои треба да се воведуваат и реализираат во образованието за демократија.Содржините на воспитанието и образованието за демократија се многу значајни како и основните концепти на неговите содржини. За таа цел , наставниците кои ги реализират овие програми на воспитно -образовниот процес за

демократијата треба да се запознаваат со методите на активното учење, бидејќи тоа е начин на подучувањето кој е потполно со духот и праксата на програмата на овој процес за демократијата . Континуираното учење на отворените проблеми ги зголемува знаењата и способностите во програмата на демократското образование .Учејќи за ваквите јавни проблеми , на учениците им се дава можност да се чувствуваат слободни во изразувањето на своите идеи и мислења. Своја улога има и наставникот кој во тој случај е демонстративен и индиректно е подржувач на учениците, кои заедно со него утврдуваат и применуваат договорени правила .Наставникот може да воспитува за демократијата заради тоа што и тој самиот е познавач на демократските правила, а со тоа остварува и реализира демократски став кон учениците.Тој е толерантен со воспитаниците, односно со учениците, во нив развива критични дух .

Вистински наставник е оној кој формира таков круг во кој постои почитување на вредностите и доствоинство на секој поединец.„Нема квалитетно образование без квалитетен наставен кадар„[3]

1.2.3.Образование за демократијата

Демократијата зависи од заинтересираноста и активното учество на нејзините учесници.Демократијата е цврство поврзана со начелата на човековите права и таа не може да функционира без обезбедување на полно почитување и заштита на човековите достоинства.Основните елементи на кои се базираат човековите права се :

- еднаквост;
- учество и
- образование.

Образованието и учењето на сите нивоа имат клучна улога во подобро разбирање на тие елементи.

[3] М-рПопоски Киро: „Успешен наставник„НИРО„Просветен работник„ ,1998,Скопје стр 43.

Со принципот **еднаквост** подразбираме дека сите луѓе се еднакви ,треба да имаат еднакви права и еднакво да учествуваат во секојдневниот живот на општеството,како и да имаат еднакви права пред законот .Тоа секако ги вклучува и општествената и економската еднаквост на мажите и жените.

Со принципот **учествување** подразбираме учество во општествениот живот.Демократијата е форма на учество во разните активности како на општествен така и на економски план .

Со принципот **образование** подразбираме еден вид на услови на демократија и нејзин составен дел во воспитно-образовниот процес.

Без компетентни и образовани луѓе не може да има компетентни граѓани.Збогатувањето на поимот писменост во склоп на современото општество во кое живееме, е дел на на тоа демократско образование.

Секако ,целта на демократијата е да има автономија на личностите и сите на релевантен начин да учествуваат во одлучувањето.Учењето за живот во мир и слобода ,за почитување на човековите права и учење за демократијата ,мора да станат дел од воспитно образовниот процес.Воспитувачот треба да ги учи учениците за демократија и како да прифатат некоја задача со одговорност. Секако треба да се применува и формата на соработка ,бидејќи тоа е вистинска форма на човековите односи ,покрај тоа што соработката пред се ја толкуваме како спремност на толеранција и разбирање на другото лице, а не да се уважува и применува само сопственото мислење..Многу важна улога во изучувањето за демократијата има училиштето ,бидејќи тоа е местото каде што поминуваат многу млади генерации,кои во меѓусебното комуницирање разменуваат многу значајни информации и мислења, кои се многу важни за понатамошниот тек на нивниот живот.

Промените како светски тренд во основното образование, кај нас се разбираат и прифаќаат како неминовност условена од потребите за отвореност и кореспондеција на нашето образование со она во развиените земји .Тоа значи, надминување на еден систем кој е недоволно стандардизиран , стереотипен ,традиционалистички,сеуште генерално авторитарен и полн со академизам .Систем кој негува стил на работа во кој учениците

претежно паметат , а не разбират ,знаат но не умеат .[4] Процесот на образованието траба да се воведува постепено воведувајќи ги демократските односи во училиштето кои почнуваат со упатствата како што се:

- **демократскиот живот во училницата;**
- **да почитуваш и да бидеш почитуван;**
- **да научиш да ги слушаш другите и на другиот да му го пренесеш своеото мислење и став**.

Овој процес бара време во кое учениците ќе ги научиме да ги поврзуваат стекнатите знаења и дествувања во склоп со наведените постапки со кои треба да се почне уште од најраната возраст.Демократијата внатре во училиштето не може да биде реална и возбудлива без да содржи:

-поим за демократијата,цел,задачите на учениците и училиштето во целина за остварување на планираните воспитно-образовни програми,

-создавање предуслови за расправи, во кои ќе му се овозможи учеството на секој поединец и ќе се почитува неговото мислење и став од страна на присутните во училиштето.

Треба да се спомне дека учењето за демократијата ќе биде поквалитетно доколку воспитно-образовната работа се организира на современ начин и доколку во сите етапи на работата учествуваат сите субјекти кои се вклучени во воспитно образовниот процес.

1.2.4. Применувањето на демократијата во училиштето

Како во светот, така и кај нас во последната деценија на минатиот век и почетокот на овој век ,во образовниот систем се сретнуваат мноштво иновации ,што се предизвикани од промените во нашата средина.,,Училиштето е основна организациска клетка на која се темели образовниот систем во една држава, па така промените треба да започнат токму

[4] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи(2006),Скопје: МОН,стр 99

од училиштето,,[5]Во ваквите околности,училиштата не се снаоѓаат најсоодветно. .Прилагодувањето кон новите барања се реализира со потешкотии ,со чуство дека промените ги уништуваат нивните ,,добри стари концепти,, кои што припаѓаа ,,на едни добри стари времиња,,.Тоа се во суштина причините за бавно реализираните промени .

Застарениот начин на работа ,доведува до тоа да се продуцираат кадри кои се несоодветно подготвени да одговарат на потребите на пазарот на трудот.

Процесот на едукација на човекот ,преставува стекнување на знаења ,вештини и способности за владеење со начините за задоволување на потребите (образовна компонента) и стекнување животни и работни искуства ,формирање ставови ,развивање критички однос кон работата ,доброто,вредностите на светот околу него (воспитна компонента).

Евидентно е дека во земјите во транзиција ,а особено во нашата држава ,постои слабо приспособен систем на образование и обука ,како еден од аспектите на човечките потенцијали.,,Насилствата,непочитувањето ,честите отсуства од часовите, нетрпеливост и нетолеранција се најчесто изразените проблеми во нашите училишта,како основни,така и средни .Родителите и наставниците се немоќни пред таквите проблеми,,[6]Образовните институции имаат проблем со справувањето на растечките потреби ,но и со бројот и разновидноста на целните групи.Една од причините за ова е големиот недостаток на флексибилност и адаптибилност во структурите на овие институции и нивниот пристап кон промените .Во овој контекст ,треба да се афирмира пристапот на доживотното учење .Во рамките на Европската унија ,афирмирањето на овој пристап бара развој на култура за учење на индивидуално и институционално ниво,во сите сфери на јавниот и приватниот живот .Ова представува врвен приоритет ,поради следниве две подеднакво важни причини:

1. Залагањето на Европа кон создавање на општество и економија што се базираат врз знаењето,заедно со мотивираноста и умешноста за софистицирано користење на овие ресурси ,станува клуч за за глобалниот квалитет на животот и работата на луѓето.

[5] Петковски,К.(1998),Менаџмент во училишта,Скопје,НИРО,,Просветен работник,,

[6] Современи тенденции во образованието .IV Меѓународен научен собир,Јуни 2008,Охрид стр 23

2. Повеќето од Европските луѓе сакаат да го планират сопствениот живот и очекуваат активно да придонесуваат во општеството ,па затоа мораат да научат да живеат со културните ,етничките и јазичните разлики .

Во светот ,веќе се поместува парадигмата : „Од општество што учи ,во општество на знаење. „ и станува збор за општество на проактивни и претприемливи граѓани .Во тој контекст ,образованието добива клучна улога .Имено,во нашите училишта треба да се едуцираат индивидуи ,способни да се справат со предизвиците на времето во кое што ќе живеат и работат.Интерактивниот процес на учење што од децата ќе создаде ,како што метафорички прејудицирал познатиот филозоф Едгар Морен, „Глава што мисли ,а не глава што памти „ ,би требало да е суштината на севкупните реформи во образованието , не само кај нас, но и пошироко.Всушност,се до почетокот на деведесеттите години,во нашите основни училишта се реализираат т.н.затворени наставни програми кои се,,социоцентрички,, ориентирани,што значи дека во образованието не се поаѓа од детето,туку од интересите на социалистичкото општество,,[7].Една од реформите е и таа дека училиштето треба да врши образование на младите за демократија со тоа што им обезбедува знаења за демократијата,влијае на формирањето на ставови за различните аспекти на општествената реалност и создава прилики за учествување на учениците во демократската организација на училишниот живот и одлучувања.Кон образованието за демократија,можат да допринесат и содржините на одредени наставни предмети и соодветни книги,личноста на наставникот,неговите ставови и вредности ,начинот на комуницирање со учениците ,методите и формите на наставната работа,организирањето на училишниот живот ,учествувањето на учениците во училишните заклучоци ,*вонпаставните активности и др.*

Образованието за демократија по пат на наставните предмети се реализира со помош на постоечките наставни предмети ,но и со воведувањето на посебен предмет како што е граѓанското образование.Во нашите училишта овој предмет се изучува во седмо и осмо одделение како изборен предмет ,што во голема мера го намалува впечатокот на овој предмет на образованието за демократија .Исто така ,целите и содржините на наставата на граѓанското образование ,се повеќе во режија на развивање на психо-социјалните вештини и ставови кај учениците и на стекнувања на знаења за демократијата.Сепак и

[7] Миовска-Спасева,С.,,Прагматичката педагогија и основното образование,,Скопје,2005 стр 165

покрај евидентните недостатоци ,часовите по граѓанско образование можат да допринесат кон образование за демократија ,пред се поради начинот на работата и комуникацијата.Се негува групната работа,се охрабрува учествувањето на секоја група ,атмосферата е опуштена и поддржувачка,учениците активно учествуваат во процесот на наставата и учењето ,а наставниците нивните активности ги подржуваат и охрабруваат.
Училиштето треба да им овозможи на учениците можност да се вклучат во решавањето на проблемите на заедницата ,да поставуваат прашања за животот на општествената заедница ,да дискутират и аргументирано да ги застапуваат различните ставови ,а возрасните им ги даваат основните упатства ,информации и поддршка.Во оние училишта во кои се остваруваат ваквите можности,наставниците истакнуваат позитивен впечаток од програмата за граѓанска свест и граѓанскиот активизам кај учениците ,зајакнувањето на нивната самодоверба и слободата на изразувањето ,подобрување на односот наставник-ученик,како и развивање на вештините за тимската работа ,соработката и комуникацијата.

1.3. Семејството и демократијата

Родителството ни помага нам на наставниците да имаме на ум ,во нашата работа со децата на други луѓе ,дека детето му припаѓа на родителот ,и дека наставникот е е само една (можеби најголема)сила,па дури и оние навистина тешките за справување ,и ако, како наставници ,го имаме ова на ум секогаш кога работиме со децата и со нивните родители ,тогаш тоа позитивно ќе влијае врз начинот на кој што го гледаме наставникот ,и за возврат ќе влијае на начинот на кој партнерството со родителот, детото и наставникот го подржува детскиот развој.
Различните општества имаат големи очекувања од средината од каде што потекнува детето, па така и училиштата и наставниците често ги обвинуваат родителите за сите недостатоци во демократскиот развој на детето.Не е чудно што родителите, од друга страна ,обично ги обвинуваат училиштата и наставниците за истите тие недостатоци ,зашто и во двата случаи е полесно да се обвини некој друг отколку да се превземе

сопствена одговорност.На крајот и двете страни мора да превземат одговорност за помагањето или ограничувањето на позитивниот демократски развој и секоја страна може да успее во својата задача ако е согласна да работи во директно партнерство за детето.

Еден од аргументите во прилог на нашето ослободување од погрешната замисла дека наставниците мора да знаат најдобро како да му помогнат на детето да се развие во позитивна и демократска смисла е секогаш да го гледаме родителот како основен извор на детално знаење за детето ,кое што инаку никогаш не би можеле да го стекнеме.Вниманието треба да е насочено кон слушање на родителите наместо едноставно советување од наша страна ,како и за барање на родителските ставови и мислења за секоја фаза од детскиот развој .Тоа значи охрабрување и активно промовирање на родителската активност во секоја фаза на процесот за демократскиот развој.Придонесот на семејството е од клучно значење и затоа треба да им се посветува големо внимание на образованието на самите родители за демократијата.Образованието на родителите може да се врши преку медиумите,советувалиштата или училиштата за родители.На овој начин може да се очекува подигање на нивото на општото образование и зголемување на демократските потенцијали на родителите и на нивните деца . Семејството има големо влијание на формирањето и развивањето на демократската личност ,првенствено со тоа што родителите ги почитуваат потребите и индивидуалностите на своите деца,им обезбедуваат поддршка ,но истовремено бараат одговорност и зрело однесување.Наспроти тоа ,авторитарниот воспитен стил (родителите кои контуинирано ги контролираат своите деца ,им наметнуваат конвенционални вредности ,користат мерки на присила , не дискутират со децата за правилата и одлуките кои ги донесуваат)доведува до формирање на личност кои ги карактеризира попустливост пред авторитет ,недостаток на иницијатива и пасивност во општествените односи.Комуникациските знаења кои се неопхдни за демократското функционирање ,децата можат да ги стекнуваат во семејството ,во училиштето ,во воннаставните активности. Исто така комуникациските вештини можат да се увежбаат по пат на различните групи за дискусии,психолошки работилници и др.

Образованието на младите за демократија во голема мера се врши во училиштето поради што е неопходно и дополнително образование и подготовка на наставниците за

реализација на целите за образование за демократија.За да може училиштето да постане релевантно место за остварување на овие цели ,неопходно е демократските содржини да ги опфатат сите наставни предмети,но и да се присутни во сите училишни активности,што подразбира не само учење за демократијата ,туку и нејзино применување.Ваквиот пристап, покрај другите придобивки ќе резултира и со намалување на осипувањето на учениците.За жал оваа појава кај нас е присутна подолг период и покрај обидите тоа да се спречи,кои меѓу другото се манифестираат со: „Воведување на казнени мерки во законската регулатива за родителите кои не ги пуштат своите деца во училиште и училиштата каде оваа појава се манифестира .И покрај тоа што оваа одредба е се уште на сила,поради недостаток на прецизна евиденција и одсуство на механизми на контрола,таа вопшто не се практикува„[8]

1.3.1. Соработката на наставникот со родителите

За да имаме поголем успех со учениците, треба да соработуваме најдобро колку е можно со родителите .За да се оствари тоа треба да се трудиме ,вратата на училиштето и на училницата да биде секогаш отворена за родителите.

За жал многу мина од рпдителите не се чувствуваат пријатно да дојдат во училиштето и во училницата.Тие понекогаш треба да разбијат некои длабоко всадени стравови и недоверба кон наставниците и тоа што тие го представуваат,и посебно за училишните лидери.

Во соработката со родителите и децата, треба да бидеме осетливи и никогаш да не ја потценуваме улогата или трудот на родителот ,ниту пред родителот ,ниту пред децата ;всушност,би би било позитивно да одиме и понатамо со тоа што би размислиле колку е моќна пофалбата на активностите или зборовите на другите луѓе.

---

[8] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи.Издавач МОН.стр 107

Наставникот и родителот навистина можат да му помогнат на детето со тоа што ќе се почитуваат заемно пред детето ;тоа значи да се разјасни дека се земат во предвид мислењата на другиот ,дека ги почитуваме разликите кои што можеби постојат во тие мислења .Истотака ,тоа значи и потенцирање ,преку препорачување ,на важноста да се побара совет од наставникот –родителот ,да се зема во предвид тој совет и да се биде отворен кон нивните напори и погледи.

Она што влијае на успехот на образованието се: подршката на наставникот (охрабрување на самодовербата на учениците во успех) ,рационална и намерна организација на наставата ,проблемски ориентирана активност на учениците, јасно поставените правила за училишната дисциплина,способен менаџер (педагошки, а не административен водител на училиштето),организирање вонаставните активности ,развивање на соработка со родителите како партнери на заедничките задачи да им се помогне на учениците да ги развиваат своите способности,работните навики и добрата слика за себе .

Родителите се први и најважни едукатори и како такви се најодговорни за здрав развој на личноста на своето дете. Воспитувањето во училиштето трба да биде дополнување, а не замена за семејното образование.Училиштето треба да ги познава семејните околности на секој ученик,како би им помогнало на родителите во нивните напори за образование. Децата на разведени родители често се позрели и имат поголема одговорност бидејќи некој работи ги прават наместо нивните родители .Исто така треба да знаеме дека кај разните семејства доминираат разни стилови на образование како што се:авторитативниот стил ,попусливниот стил,индиферентниот стил и демократскиот стил.Во зависност од кое семејство ни доаѓа детето во училиште ,тоа иде со такво образование, добро или лошо однесување ,бидејќи на тоа имало влјание неговото семејство .

Соработката со родителите најконкретно се остварува на релацијата родител-наставник.Најважно е наставникот да воспоставува срдечен и позитивен однос со родителите како база за соработка во решавањето на проблемите.За жал некои родители немаат добра соработка со наставниците, бидејќи многу се осетливи кога се во прашање оценките на нивните деца, бидејќи ако нивните деца имаат лоши оценки,тоа според нив значи дека и тие како родители се лоши . Некои родители се обидуват заедно со наставникот да му помогнат на детето,додека некои други родители ги окривуваат

наставниците дека имаат нешто против нивното дете и дека не се објективни.Некои родители пак не сакаат да одат во училиште бидејќи таму се чувствуваат непријатно .

Најчести форми на соработка се индивидуалниот,информативниот или советодавниот разговор .На информативниот разговор наставникот ги информира родителите за успехот,однесувањето и другите карактеристики на нивните деца.Советодавниот или информативниот разговор се користи за да се разгледаат одредени проблеми и да се најдат соодветни образовни решенија .Но, честопати родителот и наставникит не можат сами да ги решат проблемите кои се однесуваат на поедини ученици,па заради тоа бараат помош од другите стручни лица кои се вклучени во воспитно- образовниот процес.Неколку клучни препораки на наставниците се: да воспостават комуникација со родителите во самиот почеток на училишната година и да ја одржуваат цела година (усно,писмено,преку телефон и интернет)и да се запознава што подетално секој родител за неговото дете,еднаш месечно да испратат писмо до родителот за тоа што се случило со нивното дете во тој месец,било да се тоа позитивни или негативни информаци .Соработката на родителот и училиштето дава позитивни резултати: ги смалува конфликтите помеѓу родителот и наставникот ,се изедначуваат критериумите за оценување и повеќе се цени работата на наставникот. Со таквата соработка родителите ќе го прифатат училиштето како институција за чија работа се по малку и сами одговорни.

Секое современо училиште има добра соработка и со медиумите зошто преку нив може да се информира јавноста за постигнатите резултати на учениците и вработените во училиштето ,како и нивните можности и следење на нивниот понатамошен развој. [9]

Од горенаведеното може да се заклучи дека без добро планирана соработка помеѓу семејството и јавните институции и училиштето нема успех во образованието на младите личности.

[9] Петковски.К. Интегралната евалвација како основа за функционална инспекторирање, Скопје,2002 стр.157-158

1.3.2.Учениците со посебни потреби во училиште

Едно дете има посебни образовни потреби доколку има тешкотии во учењето коишто бараат специјални образовни можности за него.Пречесто учениците се сметаат за припадници на оваа категорија на деца со посебни потреби затоа што нивните потреби не се соодветно задоволени од неспособни наставници .

Во секоја генерација постојат поединци кои покажуват специфичности во нивниот развој..Тие отстапуваат од брзината , нивоата и квалитетите на развојниот пат што го поминуваат повеќето од поединците .Тие се таканаречени ученици со тешкоти во развојот и со развојни нарушувања .Причините за тешкотиите во развојот можат да бидат:

биолошки (оштетување на нервниот или друг орган на системот) и од социјална природа (дефект и недостаток на стимулација во раниот предучилишен развој).Најчестите причини за инвалидноста се на пр. некој биолошки недостаток, кој се зголемува поради недостатокот на семејната грижа .

Разликуваме:

- Тешкоти во учењето и однесувањето како резултат на попреченост во развојот и
- Тешкоти во учењето и однесувањето како резултат на специфични дефекти на поединците.

Во групата на тешкотиите во учењето и однесувањето како резултат на одделни специфични дефекти во развојот спаѓаат :ментална ретардираност,физичка попреченост,нарушување на говор и слух,визуелни нарушувања и комбинирани попречености.Овие форми на попреченост го отежнуваат, а понекогаш и оневозможуваат стекнувањето со искуства што му се потребни на детето за самостоен живот. Затоа е потребно да се откриваат порано развојните нарушувања,да се познаваат спецификите на попреченост во однос на образованието и да се избегнат негативните емоционални реакции на детето поради доживувањата на неуспехот.

Менталната ретардација е состојба во која значително е отежнето учеството на детето во општествениот живот ,поради запоставувањето или нецелосниот развој на интелектуалното функционирање.Тоа се дели на три категории:

- Тешка, до умерена ретардација (со интелектуален дефицит,децата покажуваат и ограничена моќ на способност ,ограничувања на говорот ,комуникација и задоволување на основните потреби);
- лесна ментална ретардација(децата можат да стекнуваат и основно и стручно образование до одредена категорија,но побавно во подоцнежната возраст);
- граничните случаи(тука припаѓаат оние деца кои ,ако успешно се справат со социјалната адаптација ,не се разликуваат од другите деца).

Одликите на лесната ментална ретардација се манифестираат како намалена вербална способност и способност за разбирање,ниво на конкретни мисли ,тешкотии во центарот на вниманието и фокусот на вниманието ,тешкотии во меморијата ,потешкотии во изнаоѓање на добри стратегии за учење ,ниско самопочитување и лошата слика за себе.

Според тоа, наставникот во работа со таквите деца треба да говори со кратки и јасни реченици со познатите зборови,да дава живи сетилни информаци,да се работи со конкретен материјал,да се толерира потребата да се биде во центарот на вниманието,често да се менуваат активностите, да се повторуваат инструкциите,долго да се чека одговорот,да побара дополнителни прашања,да се учат добри стратеги на учење како и развивање самодоверба и позитивна слика за себе .

Децата со тешкотии во развојот ,мора да се интегрираат во општеството,да ја посетуваат наставата во основните училишта со децата без пречки во развојот ,а во истклучителните случаи на средна и тешка ретардација треба да посетуваат настава во специјални институции.Главната цел на интеграцијата е желбата за нормалности.Наставната клима во училницата мора да биде прилагодена како и наставата со лицата со хендикеп, кои може да доживеат некој успех и напредок ,со цел да се избегнат негативните ставови на нивните другари од училницата.Правилните ставови на наставниците се: да не се потикнува натпреварувачка клима во училницата,реалистичко дефинирање и очекување на успехот ,постојано да се зголемува успехот и искуството и учењето преку најдобрите форми на учење.

Постојат два типа на специфични тешкотии во учењето :

- Основна/примарна попреченост на учењето , предизвикана од биолошките фактори;
- Секундарна неспособност за учење која ја предизвикуваат небиолошките фактори.

Примарната неспособност за учењето е последица на наследен дефект на централниот нервен систем ,кога детето не може да разбере или не се сеќава на симболот т.е.буквите кои симболизираат гласови ,броеви кои симболизират количина .

Секундарната неуспешност на учење е условена од некои фактори на животната средина, на пр. недостатокот на мотивација ,страв,негативна слика за себе ,чувство на беспомошност.Специфичностите на тешкотиите за учење ,вклучуваат тешкотии при пишувањето ,читањето и основните пресметковни операции покрај нормалната интелегенција и стимулирање на социјалната средина .Тука спаѓаат:

- **Дислексија** (тешкотии во читањето);
- **Дисграфија** (тешкотии во пишувањето)и
- **дискалкулија** (тешкотии во математика).

Голем број на деца со специфични тешкотии се откриваат откако ќе тргнат во училиште, кога се согледува дека детето не може да ја совладува училишната програма и имаат тешкотии со следењето на наставата.Една од првите задачи на наставникот е да ги запознае родителите со тешкотиите на нивното дете. Треба да им се помогне да ја сфатат сериозно ситуацијата,да го прифатат детето и да му се помогне во социјалната интеграција .Она што може наставникот да направи да би им помогнал на таквите деца е следното:

- Да ги определува нивоата на знаењата и почнува да работи на оваа категорија;
- да им дава на децата темелна подготовка пред тестирање, а се преферира усно испитување;
- да се прилагодат писмени задачи (повеќе да чита и да се појаснат упатствата,помалку задачи),што укажува на внимание и разбирање за тешкотиите на детето;
- да не му дава многу задачи ;
- да не го тера на гласно читање или пишување на табла ,ако сам не сака ,да изгради позитивна клима кон тоа дете.

Вреднувањето на работата има посебно значење и за детето и за родителите ,бидејќи оценката поттикнува на поголема посветеност,создава верба во сопствената способност. Учениците со тешкотии во развојот и со тешкотии во учењето бараат посебен третман, прилагодување на наставната програма ,тимска работа на наставникот и стручните

соработници .На тој начин овие ученици максимално би ги искористиле сите свои потенцијали и би ги развиле своите способности.За таквите деца најадекватно е да се ангажира индивидуална настава со дефектолог кој најдобро ги разбира нивните потреби.

1.4. Мултикултурното образование и демократија како современа потреба

Под мултикултурно образование, подразбираме образование кое што треба да помогне во надминувањето на стереотипите ,предрасудите ,недовербата помеѓу различни национални и културни групи во етнички и хетерогени општества ,како и да ја поттикне отвореноста кон културните придобивки на различните народи ширум светот ,што пак потоа ќе биде платформата за градењето на конструктивни и соработнички односи и релации.,, Развојот , иновирањето и трансформирањето на воспитно-образовниот систем во современи услови на живеење се повеќе се заснова врз развојните карактеристики на општествено-демократските,економските,научно-техничките и технолошките појави и промени во кои едукативниот систем се повеќе добива нагласен и рамноправен однос што го забрзува целокупниот развој на воспитанието и образованието,,[10]

Под влијание на очекувањата и динамичните промени кои се поставени пред сите општествени структури и заедници кои се стремат кон здобивањето со епитетите современи ,отворени,демократски ,се наметна потребата од согледувањето на улогата на воспитанието и образованието во процесот на градењето на мултикултуралниот поглед кон светот врз основа на предходно развиена осетливост и свест за позицијата и односот помеѓу ,,јас и другиот,,

Образованието се појавува и како услов на демократијата и како нејзин составен дел .Како најголем непријател на демократијата е недостатокот на образованието за сите.Демократијата сака образовани луѓе,компетентни и способни да ги испитуваат проблемите и да ја оценуваат демократијата .Без образование, поединците не ќе бидат во

[10] Современи тенденции во образованието .IV Меѓународен научен собир,Јуни 2008,Охрид стр 77

состојба да ги користат своите демократски права и одговорности на адекватен начин,што може да биде погубно за демократијата.Еднаквоста меѓу луѓето ,иако е прокламирана ,ќе остане само виртуелна ,ако луѓето не бидат способни да ја осудуваат нееднаквоста меѓу себе.Во услови кога се уште се бара вистинскиот, оптималниот модус за креирање на квалитетна,применлива,одржлива политика на културни разлики во многубројните општествени заедници (дури се има впечаток за нејзиното градење по пат на обиди и грешки во одредени општества),сферата на образованието и воспитанието може да се

идентификува како оправдано повикана, да го превземе кормилото во создавањето и водењето на стратегијата за промовирањето на мултикултурализмот низ сите степени на образованиот систем,користејќи ја токму својата предност за реализирањето на оваа суптилна задача низ една спонтана,природна, а не вештачки наметната форма, која се темели на мноштвото можности вградени во рамките на рационалните програми,законските рамки со кои се регулира воспитно-образованата дејност,како и сензибилизираноста на кадрите за важноста на истата.

„Се наоѓаме насред епоха каде интересот ја заменува должноста,вообичаените концепти на социјално живеење се заменуваат со индивидуализација и експеримент,во време кога перцепцијата на младите луѓе за сопствениот развој се согледува како серија на животни проекти„[11]Мошне е важно да се нагласи дека нашиот стремеж треба да биде концептот на интеркултурното образование ,како природна последица на интеркултурно општество, односно заедница во којашто се развиени силни и квалитетни интеракциски врски и соработка помеѓу сите културни ,национални,верски групи и суб-групи.Република Македонија своите предизвици ги препознава во јакнењето на меѓуетничката и културната соработка;негување на културната разлика и различноста на вредностите;обезбедување на образовна рамноправност ,унапредување на културата на живеење;охрабрување на социјалната инклузија и партиципација;промовирање на социјална кохезија и здружување:промовирање на индивидуален и културен идентитет во амбиентот на мултикултурно опкружување.Нагласено е дека низ образовната дејност ќе треба да се одговори на предизвиците како што се потребата за меѓусебно зближување и разбирање што ќе придонесе за појавата на билингвизмот и мултилингвизмот како

[11] Исто стр 131

вообичаеност во воспитно-образовниот систем во Р.Македонија.Како прв чекор во таа насока е да ги отфрлиме,преку образованието,но и преку јавното дејствување (како што се трибини,дебати и сл) лаичкиот отпор и стравот кон мултикултурализмот.Но мултикултурализмот не е политика само на малцинските култури и заедници,туку на сите што живеат во едно општество во услови на демократија.

2.Управувањето со демократските процеси во наставата

„ОНОЈ КОЈ ПОДУЧУВА ДРУГИ,НЕ СМЕЕ ДА ПРЕСТАНЕ ДА УЧИ"

- JON COTTON DANA

2. Управувањето со демократските процеси во наставата

Да се биде наставник е голема одговорност.Кога човек ќе се одлучи да стане наставник, тој превзема таква голема одговорност и сваќа дека таа е континуирана и дека значително влијае на нашиот потенцијал да бидеме успешни како наставници ,и им помага на нашите ученици да го достигнат својот потенцијал .Во случај да е некое одделение домотивирано или не соработува ,како прво место кај што треба да ги побараме причините за ова е во нас како наставници.

За да биде наставникот добар и успешен во воспитно-образовниот процес треба да има некои добри и потребни особини .Меѓу особините на наставникот се наоѓа и системот на особини што го артикулира персоналниот пример, кој има големо значење **кога се** работи за наставникот .Тој треба да дејствува и како компаративна вредност за ученикот во врска со гледиштата за светот .Тој треба да биде морален пример за неговите ученици.Тој е пример на особините на универзалниот карактер од една страна и специфичните особини за дејството и образованието од друга страна .

Во многу земји евидентно е обидувањето за да се решаваат поединечните проблеми во сферата на образованието и усовршувањето на наставниците, со воведувањето на посебните програми-ИНСЕТ (комбинирано иницијално и понатамошно стручно усовршување), во чии рамки училницата се гледа како „лабораторија на курикулумот„каде што наставниците ја истражуваат својата сопствена пракса.Сакале да признаеме или не евидентно е дека последните децении,скоро сите европски земји се занимавале со улогата,положбата , образованието и усовршувањето на наставниците.Се разбира дека тука спаѓа и нашата земја,каде што со помош на многу проекти донирани од странските земји се обучуваат наставниците преку разни семинари за што побрзо да се вклопат во изведувањето на современата и демократската настава.

Прашањата што заслужуваат најголемо внимание се:

- Во што се состои и гледа специфичноста на улогата на наставникот во образованието за граѓанско општество и демократија?
- Во што се разликува овој наставник од другите предметни наставници?

- Дали станува збор за „партнерски односи„ помеѓу наставниците и учениците?

Најголемите ефекти на партнерскиот пристап се остваруваат тогаш кога наставникот работи со цел да му помогне на ученикот да дојде до сопствената цел,односно до разбирањата и изградувањата на соодветниот систем на знаењата,вештините и вредностите.

Значи ,првиот и можеби најсилен начин на кој наставникот му помага на ученикот во процесот на учење е поставување на силен и позитивен пример со тоа што секој ден ќе го покажува,и во најмалите зборови и дела,начинот на кој го цениме овој свет и се во него , како се интересираме за него ,и како реагираме на него и како го прифачаме .Ова значи дека наставникот мора, пред се,да биде ученик;отворен за нови идеи и концепти; преку распрашување за тие идеи и концепти ,и ентузијаст да го сподели овој процес со другите.

Ако еден наставник делува како позитивен модел на своите ученици,тогаш важи и за другите и тие треба такви да бидат. Тоа не е условено со предметот туку со квалитетот на работата,вештината на комуникацијата и залагањето кое му е потребно на секој наставник.Интерактивните методи на работата и опуштената атмосфера во текот на наставата карактеристични се за работата на секој наставник, а не само за наставниците на граѓанското образобание.Големото интересирање и концентрација на учениците се нешто што треба уште повеќе да ги мобилизира сите наставници, бидејќи тоа им дава на наставниците повеќе желба за подобро и подемократско однесување кон учениците.

Многу важна цел на современите училишта е да се образуваат и воспитуваат младите за демократија и живот во граѓанското општество,чиј резултат треба да биде развивањето на демократската личност.Евидентно е дека учениците кои ги прифаќаат демократските вредности ги карактеризира толеранцијата,неавторитарноста и некомформизмот,додека демократската ориентација негативно е поврзана со авторитаризмот и конформизмот. Придонесот на училиштата за развојот на автономијата на учениците ,во голема мерка зависи од наставниците и целите кои тие ги поставуват пред нивната задача.„Училиштето е основна организациска клетка на која се темели образовниот систем во една држава , па така промените треба да започнат токму од училиштето„

Активното учество на учениците во училишниот живот и одлучувањето представува еден од начините за подржување на автономијата и одговорноста на учениците.За тоа постојат можности ,но истражувањата покажуваат дека тие можности не се искористуваат доволно.,,Современата педагошка мисла постојано трага по нови модели,техники и стратегии со кои наставникот ќе може успешно да го менаџира одделението,,[12]

За можностите на наставниците да креираат психосоцијална клима која ќе биде помалку или повеќе демократска говори податокот дека подобрувањето на односите меѓу учениците и наставниците е една од најсаканите промени кои учениците сакаат да се применуваат во училиштата како би се чувствувале и би учеле подобро.Според тоа учениците би сакале нивните наставници да имаат поголемо разбирање за младите и нивните лични проблеми , повеќе да ги почитуваат нивните мислења, со наставниците да можаат да разговарат и за теми кои не се во врска со наставните содржини.

Како и во повеќе образовни системи во светот така и кај нас знаењата за демократијата во нашите основни и средни училишта се вградени во повеќе предмети од општествените науки каде што нивниот допринос на образованието за демократија може да се потврди со анализирањето на наставните содржини во наставните планови и програми и на учениците. За жал кога се зборува за образовниот систем во нашата земја, б може да се заклучи дека целокупното образование наидува на голем број проблеми.Заради тоа во досегашниот период во многу европски земјии, особено оние кои се наоѓаат во процесот на транзиција, се говори за воспоставување на ефективни училишта , училишта по мерка на ученикот , училишта без слаби оценки , креативни училишта , демократски и слично.

Денес кога во нашата земја интензивно се одвиват процеси на дидактичко иновирање во воспитно-образовната работа во училиштата, професионалниот развој на наставниците станува посебно актуелен. Најзначаен носител на нов квалитет на образованието е токму наставникот. Затоа , приоритет е даден на перманентното стручно усовршунање на кадрите во образованието.Наставникот треба да биде водител , воспитувач , коцентратор и иницијатор кој учениците ги осамосталува критички да мислат , истражуваат, поучуваат, да прашуваат, експериментираат, помислуваат, да прават стратегија во решавањето на

[12] Современи тенденции во образованието .IV Меѓународен научен собир,Јуни 2008,Охрид стр 27

проблемите.Неслучајно е и тоа дека наставникот треба да биде добар менаџер на воспитнообразовниот процес.,,Способниот менаџер треба да владее со дадената ситуација и да придонесе за остварување на однапред поставените цели,,[13]

,,Наставниците можат да бидат солидни во предметот што го предаваат, но не можат да бидат успешни доколку ја занемаруваат воспитната функција,,.На наставникот му припаѓа најглавното и најзначајното место во процесот на формирањето на демократските односи и ставови на учениците во наставата.Тој треба да ги трансформира и унапредува недемократските односи и ставови кон демократски. Наставникот ги образува учениците со посредството на своите знаења, а ги воспитува со силата на својата личност . Во тој контекст согледувањето и проучувањето на актуелните училишни пракси и состојби во нив , кога е во прашање состојбата на демократските ставови на учениците и наставниците е од голема важност .Впечатокот на влијанието на наставникот на формирањето и модификацијата на демократските ставови на учениците е од големо значање, може да се рече и клучно , иако многу е тешко да се индентификува или измери .Многумина рекле, а некои и се убедени дека после родителите, наставникот има најголемо влианије кон децата и од одлучноста на наставниците зависи колку ќе учат учениците.

Ставовите кон демократските вредности кои се предмет на учењето подложни се на влијанието на условите каде што се одвива процесот на учењето , од физичките удобности на училницата , до самата појава на наставникот и неговите врски со тие млади луѓе.Познатиот Јан Амос Коменски ја сметал за света работа наставничката должност, истакнувајќи дека наставникот мора да биде чесен , вреден , со добра волја , мора да ги поседува сите оние карактеристики кои сака да ги развива кај своите ученици.Дистервег рекол дека наставникот за училиштето е исто што сонцето за земјата.Бјелински рекол дека зборот наставник, значи нешто големо и свето бидејќи во неговите раце е судбината на целиот човеков живот.,,Нема квалитетно образование без квалитетен наставен кадар,,

Од сето тоа што го спомнавме во состав на сваќањата на улогата на наставниците прокламираме трансформирање на училиштата од фабрики на знаења, во институции за

[13] Гоцевски Трајан:,,Образовен менаџмент,, (Трето дополнително и изменето изданије), 2007,Скопје стр.39

демократски развој, воспитание и образование на млади луѓе на демократските принципи.

2.1. Демократските ставови на учениците

Мораме да се осигураме дека училницата како најнепосредна околина го стимулира учењето во секоја смисла и му овозможува на ученикот активно да се впушти во процесот на учење.Мораме да создадеме време за можности за проширени ученички активности , и време за терапевски активности и за самопознавање.треба да инсистираме на детските прашања наместо на да ги толерираме .Треба да им дадеме време да истражуваат ,да откриваат,да тестираат ,и да успеваат.

Една од основните претпоставки на демократизацијата на воспитно-образовниот процес е воспоставување на тој процес на ненасилна комуникација .Што се однесува до односите ,важно е меѓу личностите кои комуницираат да биде воспоставена клима на доверба .Не може да зборуваме за хумана комуникација во односот во кој недостига доверба .Недостигот на доверба создава психички шум ,невидлива бариера која му пречи или го онеспособува успешното комуницирање.,,Можеме да кажеме дека нема потполно исти стилови и дека еден ист наставник во различни ситуации може различно да се однесува ,всушност така и треба,,.[14]

Во процесот на реформите во образованието најчесто се потставуваат прашањата:

- Каква е улогата на наставникот и на ученикот?
- Зошто и едните и другите одат во училиште?Зошто наставникот треба да ги познава своите ученици?
- Од што да се раководи во научувањето?
- Како да се активираат и учениците,или и едните и другите што и како да сепланира?

[14] Братаниќ,М.,(1993). Микропедагогија .Интеракциско-комуникацијски аспект одгоја ,Школска књига,Загреб,стр.100.

- Какви вредности ,права, закони и определби не се потребни?Како да му се радуваме на училиштето?
- Што треба да прави наставникот?
- Да образува или да воспитува?
- Каква треба да биде соработката меѓу ученикот и наставникот?

Современото образование,со цел да разреши поголем дел од поставените дилеми,користи најразлични стратегии.Современиот наставник е свесен за фактот дека научувањето – наставата не се состои само од вербално пренесување на знаењето и негово толкување и дека учењето не се ограничува само на нерефлектирачко запеметување на фактите.Тој процес бара од ученикот и од наставникот мисловна ангажираност и дејствување. Во современата дидактичка наука се предлагаат,на пример: 101 начини и стратегии за учење, благодарение на што учењето ќе стане плодно ,задоволувачко и трајно.

На традиционалната настава и недостасува радозналост, иницијативност,спонтавност, толеранција, критично мислење,храброст,склоност кон ризик,стрпливност, флексибилност, различен начин на размислување и разни можности за решавање на училишните и образовни проблеми. Голем број наставници, во традиционалната настава настојуваат да ги исполнат часовите со свој говор,мислење,давање оценки за работата на учениците,верувајќи дека со тоа полесно ги решаваат ученичките проблеми.

Современото образование бара подруг вид настава.Во согласност со брзиот технолошко-технички и научен развој на општеството,се поинтензивно се трага по нови стратегии,нови модели и форми кои ќе се спротивстават на традиционалниот образовен модел и ќе придонесат за посовремена и поатрактивна настава,како одговор на многуте поставени дилеми.Песталоци зборува за развојот на мислата,срцето и рацете преку активно делување на ученикот во наставата.Современата настава,за која најчесто се вели дека е и креативна настава ,како клучна определба ја зема афирмацијата на креативната активност на ученикот и на наставникот во образовниот процес.Современата настава не поднесува шаблонизирање,туку бара флексибилност и отвореност кон ново,интересно,отворена кон нови форми и средства кои ќе потикнуваат на развој и творечка способност кај учениците како и креативна улога на наставникот во комуникацијата со учениците.

Примената на стратегијата на т.н.активно учење подразбира ,пред се, потпирање на сопствените знаења на ученикот.Активното учење се состои во барање и истражување на проблеми,потпрени на сопствена анализа а такви активности и на наставникот и на ученикот го поттикнуваат општото мислење.Тоа значи дека и ученикот работи.Ученикот е научно активен.Наставникот дава инспирација за ученичката активност,ја насочува, поттикнува поддржува,стимулира и ја контролира.

Ваквиот модел на взаемно учење,промовиран денеска,честопати предизвикува и дискусија во врска со тоа колку ученикот е во состојба да може да открие што,всушност,е ново во определена предметна област ? Колку неговото откритие ќа биде ново ефективно и економично?Така,во зависност од целта на наставата и индивидуалните предиспозиции на ученикот,наставникот е должен да обезбеди порезултативна,поефективна стратегија во процесот на взаемното учење на ученикот.Ако сака да му пренесе на ученикот резултат и традиција тогаш ќе примени,,конвенционално научување,,ако пак сака да постигне индивидуално научување кај ученикот ќе примени активно учење преку практично откривање на проблемот.Активирањето на ученикот бара од наставникот разни форми на работа и комуникација.Меѓу најчесто користени форми во современата настава спаѓа

проблемската настава, во која учениците самостојно или пак под раководство на наставникот го решаваат зададениот проблем,користејќи ги најчесто хеуристичките методи или методи на алгоритам.Во современиот воспитно –образовен процес учениците учат полесно и со поголемо задоволство тогаш кога не чуствуваат подреденост,кога имаат чувство дека наставникот е на ,,нивна страна,,.Најголема мотивација за ученикот е ако тој биде соодветно награден за својата работа.Во такви ситуации наставникот е со учениците и заеднички ги доживуваат убавите моменти.

Ваквиот вид учење бара многу блиска соработка меѓу ученикот и наставникот,најчесто партнерски однос,заемна одговорност,заеднички интерес,желба за меѓусебна помош итн. Ваквиот модел на настава се спротиставува на традиционалниот модел во кој ученикот има подредена улога. Во процесот на активирање на учениците за посамостојно учење,во современата настава се користи и методот на учење среде постари и посолидни ученици.Во тој случај ,наставникот му дозволува на ученикот да има улога на наставник.На тој начин, ученикот има можност не само да го научии и да го разбере

материјалот ,но и да може практично да го примени тоа значење.Може да се случи ученикот полесно да дојде до решение на проблемот.Таквиот активен ученик може да научи информативно:читајќи реферат ,раскажувајќи за своите доживувањеа,покажувајќи направени предмети од него итн;заменувајќи го на тој начин својот наставник.Ваквата форма на соработка меѓу ученик и наставник е особено применлива во групната форма на работење,кога тимот под раководство на својот ,,лидер,, ги оформува резултататите од откритијата,пронајдоците ,раководи со организацијата (во стручните,на пример,училишта),подготвува разни видови заедничка работа врз даден проект ,изработува програма за истражување и сл.Во процесот на ваквото учење учат подеднакво сите, па така може да се случи да научи нешто ново и самиот наставник од своите ученици.Имено,преку учењето на други, ученикот станува учител на самиот себеси.А бидејќи училиштето има обврски да воведува и да реализира најразлични форми на наставната работа,тогаш ваквиот вид настава е во прилог на современото учење.Ваквата активна улога и на наставникот и на ученикот му одговара на модерниот начин на идивидуализација на потребите на ученикот.Што порано се активира ученикот тоа е подобро за него и за неговиот наставник .Проблемот на самоучење, непосредно доаѓање до нови знаења како да е императив на современата настава.Но тоа не треба да значи дека максималното користење на активноста на наставникот треба да биде разбрана како ,,самоволие,, во наставата.

Така,врз основа на досега кажаното за некои од современите форми во наставата, може да се каже дека и двете стратегии –конвенционалната и практичната,ќе најдат соодветно место во реформираната современа настава. Најголема активност кај ученикот развиваат методи за непосредно –директно откривање од негова страна, откривања и истражувања така, како што тоа го прави научниот работник и иноваторот.Тука ,особено место имаат експериментите по природните науки . Во училиште е најлесно ,најбезбедно и најефективно практикувањето на лабораториските испитувања и анализи во кои ученикот е во голема мера самостоен.Него го надгледува и неговата работа ја координира наставникот.Тие заедно експериментиратат. ,,Но истовремено ,неопходно е самиот ученик да ја почуствува потребата да биде воведен,односно да го свати значењето

на традицијата како значаен фактор во неговиот развиток ,како и самиот и на сопствен начин да ја увиди поврзаноста меѓу средствата и постигнатите цели во минатото,,[15]

Но, за жал ,во современото училиште можностите за ваквата самостојна работа се уште се ограничени .Секојдневната активност на учениците, наставникот ја остварува и преку домашните задачи.Понекогаш, ваквите зададени задачи од страна на наставникот го ангажираат и семејството ,соседите или пак пријателите,се со цел да се разреши или да се изврши истражувањето (анкета ,опис,собирање податоци и сл)На пример : Направи мал речник на зборови со кои се именуваат јадењата во твојот регион! Домашната задача за активирање на ученикот е активност и на наставникот,затоа што во определување на темата,начинот на спроведување на истражувањето ,целите на истражувањето и сл, се и активност на наставникот. Тоа е и целта.Активното подготвување подразбира,најчесто собирање материјал, податоци,извори и примена на резултатите .На тој начин може да дојде до поделба на улогите во заедничката активнист на ученикот и на наставникот.

2.2. Развојот на психосоцијалната и демократската клима на учениците

Мора да спомнеме дека ние како наставници ,имаме голема одговорност и огромна можност да влијаеме на начинот на кој учениците го гледаат светот.Можеме со сигурност да кажеме дека ние сериозно можеме да го промениме начинот на кој нашите деца го гледаат светот.Но тоа е една од нашите најголеми одговорности-да се осигураме дека нашите деца имаат широк и урамнотежен поглед на светот,кој е основан врз вистински искуства од прва рака.

Едукацијата ќе им помогне на децата и на учениците да станат свесни за своите права и да ја запознаат законската регулатива ,којашто ги штити нивните права за на пазарот да се однесуваат рационално и ефективно и во случај на измама,да бараат обесштетување.Едукацијата оди во прилог и на процесот за создавање граѓанско право ,

[15] Миовска-Спасева,С.,,Прагматичката педагогија и основното образование,,Скопје,2005 стр 165

кое ќе ја разбира својата улога во економските и во општествените текови и кое ќе може да влијае врз нив.Во училницата на децата им треба време и поттик за да влезат во интеракции со другите,како со нивните врсници така и со возрасните,во најразлични ситуации и контексти.Во раните години на формалното образование,треба силно да се нагласи разговарањето и играњето,особено оној тип на игри кои би им овозможиле на децата да бидат во различни улоги.Со тоа тие учат да разбират како е да се биде некој друг;учат емпатија,толеранција и прифаќање на другите.Преку разговор и наменска игра децата учат да си ги истражуваат чуствата,мислите,верувањата, мислењата за другите, го прилагодуваат својот поглед на светот и себеси од аспект на овие дискусии.Учат да споделуваат,да се предизвикуваат себеси и да си утврдуваат сопствени животни стандарди.Учат да развиваат врски од корист за двете страни,соработувајќи со другите, на таков начин што ќе извлечат нешто за себе,а ќе им пружат нешто на другите.Мораме да се осигураме дека им се дава доволно можност на овие активности во училницата и дека кај што постојат овие интеракции,тие се сваќаат како позитивни карактеристики на детските активности, на место нешто што ја попречува шемата на наставникот,,(кое понекогаш се нарекува и наставна програма!).Со цел да се овозможи ова,мора да постои баланс помеѓу активностите наменети за целото одделение, за децата да имаат можност да работат заедно во големи и мали групи,во парови или насамо.Можностите да се дискутираат овие интеракции,независно дали се случуваат во училницата,дома или на игралиштето,треба секогаш да се искористат за децата да можат самите да извлечат заклучоци и за сопствените и за искуствата на другите.Треба да се носат посетители во училницата за децата да можат да си го прошират разбирањето на другите во свој свет,како на пример една слепа личност,мајка со дете,религиозни учители(од различни религии),бизнис менаџери итн.Децата требат да се извадат надвор во средината за да се сретнат и да контактираат со другите,за да можат да сватат како другите го гледаат светот како функционираат во него.

Мораме,значи уште еднаш да им дадеме широк и рамномерен збир од искуства и активности на нашите деца за тие да можат да развијат широк и рамномерен поглед на светот и нивната улога во него.

Нема сомневање дека училиштата како и другите заедници (како што се семејството ,групи на врсници ,работните организаци и др.) се разликуват меѓусебно во поглед на

психосоциална клима која може да биде повеќе или помалку поволна, односно неповолна. Училиштето во кое владее поволна психосоцијална клима ,учениците го доживуваат како пријателска средина во која се чувствуваат прифатени и пожелни и кон него имаат позитивни ставови . До колку психосоцијалната клима на училиштето е не-поволна , учениците таквата средина ја доживуваат како непријателска,имаат негативни ставови и отпор спрема училиштето што негативно влиае врз остварувањето на воспитно образовните цели на училиштето .Показателите на позитивната клима во училиштето се взаемно почитување на ученикот и наставникот, коректни односи меѓу членовите на училишниот колектив ,успешна соработка на училиштето и родителите .Поволната клима во училницата, ја карактеризира кохезивноста и солидарноста маѓу учениците ,што меѓу останатото ,значи да нема изолирани и отфрлени ученици,учениците можат да се надеват на помош и разбирање меѓусебно,да имат разбирање за другарите од училницата ,а исто така се и сами подготвени да дадат помош и подршка .

Во условите на психосоцијална клима ,учениците активно учествуваат во работата на училишниот час ,слободно ги изразуват своите потреби ,имаат чувство дека му припаѓаат на училиштето и училницата(одделението) .Една од карактеристиките на поволната клима е кога учениците активно учествуваат во работата на часот, слободно ги изразуваат своите мислења и потреби,имаат чувство дека му припаѓаат на училиштето и на одделението.Друга карактеристика на поволната психо-социјалната клима е уважувањето на различностите ,што се исполнуват преку толерантен однос на наставникот и ученикот,према учениците со посебни потреби и оние кои поради некои специфични карактеристики се разликуваат од повеќето ученици (деца од социјални депримирани семејства,бегалците,припадниците на другите народи,раси вери и др.).Позитивните ставови на ученикот спрема училиштето и наставниците ,кои се последици на поволните училишни клими упатуваат на редовно одење на училиште , повеќе постигнувања на ученикот,како и на нивната поголема спремност за учествување во другите училишни активности.Во училиштата во кои социјалната клима е неповолна се застапени различни агресивни и асоцијални однесувања како што се тепање ,крадење ,уништување на училишниот инвентар ,користејќи алкохол,дрога ,запоставување на ученици од страна на други ученици или наставници,како и запоставување на наставниците од страна на учениците.Истражувањата покажуваат дека незадоволството

од наставниците и нивните постапки се поврзани со склоноста кон оштетување на училишната сопственост ,иако вандализмот е помалку изразен во училиштата со помал број на ученици ,што се објаснува со задоволство на учениците во вкупната училишна атмосфера за која се претпоставува дека е поволна во помалите училишта . Од друга страна поволната социјална клима допринесува на развојот и исполнува со просоцијални однесувања како што се солидарност,грижа и взаемното помагање.Секако ,поларизацијата на поволна и неповолната социјална клима, премногу е груба и не е едноставна. Разликите меѓу училиштата не се само на основот на критериумите на поволните социјални клими .Училиштата се разликуват меѓусебно и од аспект на начинот на работата,комуникациски и образовни цели,доминантни вредности ,стилот на животот на учениците.

Кога станува збор за климата во одделението ,од посебно значење е стилот на наставата и начинот на роковдењето со одделението ,како и личните карактеристики и целокупното однесување на наставниците .Стилот на однесувањето на наставниците во вербалната комуникација со учениците може да биде директивен и недирективен. Недирективниот стил на однесување значи дека наставникот води грижа за потребите на учениците ,ги прифаќа идеите и предлозите на учениците, ги подржува и пофалува и ги мотивира, додека наставникот што го карактеризира директивен стил, ги пренасочува однесувањата и активностите на учениците,дава објаснувања и упатства ,опоменува и критикува .

2.3.Правата на учениците и улогата на наставникот во нивното остварување

Со Конвенцијата за правата на детето ,на детето како субјект на правата ,му се признава правото на учествување ,т.е. да биде сослушано и консултирано во врска со сите работи и одлуките кои го интересираат.Учествувањето на детето , најчесто се оспорува од страна на возрасните (како од родителите ,така и од наставниците),а еден од најчестите аргументи против партиципацијата во училишниот контекст е дека таа доведува до непочитување на правилата и потполното омаловажување на наставничкиот

авторитет.Со ова се подразбира односот на партиципацијата и два различни видови на авторитети: оној кој се заснова на стравот(казнувачки) и оној кој се заснова на почитувањето(поддржувачки),како и барањата кои партиципацијата ги става пред наставникот;редефинирањето на својата улога и улогата на ученикот ,комуникациските компетенции и вештините на конструктивното разрешување на проблемите ,водење грижа за најдобриот интерес на детето и редефинирање на авторитативниот поим ,т.е.,основање на авторитетот на почитување ,разбирање и чувство за ученичките барања ,партнерскиот однос и често мотивирање на нивниот развој.

Конвенцијата за правата на детето ,како прв меѓународен документ ,кој посебно се грижи за правата на детето и кој има обврзувачки карактер , го воведува поимот на партиципација ,гарантирајќи му ги на таков начин на детето и правата кои спаѓаат во групата на гранѓанските права.

Партиципацијата во конвенцијата за правата на детето е сватена на три нивоа:

- Како еден од четирите основни принципи на конвенцијата ,покрај правото на живот,правото на опстанок и развој,(член 6),недискриминација (член2) и најдобриот интерес на детето(член3)
- Како група на партиципативните права која експлицитно или имплицитно ја подразбираат партиципацијата ,како што се:правото на информирање (член 17),слободата на собирањето (член15) ,слободата на изразувањето ,(член13),правото на приватност (член16),образованието кое ќе ги промовира вредностите на човековите права и демократија (член29),правото на слободното изразување и верска припадност(член 14), и др.
- Како посебен член (член12)во кој се кажува дека детето има право на слободно изразување на сопственото мислење и правото за неговото мислење да се земе во предвид во сите работи и постапки кои го интересираат.

Основните начела на овој принцип се:

-детето е способно да ги изразува своите мислења во склоп на својата возраст и развојните можности;

-детето треба да ги изрази своите мислења за сите работи кои го интересираат .Ова бара од возрасните да размислуваат многу пошироко за оние работи кои би требало да се во непосредниот интерес на детето, да прифатат дека постојат многубројни области од

непосредниот интерес за детето(освен изборот на игрите , како што вообичаено се мсли)во кои тоа може да го искаже своето мислење.Детето треба да биде во состојба да го изрази своето мислење .Возрасните имаат обврска да овозможуваат слободно изразување на децата , така што ќе креираат сигурна средина за такво нешто.

-на детското мислење се посветува внимание и детското мислење се почитува . Ова не значи дека треба безрезервно излегување во пресрет на детските барања , но значи дека детското мислење се зема во предвид како релативна можност за донесување на одлуки кои непосредно се важни за нив .

Процесот на партиципацијата значи слушање и уважување на тоа што децата имаат да кажуват , треба да им се даде простор да ги изразат своите мислења и да се земат во предвид нивните можности и развитокот ,да учествуваат во процесот на донесување на одлуки за работите кои се важни за нив . Идејата за правото на партиципација наидува на многубројни отпори ,како во семејната ,така и во училишната средина , бидејќи го става на проба традиционалното верување дека детето не е зрело, не е спремно да го изразува своето мислење за било што освен за некои незначајни работи, дека е неодговорно да учествува во сложени процеси на одлучувања .Еден од најчестите корисни аргументи е дека партиципацијата на детето доведува до состојба на анархија во која на децата , за разлика од возрасните , ќе им биде се дозволено и дека на возрасните потполно ќе им се изгуби авторитетот.Овој аргумент е подеднакво користен и кога е во прашање партиципацијата во семејството и кога станува збор за партиципацијата во училиштето.

2.3.1.Односот на партиципацијата и авторитетот на наставниците

Принципот на партипициципација посакува редовно редефинирање на улогата и авторитетот на наставникот и редовно преиспитување на барањата, поставени на учениците во смисла дали барањата се навистина за неговиот најдобар интерес.

Поимот автотритет на возрасните , било да се зборува за родител или наставник е нешто што само посебе се подразбира и е многу важно да постои во процесот на развојот и

образованието на детето, а можноста авторитетот да се загрози на било кој начин поттикнува многубројни реакции и стравови.

Пред да се види односот на детската партиципација и **авторитетот на возрасните (наставникот)** , треба нешто да се каже за двата вида на авторитет кои би можеле да се именуваат како :

- **авторитет заснован од страв (казнување) и**
- **авторитет заснован од почитување (подржување).**

2.3.2.Авторитет кој е заснован врз основа на казнување

Овој авторитет кај децата развива послушност која се базира на страв од казни и последиците кои ќе произлезат доколку детето се однесува на начин којне е во склоп со очекувањата на наставниците.Овој тип на авторитет произлегува од :

а) наставниковата моќ на учениците да им доделува она што им е потребно или што сакаат (награди).

б) наставниковата моќ да изразува непријатност , чувство на вина, срам или болка кај ученикот (казна).

Овој авторитет е вперен кон контролата на детето , тргнува од јасно (но едносмерно) дефинирани правила и санкции кои следуваат за непочитување на таквите правила, а целокупниот однос се сведува на контрола на детето, со цел да се придржува на дадените правила.Овој авторитет се базира на сликата за детето како пасивна, незрела и неодговорна личност , која со системот на награда , а особено со казна – ја учиме да стане позрела, поодговорна и активна . Она што се случува кога овој вид на авторитет се користи е во директна спротивност со целите на развојот .Децата-ученици развиваат надворешна мотивација , причини поради кои нешто работи – неработи , учат од надвор , во просторот на системи на наградување или казнување . Развојот на надворешната контрола го спречува развојот на зрелите форми на самостојното и одговорното однесување . Иако е за краткорочна или брза промена на однесувањето ,системот на наградување и казнување е многу ефикасен, а долгорочно гледано , ги намалува шансите за развој на критичност , самостојност и одговорност .Исто така пролемот со употреба

на овој авторитет е тоа што тој со тек на времето ослабнува : како учениците растат , се помалку зависат од казнувањата на наставниците , наставникот има се помалку расположливи нагаради со кои може да ги мотивира учениците и се помалку казни со кои може да ги застрашува.

2.3.3.Авторитет кој е заснован врз основа на почитување

Овој авторитет вреднува и кај децата развива самостојност,одговорност, критички однос спрема реалноста . Тоа е авторитет кој негува слобода на избор и самодисиплина ,т.е. развива внатрешна мотивација и контрола кај децата.

Внатрешната мотивација ,наједноставно ја има дефинирано Dzejms Rafini како :„она што нас не мотивира да правиме нешто ,тогаш кога не мораме да правиме ништо„[16]

Во тој случај ,цел на подржаниот авторитет е, не да детето работи што сака (како критичари на овој вид на авторитет обично зборуваат), туку да го сакаат она што го работат.Наместо страв од казнување и надворешното поткрепување во вид на награда ,подржуваниот авторитет кај децата развива радозналост,интересирање за одредени области ,радост и уживање во одредени задачи ,поврзувајќи ги активностите на децата со нивните основни потреби.Овој авторитет се засновува на почитување ,т.е. на знаење ,искуство кое го дели со учениците ,на тоа што внесува новина ,помага и ги подржува учениците во процесот на нивниот развој.

За разлика од казнувачкиот авторитет,кој во главно ја користи својата моќ во казнувачки цели ,подржуваниот авторитет моќта ја користи исклучиво во заштитата на децата кога е навистина во прашање интересот на децата , така да спречува или ги намалува појавите на некои несакани форми на однесувања и децата ги почтитува.На пр. наместо секогаш да ги контролира децата дали препишуваат на часот и да ги исфрлува од тестот ,наставникот може да организира и тест и самиот процес на тестирање на тој начин да децата немаат можност (а често ни причина) да препишуваат.Наместо редовно да ги опоменува ,да не зборуваат на часот ,наставникот може да организира час ,така да

[16] Woolfolk.A.(1998):Edukational psychology –Boston:Allynand bacon стр.374

спречува или смалува веројатноста децата да зборуваат (пред се така што начинот и содржината на предавањето ќе ги прилагоди на потребите и интересите на учениците).
Со контрола на средината и условите ,поддржуваниот авторитет ги дефинира рамките на дозволеното и можното, во внатрешноста на децата на кои им е дозволено да избираат,да бидат одговорни за последиците на своите избори и на тој начин да се навикнуваат и на самостојност .
Она што ја прави основната разлика на овие два вида на авторитети,не е прашањето :Што сакаме ,децата да работат/научат?, поради тоа што и двата авторитета, во главно се сложуваат кога е во прашање крајната цел на развојот и образованието ,туку основната разлика е во прашањето:Поради што ,т.е., од која мотивација сакаме децата да научат/работат?Казнувачкиот авторитет, акцентот го поставува на послушност како услов за возраст и зрелост ,додека подржувачкиот авторитет инсистира на внатрешната мотивација ,т.е.,развојот на свеста за сопствениот најдобар интерес .На тој начин се отвора простор за партиципација ,т.е.,слушање и уважување на она што доаѓа од страна на децата.

2.4. Поинаков поглед на детската природа

Партиципацијата бара усвојување на слика за детето како активен учесник во процесот на развојот . Детето не се гледа веќе како пасивен примател на впечатоците ,знаењата и искуствата на возрасните ,туку како некој кој со своите потреби ,интереси и развојните компетенции учествува во својата средина и ја менува.Според некои автори , колку е поголем јазот помеѓу она што во друштвото се толкува како улога на детето и улога на возрасните ,толку повеќе ќе биде тежок период на транзиција од една во друга улога ,т.е.,периодот на младоста ќе биде со кризни промени.Доколку детето се гледа како пасивно,незрело,некомпетентно,неодговорно и не самостојно ,возвраќањето кое бара зрелост,одговорност и самостојност ,ќе биде проследено со големи тешкотии и кризи.Овозможувањето на партиципацијата од најраната возраст си обезбедува развоен континуитет на возраста.

2.4.1. Наставникот како партнер во процесот на наставата

Партиципацијата представува обид односот наставник-ученик да се погледа како партнерски во процесот на учењето и развојот во кој и едната и другата страна можат да допринесат со своето знаење ,искуството и компетенциите.

Истражувајќи го процесот на партиципацијата во училиштето ,некои автори заклучуваат дека институционалната подготовка на ученикот ,децата и младите за самостоен и одговорен живот ,често во училиштето се одвива по принципот на континуитет,т.е. постои потврда дека патот кон автономијата и одговорноста води преку послушноста и дисциплина ,еднонасочната комуникација во која едни (наставници)образуваат,а други(ученици)пасивно ги усвојуваат знаењата.Константин.П. ја дефинира комуникацјата како ,, активност што се превзема кога е потребно успешно да се пренесе некоја порака од една на друга страна со цел да биде разбрана , а доколку е потребно да се постапи и дејствува по истата.Во тој контекст е и поимот на комуникацијата како : сортирање, селектирање,формирање и пренесување на симболи , меѓу другото,,.[17]

Со својот ,,скриен курикулум,,:со системот на преписот ,правила и вештини,со организација на просторот,времето и активноста-однесувањето ,како и со улогите кои се воглавно фиксирани,училиштето подржува дисконтинуитет во улогите на возрасните и децата-младите која постои во целото општество.Асиметричноста на односите помеѓу наставниците и учениците ,кога станува збор за знаењето ,искуството и некои компетенции ,се пресликува во севкупната комуникација помеѓу наставникот и ученикот и резултира со сваќањето дека наставникот е со врвен авторитет во сите области (вклучувајќи ја и процената на најдобриот интерес на ученикот) . Партиципацијата представува обид односот наставник-ученик да се погледа како партнерски во процесот на учењето и развојот во кој и едната и другата страна можат да допринесат со своето знаење ,искуството и компетенциите.

---

[17] Петковси .К. Водство и ефективна комуникација, Киро Дандаров , Битола 2000 г.

Најсилниот начин на кој наставникот му помага на ученикот во процесот на учење е поставувањето на силен и позитивен пример со тоа што секој ден ќе го покажува ,и во најмалите зборови и дела,начинот на кој го гледаме и цениме овој свет и све во него ,како се интересираме за него ,и како го прифаќаме.Ова значи дека наставникот мора ,предсе,да биде ученик;отворен за нови идеи и концепти ;преку распрашување за тие идеи и концепти,и ентузијаст да го сподели овој процес со другите.

2.4.2.Обезбедувањето на најдобриот интерес на детето, принципот на соработка

Партиципацијата не значи напуштање и негирање на потребите за правила.Напротив ,постоењето на јасните правила е важно за животот на училиштето, а проблемот со правилата настанува ,тогаш кога ги дефинира само едната страна (возрасните),кога се необјаснети и кога на другата страна (учениците) не и е јасна смислата на правилата.

Партиципацијата подразбира соработка помеѓу наставникот и ученикот .За разлика од традиционалниот став дека возрасниот најдобро знае што им треба на децата ,партиципацијата подразбира дека во одредувањето на најдобриот интерес на детето учествуваат и децата .Ова учество може да се одвива во различните аспекти научилишниот живот ,почнувајќи од дефинирање на правилата за заедничкиот живот и работата во училиштето.

Партиципацијата не значи напуштање и негирање на потребите за правила.Напротив ,постоењето на јасните правила е важно за животот на училиштето, а проблемот со правилата настанува ,тогаш кога ги дефинира само едната страна (возрасните),кога се необјаснети и кога на другата страна (учениците) не и е јасна смислата на правилата.Партиципацијата потикнува процес на заедничкото формулирање на правила,соработка во донесување на правилата и одредување на импликациите на нивното не придржување кон правилата.На крајот ,доколку учениците би имале можност да учествуваат во формирањето на правилата ,поголема е веројатноста дека тие на нив ќе се придржуваат.

2.4.3. Процесот на комуникацијата

Партиципацијата подразбира комуникација која е многу повеќе од „наставникот зборува–ученикот слуша„.Комуникацијата која доведува до взаемно задоволство и разбирање е комуникација во која страните слушаат и се уважуваат едни со други.Според Даниливиќ,Под комуникација се подразбира размена на информации помеѓу две личности.Таа представува интеракција која се реализира со помош на знаци во форма на сигнали и симболи кои го пренесуваат значењето на идеите и искуствата .[18]

а)Процесот на комуникацијата подразбира:

-Неетикетирање - наставникот говори за постапката , ја одобрува –не одобрува (на пр. доцниш на часот),а не за личноста на ученикот (неодговорен си) .

-Наредба-Ова подразбира таканаречена -Јас порака ,во која се јасно дефинирани потребите и барањата (ми смета кога доцниш, затоа што би сакал да почнам со предавањето без прекин) наместо ,ти- порака со која другата страна се критикува и етикетира без јасно изнесени сопствени потреби –барања (пак доцниш, ти навистина си неодговорен).

-Способност на емпатија – доживување во психолошкиот простор на другата личност, гледањето на светот со очите на другата личност , т.е. обид да се разбере како е да се биде „во чевлите „ на другата личност .Способноста на емпатијата е сложена когнитивна – емоционална активност, која бара од наставникот напор да се ослободи од центрирањето на својата улога и да го согледа проблемот и од преспектива на учениците .

-Способноста на активното слушање – слушањето со емпатија . Активното слушање е многу важно за односот помеѓу ученикот и наставникот од многубројни причини :

а)им помага на учениците да ги совладуваат своите јаки емоции , да ги прифаќаат и да не им се плашаат .

---

[18] **Даниловиќ ,М.Современа образовна технологија ,ИПИ,Београд 1995 г.**

б) значајно му олеснува на ученикот сам да ги решава проблемите , одговорноста за решавање на проблемите се препушта на учениците, со активното слушање учениците се оспособуват да анализират еден проблем , сами бараат решение и критички да ги преиспитуваат .

в)Влијае на учениците да почнат да ги слушаат наставниците . Кога наставниците активно ги слушаат , учениците знаат дека нивните мислења се разбрани , така да им е полесно и тие бидат отворени према идеите и мислењата на наставникот .

г)Активото слушање овозможува поблизок и поодржлив однос помеѓу наставикот и ученикот .Кај учениците кои имаат доживувања дека се сослушани , чувството за самопочитување и доживуање на сопствените вредности расте, што повратно влијае на нивниот однос кон наставикот .

Кога помеѓу наставниокот и ученикот се развива однос на слушање и уважување, дисциплинските проблеми се смалуваат .Учениците не им прават проблеми на оние наставници кои ги слушаат и се грижат за нив.[19]

2.4.4 Употребата на соодветните мерки за решавање на конфликтите

Имајќи во предвид дека конфликтите се составен дел на сите односи , многу е важно наставниците да научат да излегуваат на крај со нив на конструктивен начин, кој ќе допринесе за подобри односи или барем нема да ги влошува постоечките односи помеѓу наставникот и ученикот .„За современиот наставник е важно да биде оспособен за педагошки пристап на проблемите во својата работа ,која се темели на способноста за набљудување на учениците и воочување на педагошката ситуација„.[20]

Многу е важно наставникот да ги редефинира и исходите на конфликтите кои се традиционално сватени само кон димензијата да едната страна губи – другата добива (добива онаа страна која е во тој момент појака).Инсистирањето само на оваа димензија ,

[19] Gordon,T.(1998) : Kako biti uspesan nastavnik .Beograd : Kreativni centar.
[20] Mulič J, Muzič V., Pedagogija ,Školska kniga,1981,82

може да го наведе наставникот да го користи казнуванчкиот авторитет кој се заснова на моќ(наградување – казнување) , т.е. на формално асиметрична положба на наставникот во однос со ученикот .Лошата страна на овој метод е во тоа што тој доведува до задоволителен, но краткотраен ефект, бидејќи не го решава проблемот долгорочно ,(често доаѓа до влошување на односите што веќе постојат и ги продлабочуваат конфликтите: и ученикот и наставникот се уверени дека другата страна не разбира и не уважува и со тоа постои основ за идни конфликти.Употребата на хуморот има и една друга важна улога во комуницирањето ,а тоа е дека со неговата примена многу полесно можат да се кажуваат непријатни нешта „. [21] Од друга страна пак треба да се биде внимателен и да се избегнува ставањето на знаењата во друг план , бидејќи училиштето е место каде се формираат личности, способни да ја сфаќаат општествената улога и да потикнуваат потребни промени во интересот на човековите заедници.

2.4.5. Наставникот како пример

Во современото училиште наставниците добиваат нови ,многу побројни и ,поинакви улоги како дополнение на оние кои се однесуваат на наставата и учењето .Еве некои од нив:да биде пријател;човек од доверба;советник;преносител на проверените културни вредности;оној кој ќе го олесни развојот на личноста во целина и ќе биде понекогаш замена за родителите.„Со предвидувањата дека учењето по моделот е многу важен вид на учење ,наставникот со своето однесување и ставови им пренесува на учениците свој систем на уверувања и вредности .„[22]Наставникот кој им овозможува партиципација на учениците , ги учи на вредностите , ставовите и вештините кои се неопходни за улогата на граѓаните во демократското општество .

Од сето тоа што е речено , јасно е дека партиципацијата не мора да биде во спротивност со авторитетот на наставниците ниту да претставува анархија , непочитување и неуважување на наставниците и нивниот авторитет.Партиципацијата претставува основа

[21] Арсовска .Т. Како до успешни деловни разговори ,Скај Агенција , Феникс ,Скопје ,1999 стр.19
[22] Stevanovič ,M... Ajanovič,Đ.(1997),Školska pedagogija .Varazdinske Toplice,str.150

за проверка која се заснова на авторитет.Доколку се заснова на сфаќање за децата како пасивни, незрели и неодговорни, кои со системот на принуда ги учиме да постанат одговорни и самостојни личности , тогаш париципацијата е во директна спротивност со поимот на авторитетот .Меѓутоа доколку авторитетот се гради на почитувањето , разбирањето , осетливоста за учениците и нивните барања , партнерскиот однос и редовно потикнување на нивниот развој, тогаш партиципацијата ги подржува и потикнува овие вештини.

Свеста за најдобриот интерес на детето бара од наставникот стално преиспитување на своите барања ,правила и стандарди кои пред ученикот ги поставува -Што сакам децата да работат-учат?.На целта одговара и прашањето :Поради што сакам децата нешто да работат-учат?.Важно е дека наставниците секогаш прашуваат ,дали одредени барања се за најдобриот интерес на детето или служат да го олеснат или заштитат авторитетот на наставниците.За да можат учениците пореално да го извршат изборот на идното занимање ,потребно е да им се даде помош .Оваа помош во прв ред треба да ја дадат училиштето и наставниците ,затоа нивната обврска не е само да оформат оценки и да поделат сведителства ,туку и да ги подготват да бидат корисни градители на нашата иднина и општество.Ваквата обврска училиштето може да ја исполни ако му посвети сериозно внимание на професионалното информирање и ориентирање на учениците.Токму поради ова денеска се повеќе се актуелизира прашањето на професионалната ориентација на учениците во основното училиште.Ова прашање им помага на наставниците да ги разликуват оние правила и барања кои навистина имаат смисла за ставовите на учениците , нивниот развој и оние барања кои служат да контролираат , отежнуваат и оспоруваат во процесот на автономијата и одговорностите.

Како возрасни , наставниците имаат голема одговорност за развојот на учениците и потребни им се за поддршка во процесот на учење и растење.Партиципацијата дава адекватен модел преку кој таа подршка може да се составува на начин со кој наставниците и учениците ќе бидат задоволни .

2.5. Наставата во контекст на промените во образованието

Промените во воспитно –образовниот систем на Македонија ,како составен дел на вкупните промени во општеството ,ги одликуваат многубројни специфичности кои се карактеристични за разни нивоа на образованието.Во тој контекст треба да се согледуваат промените кои се релевантни за поединечните области на знаењето и наставните предмети, а со самото тоа и иновациите во наставата на разните предмети и со воведување на предметот граѓанско образование.Како во секоја институција, така и во

образованието се потребни иновации,а тие иновации се остварува преку разни семинари со кое се оспособуваат наставниците за реализирање на тие нивни проекти.

„Мошне е значајно тие семинари/работилници да бидат основа за воведување на иновации или спроведување на промени во работата на училиштето, па дури и во образованието во целина .Денес училиштето треба да се свати како „Мала лабораторија „во која се раѓаат иновации ,а што е темел за автономија во планирањето ,организирање и реализација на работата на училиштата„ [23]

2.5.1.Демократското сваќање во областа на образованието

До сега во поголемиот дел сме имале образование кое може да постои во било која општествена група. Сега треба појасно да се соочуваме со разни разлики во духот на материјалното и наставнате методи кои се применуваат во различни форми на животот во заедниците .Образованието е општествена функција која обезбедува водење и развивање на недораснатите, со тоа што тие кои учествуваат во животот на оваа група, преку образованието ги менуваат личните особини на поединците кои се преобразуваат во идеал на таквите промени и кои ќе се поправат и имаат поинакви мерила и методи . За

[23] Костадин Н. Петковски ,Мирјана А. Алексова ,(2004) Водење на динамично училиште ,стр.233

да се примени ова во пракса потребно е одблизу да се запознае природата на сегашните општествени навики од општествениот живот на луѓето.Ова може да се објасни со неколку подобјаснувања.

Импликацијата на човековото здружување. Општеството е еден збор но значи многу работи. Луѓето се здружуваат на секаков начин и во најразлични цели. Човекот учествува во многу различни групи ,а луѓето со кои се здружуват можат да бидат сосема различни .Ова честопати изгледа како да тие немаат ништо заедничко, освен што представуваат разни видови здружувања . Во многу различни држави постои голема разлика на разно разни јазици , вери , закони , народи , и др. Во филозофијата, на општеството се гледа како на нешто што по самата природа ги истакнува особините на нешто свое и само свое .

2.5.2. Мотивацијата на учениците како цел на успехот

За да учениците ги спознаат и искористаат своите можности многу е важно местото во кое работат и учат . Со други зборови за остварувањето на нашата цел многу важно е учениците во училиштето добро да се чувствуваат и преку позитивен и добар дух да ги прифаќаат позитивните животни ставови и трајно да ги вградуваат во својот систем на вредностите.Учениците во училиштето треба да имаат средина кое им помага да го пронајдат својот идентитет , да го надминат тешко време на адолешенција и квалитетно да го одберат својот пат кон нивниот иден живот .Ако наместо тоа училиштето ги зголемува фрустрациите, несигурноста и проблемите кои децата ги носат од нивните семејства или пак и самото училиште ги создава , тогаш тоа придонесува младите да преминат во агресивност, деликвенција и зависност.

Можеби не сме секогаш свесни колку е важно работејќи некоја работа во потполност да си разјасниме која е нејзината цел и што е за нас најважното. Исто така и мене како учител многу брзо ми се наметна прашањето која е целта на моето присуство во училницата и која е целта на мојата работа .Секако кога бевме млади студенти професорите ни зборуваа многу за тоа, бидејќи тоа само посебе се знае т.е. целта е учениците да го совладаат и научат тоа што го слушаат , а најважното е тие да се

припремат за нивното понатамошно образование.Се поставува прашањето дали може да ја поставиме таквата цел ?Одговорот е да , но тоа е многу тесно и лошо поставена цел, а последиците на лошо поставената цел може да доведат до лоши исходи .Ако за наша цел го поставуваме јасното определување, склони сме кон предвидувањата за појавување на многу бројни пречки кон остварувањето на таа цел .Затоа е добро да се поставува поширока цел која не е само така, наеднаш поставена, поради што се јавуваат таквите проблеми .

Секако целта на образованието е како децата , преку реализирањето на наставната програма што повеќе да ги запознаат , научат ,искористат и развијат своите можности.Значи целта е учениците да дознаат што можат да посатигнат со работа и со голем труд и како тоа да го постигат .Резултатите на постигнувањата ќе бидат различни кај секој ученик ,но многу е важно тие постигнувања во контунитет да се подржуваат што повеќе.

Таквата цел фрла сосема ново светло на училиштето, поставува разни барања и бара нов пристап кон замислената настава.Таквата цел бара поинакво предвидување за успешно одвивање на наставата и поставува други критериуми за успешноста на таквата работа.За да учениците ги спознаат и искористаат своите можности многу е важно местото во кое работат и учат . Со други зборови за остварувањето на нашата цел многу важно е учениците во училиштето добро да се чувствуваат и преку позитивен и добар дух да ги прифаќаат позитивните животни ставови и трајно да ги вградуваат во својот систем на вредностите.Учениците во училиштето треба да имаат опкружување кое им помага да го пронајдат својот идентитет , да го надминат тешко време на адолешенција и квалитетно да го одберат својот пат кон нивниот иден живот .Ако наместо тоа училиштето ги зголемува фрустрациите, несигурноста и проблемите кои децата ги носат од нивните семејства или пак и самото училиште ги создава , тогаш тоа придонесува младите да преминат во агресивност, деликвенција и зависност.

2.5.3. Последиците од присилно однесување

Ако сакаме учениците во училиште добро да се чувствуваат ,тогаш е неопходно од него во што поголема мера да го исклучиме присилното однесување .Човекот кој постојано на нешто го присилуваме , сигурно е дека не се чувствува добро. Со присила во училиштето ,не може да се постигне добар резултат.Многу наставници не се свесни за тоа.Тие мислат дека учениците треба да ги натераме да учат и се обидуваат тоа да го постигнат со лоши оценки.Тоа е во потполност погрешен пристап , кој во повеќето случаеви ќе доведе до потполно спротивен учинок: престанок на секакво учење и образовни резултати.Наставниците кои се служаат со присила имаат многу лоши оценки,најчесто двојки и единици (тројки).Тие оценки навистина одговараат на знаењата на нивните ученици. Тие сметаат дека направиле се за да ги натераат учениците да го научат нивниот предмет, но учениците тоа не го сакаат и тука ништо не се може .Кога се зборува за многу лоши оценки и за тоа дека е потребно тие ученици да имаат подобри оценки, таквите наставници сметаат дека се врши притисок над нив за да им подаруваат оценки на учениците.Со оглед на тоа дека сами не успеваат да постигат поголем резултат и ниво на знаења кај своите ученици , сметаат дека тоа воопшто не е можно,бидејќи мислат дека тие наставници кои имат подобри оценки , самите тие ги подаруваат тие оценки и дека имаат низок критериум .Целокупниот пристап на учењето кај тие наставници е погрешен .Тие на првото место ја ставаат присилата и со тоа секако непостигаат никакви резултати или пак тие се минимални.Тие секако ја занемаруваат важноста на мотивацијата за успехот на учењето.

2.5.4. Учениците треба да се мотивираат и поддржуваат за учење

Ако наставниците ја исполнуваат својата цел со која што учениците ќе ги спознаваат,развиваат и искористуваат своите можности ,учениците ќе имаат добри

оценки не само затоа што им се подарени ,туку затоа што нивните можности се добри и затоа што се добро мотивирани максимално да ги искористуваат.Се разбира дека учењето е тешка интелектуална работа и никого не можеш да го натераш да учи ако тој не сака(исто така никого не можеш да го спречиш да научи ако тоа го сака).Ако навистина сакаме учениците нешто да научат ,мораме на тоа да ги наговориме ,да ги мотивираме и со тоа да постигнеме да научат со своја желба .

2.5.5. Присилата не е добар начин за постигање некакви резултати кај учениците

За мотивирањето влијаеме на разни начини :преку квалитетна настава ,со оценување и поттикнување за работа,со мотивирачкиот и добриот однос во училницата.

За да ги поттикнуваме учениците нешто да научат ,мора да им се објаснува зошто е потребно баш тоа да се научи.На такво прашање не се одговара така што наставникот ќе им рече дека тоа е во програмата ,од мене тоа го бараат и затоа морам јас да ве натерам да научите ,и вие мора да научите.Причините што учениците ќе ги прифатат се реалните ситуации од секојдневниот живот кои наставникот мора да ги познава и да им ги објаснува на учениците.Но за да се објаснат причините зашто треба нешто да се научи, не е секогаш едноставно.,,Во училиштето ,во наставната и воннаставната дејност ,можно е остварување на делотворни форми на професионално информирање ,полесни начини на индивидуално советување и погоден систем за следење на исходот од информирањето и советувањето .На прашањето на учениците зошто учат математика,им се одговара дека решавајќи математички задачи ,усвојуваат логички начини на размислување ,кои подоцна ќе можат да ги применуваат на решавање на проблемите во секојдневниот живот .,, И во поглед на професионалното советување во рамките на училиштето,треба да постои двонасочна комуникација на релација советодавач-ученик.Тоа е условено од комуникациите и нивните интерперсонални односи што ги имаат секојдневно во работата на училиштето и низ самиот наставен процес .Наставата е мошне значаен фактор во професионалното советување на учениците и изборот на животниот позив .Токму во таа насока се говори дека речиси околу 50% од учениците низ процесот на професионалното советување го избираат и својот животен позив

,односно им се овозможува донесување конкретна одлука при изборот на позивот „.[24] Некогаш се бара од учениците да им веруваат на наставниците на збор ,дека тоа ќе им биде потребно подоцна , иако тоа не е видливо на прв поглед.

За среќа ,непосредната потреба е помалку важна причина за да се научи нешто.Најзначајната причина за учење е од природна човекова желба ,желба за знаењето ,потреба да се занимаваме со тоа што не интересира.Учениците со радост ќе го учат она што им е интересно и воопшто нема да поставуваат прашања дали тоа што ќе го учат ќе им биде потребно или не.Значи ,многу е важно наставникот она што го презентира пред учениците да е многу интересно.Добрата страна за наставата е тоа што наставните часови се динамични и се користат наставните средства како графоскоп,касетофон,видео и др.Кога и да е можно ,треба да им се даде можност на учениците сами да направат некоја вежба или задача и тој труд да го презентираат пред другите.Она што учениците сами го прават им е многу поинтересно во споредба со она што им го сервира наставникот на готово.Ако на учениците некој предмет или предавање им е интересно,тогаш ќе биде многу лесно да се мотивират за учење и ќе учат бидејќи им е интересно.Кога е нешто потешко и неразбирливо ,делува одбивно на учениците ,затоа е многу важно предавањето да биде добро објаснето и да го разберат повеќето ,по можност сите ученици во училницата .Ако е потребно наставната лекција треба повеќе пати да се објаснува .На прашањата од учениците треба секогаш со желба да се одговара и да се поттикнуваат што повеќе да прашуваат.Ако учениците добро ја разбираат наставната лекција ќе имаат помалку тешкотии и со желба ќе ја научаат.

Задачата на наставниците е да им помагаат на учениците при учењето.Според тоа треба да се има во предвид дека тоа не е едностран однос наставник-ученик,туку активен ,двосмерен однос и со тоа треба да се настојува учениците на што поактивен начин да се вклучат во процесот на учењето.Затоа е многу важно учениците да се поттикнуваат да поставуваат прашања и изнесуваат сопственото мислење.На тој начин ги учиме на размислување ,соработка,толеранција ,вештини на комуницирање и развиваме тимска работа.Важно е да се спомне дека прашањата можат да бидат добри или лоши,а квалитетот на одговорите зависи од квалитетот на поставените прашања.Од тоа се

[24] Илиевски,А. ,(1993), „Професионалната ориентација и изборот на животниот позив во современите услови „ ,просветно дело ,Бр.4,стр.57

подразбира дека оној што не учи мора да поставува добри прашања за да добива соодветен-задоволувачки одговор. Многу е важно да се спомне дека учениците треба сами да разберат дека тие сами се одговорни за квалитетот на своето учење.

За жал,во целото ова размислување се појавува проблем на неприлагодувањето на програмите во кои често се наоѓат непотребни лекциии кои не оставаат доволно време за дополнителни објаснувања и креативна работа за наставникот.Во нашите училишта содржината на програмата е се уште на прво место ,но на методите и начините на кои се остварува програмата воопшто не им се дава доволно внимание.Ако развојот на ученичките способности искрено го прифаќаме како цел,ќе се сложиме дека содржината на програмата и не е толку важна .Не е важно дали ја знае ученикот оваа или онаа констатација ,но многу важно е да знае ученикот да комуницира ,соработува во тимот ,да покажува резултати на својата работа ,јасно и разбирливо да ги искажува своите мислења и конечно да ги препознава и искористи своите можности.Тие вештини можат многу успешно да се научат од многу различни содржини , но сигурно не со фронтална форма на предавање во одделението.Сегашните начини на работа во нашите училишта оневозможуваат остварување на ваквата цел.Тоа е голем проблем кој би требало што порано да почне поквалитетно да се разрешува.

2.5.6.Влијанието на оценувањето како мотив за подобро учење

Еден од најважните мотиви за работата/учењето на ученикот секако е оценувањето.Според тоа ,кај нас е вметнато мислењето дека лошата оценка го тера ученикот да учи.Според моето мислење ,тоа е неверифициран факт и јас имам спротивно мислење.Тоа можеме да го објасниме со тоа дека лошата оценка ги обесхрабрува учениците и дека тие заради таа лоша оценка ја губат желбата за учење.Секој нормален човек сака да биде награден за својот труд,па секако дека тоа го сакаат и децата.Когастанува збор за учењето ,многу е важно да се спомне дека наградата е најдобрата мотивација за учење.Затоа наставниците би требало што почесто да ги наградуваат и пофалуваат учениците за нивниот труд.Желбата за учење најлесно се губи,

ако работата не е наградена.Ако ученикот не се оценува правилно ,може да се случи да изгуби желба за учење.Тоа е опасност за која би требало да бидат свесни наставниците ,кои свесно и по своја желба често даваат помала оцена отколку таа што ја заслужуваат учениците.Учениците губат желба за учење и заради тоа што сметаат дека не вреди многу да се учи ,бидејќи тие не се оценуваат со тоа што го заслужуваат ,па заради тоа и се обесхрабруваат и се откажуваат од учењето .Како резултат на сето тоа ќе има помалку знаење ,незадоволство од страна на наставникот и уште полоши оценки.Така се влегува во затворен круг ,во кој се незадоволни и наставниците и учениците.Наставниците ,често не даваат добри оценки заради тоа што сметаат дека учениците ќе попуштат во понатамошната работа или ќе падне нивниот критериум за добри и заслужени оценки.Мислам дека тој страв на наставниците е неоправдан .Оценката е најлесно да се намали.Ако учениците ги оценуваме почесто не може да се пасивни.На усно оценување на учениците им се даваат поголеми оценки ,бидејќи тие тоа треба да го потврдат во писмената работа,коај е и потешка и пообјективна.Многу наставници ретко ги оценуваат учениците ,што за мене претставува најголема грешка .Оценката е многу важна како повратна информација за успешната работа на учениците.Учениците кои ретко добиват повратна информација за својата работа , ќе учат помалку и нередовно.Учениците треба редовно да се поттикнуваат на учење , со оценките и позитивните коментари.Оценката како мотивација е многу важна ,но не е доволна .

Еднакво е важно да се коментираат оценките.Во коментарот ученикот можеме да го опоменуваме што е добро, а што лошо во неговиот одговор.Самата оценка можеме и да ја опишуваме како на пр.,,Ова е јака четврка ,следниот пат би можело да биде и петка или,, ова е слаба четворка и следниот пат може да биде и тројка,,.,,Мислам дека ти можеш и повеќе да учиш и дека денеска не си доволно спремен,,.Во коментарите учениците можеме да ги опоменуваме на некои нивни недостатоци кои би било добро да ги поправат ,како на пр.страв пред да одговори на поставеното прашање .Многу е значајно да коментарот од страна на наставникот искажува доверба кај ученикот и да го поттикнува на учење. Таквите коментари на учениците многу им значат ,и добро е нивната работа што почесто да се коментира и тогаш кога не ги оценуваме.Со тоа им докажуваме дека ја пратиме нивната работа/учење и нивниот напредок, а и себеси си ја олеснуваме работата при оценувањето.Само оценката со оправдан коментар постигнува

вистинит мотивациски напредок.Ученикот од коментарите од страна на наставникот мора да се увери дека наставникот секогаш и секој ден го прати неговиот труд и дека наставникот е загрижен за напредокотна ученикот .Таков позитивен однос помеѓу наставникот и ученикот ,постанува додатен мотив за учење.Би било добро наставниците преку коментари да ги потикнуваат учениците на самооценување на својата работа.

Како мотивација за учење е многу важна позитивната клима која е присутна во училницата помеѓу наставникот и ученикот.Наставникот кој е расположен и насмеан пред учениците создава можност и самите ученици да се чувствуваат многу послободни и посигурни, во споредба со некои наставници кои пред учениците се намуртени и не-расположени .Исто така мног важно за учениците е дека наставниците се грижат за напредокот на своите ученици, дека наставникот се радува кога учениците се подготвени на часот и дека многу се грижат тогаш кога учениците идат неподготвени на часот.Успехот што го постигнуваат учениците го намалува стресот на наставниците и придонесува да се чувствуваат задоволни и среќни во работата.

3.Улогата на наставникот во образованието на човековите права

3. Улогата на наставникот во образованието на човековите права

3.1. Менувањето на улогата на наставникот во фокусот на ученикот

Во современото училиште наставниците добиваат нови ,многу побројни и поинакви улоги како дополнение на оние кои се однесуваат на наставата и учењето .Еве некои од нив:да биде пријател;човек од доверба;советник;преносител на проверените културни вредности;оној кој ќе го олесни развојот на личноста во целина и ќе биде понекогаш замена за родителите.[25]

Фокусирањето кон ученикот е тема која е составен дел на столетието ,полемика помеѓу,, старите и модерните ,,.Таа се појавува во почетокот на столетието кога детството постана старосна класа .Од тогаш детето е ставено во центарот на образовната ориентација.Токму на почетокот на столетието ,образовните теории се базираа кон наблудувањето на развојот на детето,инспирирајќи длабоки промени во чинот на образованието.Во училиштето ,,именувано како авторитативно ,, каде детето е повикувано да ја превзема својата улога на пасивниот објект ,заштитниците на активното училиште се спротивставуваат на неопходноста на почитувањето на развојот на детето во наставата.

Подоцнежните работи во развојната психологија и,блиску до нас,во диференцираната педагогија или во сферата на конструктивистичките теории,повикуваат на диференцирање на учењето како процес.Поинаку речено ,прашањето. да се знае ,што да им се пренесува на оние кои учат,со промена во прашањето како децата учат.Останатите концепции ,повеќе вперени кон улогата на училишната институција ,ја нагласуваат важноста на зборовите во процесот на ослободувањето на содржината на спроти важноста на институциите.

Од другата страна ,работите кои водат кон сферата на културната антропологија откриваат какво влијание имаат културните промени и историската расправа врз

[25] 10.Stevanovič ,M... Ajanovič,Đ.(1997),Školska pedagogija .Varazdinske Toplice,str.150

поединците во нивниот однос кон знаењето.Во таа смисла образованието за човековите права ја сугерира идејата да тие права можат да бидат или треба да бидат остварени најпрвин во односот кои го поставува наставникот со своите ученици и учениците меѓусебно.Конечно,таквото образование има за цел разрешување на конфликти на вредностите , во кои кои наставникот ја има улогата на посредник .Менталитетот исто така еволуира на тој начин дека војната постепено му препушта место на педагошкиот пристап со одбележување на отвореност и дијалог.

Во тоа име проектите на објектите сакаат сега да бидат израз на поделените интереси преку собир на членови на училишната заедница.На социопедагошкиот план грешката сега се подразбира како составен дел на учењето и наставниците имат задача да ги следат учениците во текот на целиот пат.

3.2.Давањето предност на методите на кооперативната настава

Дури и кога зборот на ученикот е слушнат при донесувањето на одлуки кои се поврзани со животот на училиштето, ретко се уважува.Меѓутоа веќе од шеесеетите години постепено се прифаќаат напорите кон целта да се утврди вредноста на образовните мери кои повикуваат на поголемо учество на учениците.Таквата ориентација им дозволила на наставниците да ги експериментираат кооперативните пристапи, често инспирирани со педагогијата на целестин фреинет,кои ја ставаат во прв план работата во група и меѓусебното помагање.Исто така советите на учениците се поставени да би се помагало при решавање на проблемите со кои се среќаваме , потикнувајќи решение на конфликтите и учествувајќи во одлуките кои се однесуваат на правилата на животот во училницата.

Почитувањето на мислењето на учениците , фокусирањето на состаноците и работата на советот на ученици, сепак варираат од едно до другото одделение во зависност од наставниците,кои во секој случај се носители на власта.

3.2.1. Внесувањето атмосфера на доверба во одделението

Кога наставникот или наставничката успеваат да вметнат во оделението клима на доверба и почитување која ќе им дозволи на сите ученици да учествуват во донесување на одлуки , таквата педагошка пракса , е соодветна да се поттикне благодарност кај учениците, како и да развие кај нив чувство на припадност на групата – одделението.Фактот дека можат да се изразуваат и да им се слуша зборот во заедницата во која припаѓаат , го чинат еден од основните завети во остварувањето на граѓанските права и се радува дека таквиот педагошки пристап се развива .За да се изразуваат и чувствуваат учениците послободни некогаш е потребно наставниците да внесуваат и доза на хумор во комуникацијата со учениците .,,Внесувањето определена доза на хумор го подига на повисок степен улоги и да располага со методите кои дозволуваат разбирање и анализа на знаењата , особено во погледот на човековите права.За таа цел потребно е:

1)Да се искористат новите педагошки можности.Наставниците би требало да се запознаваат со педагошките пристапи кои се својствени на образованието за демократијата. Тоа значи дека тие треба да бидат поврзувани со утврдените вредности и кај наставниците да створат желба за иновациите во областа на педагогијата , но да не се падне во замка ,, на педагогизмот,, кој потполно би ги исцрпил содржините на методите кои се именуват како,, активниот ,,.пристап на кооперативниот тип , како што се педагогија на освестувањето произлегла од народното образование , институционалната педагогија и педагогија на проектите-предлагаат патишта кои ветуваат.

2)Да се отвориме кон новите информациски технологии

Феноменот на комуникациите и обработката на информациите еднакво би требало да ги уважуваме во образванието на наставникот. Развојот на технологијата ги поремети нашите ориентири и масовните медиуми сега имаат место во секојдневниот живот.Некои во тие нови технологии гледаат почеток на ,, светско образование ,, .Множењето на изворите на информирањата , од друга страна , повикува на големо внимание .Голема е опасноста да се гледа како се умножува единствената смисла која го сочинива уредот на светското псевдо-образование.

Во таа преспектива „ образование преку медиумите би требало да биде предмет на посебни вниманиа „ , а создавањето на критичкиот дух ,стална преокупација .Во општествата кои се во стални промени, образованието на наставниците би требало да се продолжи во текот на целиот работен век .Но таквата желба за таква работа мора да доаѓа од самата себе . Треба да се води сметка на секоја лична посветеност.

Иницијалното образование за наставниците во основно образование треба да има:

- Визија, но и професионална генеза на свои цели;
- Јасна и целисходна поставеност на основните компоненти кои егзистираат во програмски решенија и концепти;
- Позитивна насоченост кон промени во образованието ;
- Негување на иновативен дух и творештво;
- Прифаќање и афирмација на филозофијата според која човечките потенцијали преставуваат процес кој континуирано добива во квалитет .

4. Образование на децата за демократско граѓанство

4. Образование на децата за демократско граѓанство

Во светот во кој доаѓа до големи промени и се поголеми разлики ,потребата за се поактивно информираниот и одговорниот граѓанин, постанува поголема отколку што некогаш била .Улогата на образованието во создавањето на таквото граѓанство е сега секаде признаена и прифатена.Образованието за демократско граѓанство треба да биде значајна карактеристика, како на формалното ,така и на неформалното образование и право на кое се овластени сите граѓани во демократското општество.

Терминот образование за демократија и граѓанско општество најчесто се означува и со собирање на воспитни и образовни мерки, акција или активност кои имаат за основна цел оспосубување на младите, но и возрасните за улогата на активниот граѓанин во современото , демократското организирање на општеството.Дека на децата треба да им се дава големо внимание и дека тие се иднината на едно општество, можеме да потврдиме и преку цитатирање на многу личности.Гголемиот борец за мир од Индија,Махатма Ганди рекол : „ Ако треба во овој свет да постигнеме вистински мир , треба да почнеме со децата „.

„Во училиштето , во наставната и воннаставната дејност ,можно е остварување на делотворни форми на професионално информирање ,полезни начини на индивидуално советување и погоден систем за следење на исходот од информирањето и советувањето.„[26]

Во светот во кој доаѓа до големи промени и се поголеми разлики ,потребата за се поактивно информираниот и одговорниот граѓанин, постанува поголема отколку што некогаш била .Улогата на образованието во создавањето на таквото граѓанство е сега секаде признаена и прифатена.Образованието за демократско граѓанство треба да биде значајна карактеристика, како на формалното ,така и на неформалното образование и право на кое се овластени сите граѓани во демократското општество.Идејата за образование за демократско граѓанство ,не е новина.Во многу европски земји ,веќе со години постои елементот на граѓанското образование или образование за граѓанство.Тој

[26] Диздаревиќ,И.,(1996), „Професионалната ориентација на младите „ , Цкопје : Педагошки завод на македонија , стр.11

во главно се состоел од примарното информирање на ученикот за политичкиот систем ,тоа значи за уставот кој е во сила во нивните земји ,врз користење на формалните наставни методи.Со контуинираното и квалитетното стручно усовршување на наставниците, на граѓанското образование му се дава големо значење во сите образовни системи, кои претендираат да ги подготвуваат младите за конпетентно, активно и одговорно делување во демократското општество.Поради сето ова се врши и обука на наставниците преку разни семинари, бидејќи тие треба да се подготвени за тоа ,а тоа моментално може да се постигне само преку овие семинари.

Многу наставници за граѓанско образование сметаат дека тие самите треба да се вклучени во подготовка на програмата за граѓанското образование, бидејќи од нив се очекува таа програма да се реализира .Целта на граѓанското образование е учениците да стекнуваат сознанија ,да развиват способности и вештини и да усвојуваат вредности кои што претставуваат предиспозиции за развивање на нивната личност како компететни , одговорни и ангажирани партиципатори во современото граѓанско општество.

Една од задачите на овој предмет е и развивањето на комуникациските вештини,кои се неопходни за соработувачко однесување и конструктивно решазање на конфликти;представување на сопствени проблеми ,активно слушање и преговарање.Развивањето на горенаведените вештини во процесот на комуникацијата ,допринесуваат на квалитетот на односите во групите и заедницата и развивање на ставовите кои водат кон остварувањето на солидарноста ,соработката и мирот од една страна и смалувањето на насилствата ,избегнување и ненасилно решавање на конфликтите и недоразбирањето помеѓу луѓето од другата страна.

4.1. Насилството и образованието

Доколку имаме во предвид дека училиштето е простор и место во кое во текот на наставниот процес учествуваат ученици од различни општествени слоеви и подрачја ,како и разни однесувања ,квалитетот на однесување на ваквата специфична средина ,бара од наставниците и вработените посебно внимание да му посветуваат на

регулирањето на однесувањето и противењето на насилството во училишната средина и надвор од неа со адекватното образование.Таков е и дел од содржините на програмата на граѓанското образование посветен на темите кои на различни начини се справуваат со проблемот на насилството ,со механизмите на препознавање на насилниците и начинот на решавање на проблемите.Со анализа на поимот на насилство и отворање на темите кои се акцентирани со оваа општествена појава, на учениците им се приближува на тој начин на кој ним е поблиску,со оглед дека во секојдневната средина доминираат форми на насилничко однесување ,често и на непрепознатлив начин.

- Препознавањето на формите на насилство во околоната имаат за цел:

- а) Учениците да стануваат осетливи на разликите при насилството ,посебно скриените невидливи форми на насилства ;
- Да стекнуваат свест за присуството на насилствата во сите сегменти на општеството;
- Да внимаваат кои се насилници.

Примерите со кои го поткрепуваат своето тврдење учениците,најчесто ги наоѓаат во дневните весници ,телевизиските емисии и интернетот .Дискусијата како метода на работа во часот им помага на учениците да завземаат критички став и однос кон ваквата форма на однесување.Информираноста на наставникот ,во овој случај наставата за Граѓанското образование им нуди на учениците дополнителни податоци за можностите за згрижување на лицата кои претрпеле некои форми на насилство ,правата кои им се нарушени и кои се тие механизми со кои нарушеното право повторно ќе им се врати.

Кога говориме за учениците и впечатоците со кои се соочуваат ,училишната средина е простор каде неминовно се изложени на разни форми на впечатоци ,односи и искуства.Како посебно и важно насилство, во училиштето треба да се спомнува и таканареченото психичко насилство над детето, кога детето е исфрлено од општеството.Овде голема улога игра наставникот кој со негово ангажирање треба да ги убеди другите деца да го прифатат и него во нивната средина.

Освен анализата на постоечките општествени проблеми ,какво е насилството во сите нејзини форми,задачата на Граѓанското образование, а со самото тоа и на наставникот е да понуди еден специфичен модел на движење во акција или предлози на учениците со кои ќе се потикнуваат на војна против насилството на пр. во училиште и да им се укаже

помош на оние што се изложени на насилство.Без оглед на бројот на примерите со кои ќе се скренува вниманието на оваа појава ,доведување на ученикот до сознанието дека и тие можаат да бидат жртви на насилството и дека можат да бидат насилници допринесува на разбирање на формата на насилството ,чувствата и можните начини на реагирање.Тоа што навистина е задача ,во која посебно е важно да се вклучат учениците, е разбирањето на односот што жртвата чувствува-мисли за однесувањето на насилникот и што тие во дадениот момент би направиле.

Доколку насилничкото однесување го гледаме како начин со кој се нарушува човековото право на слобода ,живот и другите права на човекот ,дотолку е важно да се негуваат формите на чување на мирот и основните човекови права ,бидејќи тоа зависи токму од нас.

Проблемот на насилството ,нас не интересира дотолку повеќе, што тоа е глобален проблем и тема .Наставата за Граѓанско образование. и наставниците кои учествуваат во програмата имаат важна улога во описот и представувањето на самите корени на проблемите.,но наставниците го поместуваат акцентот и одат понатаму ,представувајќи го насилството како глобален и социолошки феномен ,кој своите манифестации ги има не само во формите кои се евидентни за учениците ,туку тоа може да биде и сиромаштво ,различни форми и кршења на човекови права , и друго.

4.1.1. Правото на децата за заштита од насилства и злоупотреба

Прашањето за насилството над децата е глобално и национално прашање ,со кое сите би требало да му се посветуваме со полна одговорност и сериозност.Според статистиката од Обединетите нации ,која е направена од извештаите за насилствата над децата, во многу земји од светот се зборува дека на глобално ниво се посветува големо значење на заштитата на децата и нивните права.Save the children Norwey,како членка на меѓународниот сојуз Save the Childern,ја заснова својата работа на Конвенцијата за правата на децата на Обединетите нации и се бори за остварување на достоинствен живот на децата ,без разлика каде живеат и кои се.Борбата против сите форми на

насилство над децата е еден вид на борба со која Save the Childern Norwey,ја остварува својата визија за светот ,во која се реализираат правата на децата и во која децата се уважуваат како носители на правата во сите нивоа на општеството.Во склад со тоа Save the Childern Norwey,заедно со своите партнери во подрачјето на Југоисточна Европа допринесува за основање на функционални системи за заштита на децата од насилство и спречување на насилствата над децата и на нивната злоупотреба.Оваа злоупотреба се појавува и практикува во земјите кои поминуваат низ транзицискиот период,па и во нашиот регион,поточно и во нашата земја.

Семејната средина во кое детето расте ,сигурно е, дека е еден од главните фактори,кој може да доведе до спречување на појавата детето да стане жртва на разни форми на насилство во општеството.Ова неслучајно го спомнав ,бидејќи на истите тие деца кои се злоупотребуваат и се жртви на разни организирани банди им се скратува и правото на образование.Едно семејство кое е образовано, се разбира дека ќе инсистира на потребата и нивното дете што повеќе да се образува,па со самото образование детето станува еден од важните фактори и за добро образовано и здраво општество.

После семејството како главен фактор за добра ориентација на децата кон прав пат е и општеството, а во прв план е наставникот кој слободно можеме да го наречеме и како втор родител на детето,па добро образованиот наставник би го ориентирал детето на прав и сигурен пат кон светла иднина.Ако родителот и наставникот не го почитуваат мислењето на детето ,таквото дете постанува беспомошно при решавањето на сопствените проблеми и брзо кривицата ја префрлува на нив .

4.1.2.Спречувањето на насилството кај децата

Насилството создава атмосфера на страв во која децата се чувствуваат несигурни.Важно е децата да препознаваат каква е нивната одговорност во создавањето на сигурна ,топла, човекова средина без насилно однесување .Често детето не се учи како да ги идентификува или одговорно да ги изрази своите чувства.Возрасните на разни начини реагираат на чувствата на децата ,ги негираат нивните тврдења или не ги охрабруваат

нивните сопствени чувства.Децата кај кои се пригушува изразувањето на нивните чувства не се способни да ги развиваат сопствените социјални вештини.Таквото дете постанува беспомошно пред решавањето на сопствените проблеми и брзо ја поставува кривицата кај другите.Ако родителот го напушта или занемарува детето, не почитувајќи ги неговите чувства ,детето се учи да се повлекува на страна или се повлекува во себе и чувствува страв ,болка ,тага и лутина.Еднаш напуштеното или запоставеното дете ,ја зајакнува сликата за себе на тој начин што ги навредува другите,се чувствува добро ако гледа дека другите се чувствуваат лошо.Таквото дете брзо и ладнокрвно го решава било кого што му стои на пато кон она што го сака .

Негативен ефект имаат разните форми на казнување во раното детинство,како што се:

- Изолација(„Ако повторно му ја повредиш раката,ќе останеш цел ден затворен во собата„),
- Посрамотување(„Срам да ти е ,безобразен еден),
- Емоционална изолација („Немој да ме прегрнуваш,кога си лоша ,не си моја...„),
- Објавување забрана („Не можеш да одиш кај пријателите,или да гледаш телевизија, додека не се научиш подобро да се однесуваш„).

Ваквите насилства наликуваат на вербално насилство .

4.2.Што треба учениците да научат преку образованието за демократско граѓанство

Помагањето на учениците да се развиваат како активни граѓани вклучува многу повеќе ,отколку нивно запознавање со фактичките информации за уставот или правниот систем на земјата.Исто така вклучува практично и теоретско знаење ,спектар на вештини и способности,гледишта и вредности,.Потребно е да се мисли и на овие три елементи, при учењето во образованието за демократско образование:

- Знаење и разбирање
- Вештини и способности
- Ставови и вредности

Овие елементи се суштински поврзани меѓу себе ..Ова значи дека различните елементи треба да се учат заедно ,а не во изолација.Обучените наставници на наствата ,демократското граѓанство ,не треба да го признае меѓусебната зависност на овие три елементи на секое нивоо на образование на младите луѓе ,но исто така може да се види ,како тие можат практично да се применува во училницата. (овој дел треба да се преработи)Овие три елементи на учењето во образованието за демократско граѓанство можат да се применат на четири димензии на активното граѓанство.

- Политичка
- Правна
- Социјална
- Економска

Секоја димензија бара спечифично знаење и разбирање , вештини и способности , ставови и вредности . Тие им овозможуваат на учениците ,да се оспособат за вклучување во општеството ,ја користат културната традиција и развојот на земјата во која живеат ,наоѓат работа и учествуваат во донесувањето на политичките одлуки .Специфичните елементи на учењето на демократското граѓанство , интегрирани онака како тие можат да бидат и во учењето и во праксата ,најдобро е да се опишат одвоено .

а)Знаење и разбирање.

Тоа што некој би требало да го знае и разбира во образованието за демократското граѓанство ја одразува основата на политичката структура ,која може да се сумира во три елементи : политиката се потпира на институциалната рамка ,политиката во суштина е процес на донесување на одлуки и политиката се фокусира на решавање на комплексните прашања од која зависи иднината на општеството.

- Разбирањето на институционалната рамка

Политиката- Како функционира нашиот демократси систем ?

Правото –Кои тела и институции учествуваат во донесувањето на законите и донесувањето на одлуките ?

Економија-Како се организирани јавните финанси и која е улогата на компаниите?

Општеството – Како е конституирано општеството ?

- Учење како да се учествува и да се вклучува во активностите

На граѓанството-Кои се моите законски права и одговорности?

Учеството – Како можам јас да ги променам работите?

Човековите права-Кои се нашите основни човекови права и како се применуваат тие во општеството ?

- Разбирање и формирање на ставови за клучните прашања.

Моменталната ситуација –Она што е во вестите и кој го одбира?

Заинтересирани страни -Кој е вклучен и начинот на кој тие поседуват моќ?

Глобализација-Како глобализацијата влијае на мојот живот и животите на другите луѓе во странство?

Одржлив развој –Како она може да се постигне?

б) Вештини и способности

Видовите на вештините и способностите потребни за спроведување на наставата на демократското граѓанство вклучуваат:

- Изразување –Како да се изразам и да го оправдам личното мислење;
- критичко размислување и аргументација-Како да се донесуваат судовите и да се формираат аргументите;
- Решавање на проблемите –Како да се препознава и дефинира проблем во образованието за демократско граѓанство и да се дојде до заедничките заклучоци;
- Донесување на одлуки – Како да се договараат колективните одлуки;
- Интеркултурни вештини –Како да се гледаат проблемите од другите луѓе;
- Истражување -Како да се истражуваат и да ги презентираат прашањата поврзани со образованието за демокатско граѓанство.
- Оценување –Како да размислува за лично и колективно учење .

в) Ставови ,вредности,и расположенија.

Знаењата и вештините се помагала кои можат да се користат во било која намена. Тие сами за себе не водат кон формирање на активно и одговорно граѓанство .Во крајна граница ,знаењата и вештините во демократското граѓанство не само дека ќе им

помогнат на демократите, туку можат да се претворат во оружје за рушење на демократијата, она што исто така е по желбата за позитивното учествување во општеството и волјата таа желба да се претвори во стварност-реалност .Тоа покажува како учењето за демократското граѓанство секогаш мора да вклучува нормативи ,вредности на димензија . Целта на демократските ставови и вредности е дека демократското граѓанство не треба да се свати и користи ,туку и да се негува и цени и ако е потребно да се брани против скептицизмот и автократија .

г) Ставовите и расположениата за демократското граѓанство се:

- Отвореност;
- Почит кон културните и социалните разлики;
- Подготвеност на учествување и делегирање;
- Доверба и искреност;
- Посветеност кон вистината;
- Почитување себеси и другите;
- Толеранција недвосмисленост и отворени нерешени ситуации;
- Самоувереност и изразување на сопственото мислење јасно и смело;
- Демократското управување –вклучување на други во донесување на одлуки;
- Тимска работа и соработка.

д) Елементите за демократско граѓанство се :

- Човековите права;
- Еднаквост;
- Слобода;
- Правда;
- Мир;
- Меѓусебна зависност;
- Плурализам;
- Одржлив развој;

4.3. Потребните компетенции на наставниците по предметот демократско граѓанство

Компетенциите кои треба да ги имат наставниците за да го подржуваат образованието за демократското граѓанство треба да бидат кохерентни со активното и одговорното граѓанство .Тие спаѓаат во повеќе општи категории:

а) Познавање на предметот

Наставниците на прво место треба да имаат солидно знаење за предметот особено целите и задачите на образованието за демократско граѓанство и спектар на знаења разбирања,вештини ,способности ,вредности и подготовки кои треба да ги развиваат кај младите луѓе .Без овие видови на знаења,наставникот нема да биде во состојба да ги одбере целите на учењето и да планира активности за нивно остварување или да се постигне рамнотежа помеѓу знаењето,вештините и вредностите на учењето.

б) Содржината на курикулумот

Наставниците исто така треба да имаат солидни знаења за содржината на курикулумот , т.е. социјално, културно,политичко и економско разбирање во однос на својата земја и светот во целина.Тоа би требало да вклучува разбирање на институционалната рамка на демократијата , уставот како и човековите права.

В) Наставните методи

Додека основните вештини и предмети на знаењата се она што треба да се изучува во образованието за демократското граѓанство,усовршувањето на правните видови на наставните методи, како и учењето за тоа како и кога да се користат е едно од најважните подрачја на оспособувањето на наставниците во образованието за демократско граѓанство.

Г) Управувањето и човековите способности

Иако образованието за демократско граѓанство е пристап во училиштето и во целина исто толку колку и наставниот предмет , наставниците исто така треба да ги развиваат важните управувачки и човекови вештини кои се однесуват на демократското граѓанство,особено во тоа како да се остваруваат врски и да се вклучуваат локалните

заедници , како да се потикнуваат учениците да учествуваат во животот на училиштето, како да се реагира со потенциално контроверзните и осетливите теми и сл.

д) Разгледување и унапредување

Образованието за демократското граѓанско е динамично, бидејќи се втемелува на она што се случува во општеството и на индивидуалните односи кон локалната заедница и општеството во целина. Таа карактеристика бара способност за редовно унапредување на образованието за демократско граѓанство преку особини и професионален развој и оспособување на наставниците , како и нивното вклучување и придонес за осигурување на квалитетите на образованието за демократското граѓанство во внатрешноста на целото училиште.

4.4.Човековите способности на наставниците по демократско граѓанство

Постојат повеќе различни управувачки и човекови вештини кои наставниците за демократското граѓанство треба да ги имаат.Тие најјасно се гледаат на следните начини:

а)Остварување на соодветна работна атмосфера

За да учењето биде ефективно наставниците треба да бидат способни да создаваат клима што е приајтна и им овозможува на сите да зборуваат слободно без страв од исмејување .Исто така многу е важно наставниците да можат да обезбедат работната средина да одговара или ги подржува намерите на целите на учењето , со други зборови , средината да одговара на пораката.На пример, за време на расправата за правата на децата , учениците треба да седат на начин кој ќе им овозможи да се слушаат, и да одговараат еден на друг со исти основи,а најдобро би било во круг.Слично на тоа , слободата на изразувањето на сопственото мислење не смее да се свати како принцип на демократија , туку се практикува во училницата сугерирајќи на наставната метода која се базира на учениците.

б) Формирање на вештини , способности , вредности и расположенија

Во образованието за демократското граѓанство личноста на наставникот исто така е дел од пораката.Наставниците треба да научат како можат да му служат на моделот , на улогата, при демострирање на вештините во образованието за демократско граѓанство ,на пример како да се оправдаат мислењата, како да се договори консензус , но и располагање за наставата за демократското граѓанство со особини како што се отвореност или демократско управување.

в) Обработување на контроверзните или чувствителните прашања.

Образованието за демократско граѓанство бара од младите луге да ги разменуваат своите мислења и идеи за прашањата од вистинскиот живот кои имат влијание на нив и нивната заедница.Прашањата на таквите врски ,можат да бидат контроверзни или чуствителни ,или и двете.Наставниците поради тоа треба да научат како да ги охрабрат младите луѓе да ги изразуват своите мисли,но со уважување на поинаквите мислења.Тие исто така треба да бидат свесни кога се како наставници овластени или не се овластени да ги изразуваат своите сопствени мислења за контроверзните прашања.

д)Поврзување со заедницата надвор од училницата.

Улогата на образованието за демократското граѓанство во образованието на младите луѓе се протегува надвор, подалеку од формалните граници на училницатаТоа истотака има свое место во животот на училиштето во целина и на заедницата надвор од училиштето.Младите луѓе учат како да станат активни граѓани и да превземат одговорности за одредени аспекти.Тие исто така учаат како да станат активни граѓани преку врските кои постојат помеѓу училиштето и заедницата, на пример по пат на училишните собири ,случки или кампањи кои се спроведуваат во нивната заедница.Затоа важен аспект е да се оспособуваат наставниците во образованието за демократско граѓанство и да им се обезбеди професионалност која ќе им овозможи да ја организираат оваа димензија на учење за демократското граѓанство.

4.4.1.Континуиран развој на наставниците

Природата на образованието за демократското граѓанство значи дека наставниците треба да имаат одредени размислувања и усовршувања на вештините.Тоа подразбира :

а) Личен развој

Како важни аспекти на саморефлексија ,посебно кај образованието за демократско граѓанство , се свеста за сопствената вредност на наставникот и расположенијата помеѓу овие вредности и нивниот пристап кон наставата во учење на демократското граѓанство.Надворешната подршка или помош на колегите може да ја олесни работата на овој процес.

б) Професионален развој

Поради динамичната природа на образованието за демократското граѓанство, потребно е редовно да се спроведува ажурирање и да се внесуваат промени во компентециите , особено кај знаењата поврзани со образованието за демократското граѓанство како и во пристапот на наставата и учењето.

в) Соработка

Вклучувањето во кооперативните активности како што е учествувањето и учењето од другите , посебно од колегите наставници и другите практиканти , допринесуваат за личниот и професионалниот развој на наставниците како и професионалноста на нивната работа во пракса . Екипната работа внатре во училиштето како и стручната група за образование за демократско граѓанско , мрежите на локално , национално или меѓународно ниво , европски и меѓународни проекти и размени се пример на овој вид на соработка .

г) Развојните планови на училиштето во образованието на демократското граѓанство

Како основа на процесот на осигурување на квалитет , наставниците треба да бидат оспособени за промени .Тоа значи дека наставниците веруват во вредноста на нивниот придонес за унапредувањето на образованието за демократско граѓанство во училиштето како целина и способни се да развиваат предлози со кои ќе се остварува таа цел .Тука спаѓа с пособноста да ги користат резултатите од самооценувањето и образованието за демократското граѓанство, земајќи ги во предвид надворешните евалуации (како што се инспекциските извештаи и резултати на националните испити) , ги утврдуваат потребите за усовршување (како што се семинарите за обучување на наставниците), ги проверуват чекорите и опциите за унапредување како и учествуваат во расправиите за планирањето на развојот во внатрешноста на училиштето .

4.4.2. Адекватната подготовка на наставникот за наставата

Успехот на наставната активност зависи од адекватната подготвеност на наставникот за настава.Наставничката професија е една од ретките во која подготовката за работата е многу важна ,бидејќи наставникот секојдневно голем дел од својата активност ја поминува во училница,каде што има различни индивидуалности.Подготовката за настава е перманентен процес, кој се спроведува со наставната работа и трае додека наставникот во таа професија работи .Самиот збор за разни индивидуалности ,што значи дека наставникот во училницата има работа со разни ученици,кои не напредуват еднакво.Поради тоа оваа професија е многу тешка и деликатна,а добриот наставник во некои специфични ситуации бара помош и од другите колеги во училиштето со цел да се справи со разни тешки ситуации .Секоја личност која врши функција напрофесионален воспитувач (учител,наставник,професор,воспитувач)мора да поседува определени особини на својот карактер ,од кои, како позначајни можат да се издвојат следниве :

а) Секој воспитувач треба да биде крајно морална личнст, затоа што таква личност пред се треба да формира кај своите испитаници;

б)Секој воспитувач треба да има смисла за педагошка работа.[27]

Според горе наведеното можеме да констатираме дека,како и секој работник,така и наставникот не може да биде соодветно успешен во извршувањето на својата работа ако не се подготвува за работата што треба да ја обавува.

4.5.Образовна клима

Една од важните работи во образовниот процес е и образовната клима, која ги вклучува социјалната клима и емоционалната клима .Социјалната клима е резултат на односот на наставникот кон учениците од едната страна и односот на учениците кон учителот од другата страна.

---

[27] Гогоска,Л.Педагогија:за педагошка академија (1994),Скопје,Sбезда,стр.75

Емоционалната клима е атмосферата што го придржува образовниот процес ,како и чувствата на учениците на удобност или на неудобност.

Под социјална клима го подразбираме квалитетот на вкупните односи во образовниот процес.Тука се вбројуват:односот наставник–ученик ,односот ученик- ученик ,односот дете-родител ,односот наставник-родител .Сепак однесувањето и квалитетот на личноста на наставникот има најголемо влијание на поставувањето на посаканата социална клима.Однесувањето на наставникот мора да биде доминантно,односно да не ги уважува индивидуалните разлики помеѓу учениците, ниту пак ги уважува потребите и интересите на учениците,туку ги присилува да се прилагодуваат на неговите барања.Спротивно на тоа е интегративното однесување кое овозможува креативност,спонтаност и инцијатива во групи и води кон растот и развојот на поединците.

Водењето на групата може да биде авторитативно, демократско или индиферентно.

Авторитативното водење е карактеристично за традиционалната настава во која доминира фронталната настава.Тоа е однос во која наставникот е иницијатор и неговата желба секогаш се почитува,а ученикот е ситен,безначаен и пасивен.

Индиферентното водење е однос во кој наставникот премногу им препушта на учениците и нема одредени правила на однесување, па поради тоа групата тешко функционира и неуспешно ги обавува предвидените работи.

И едниот и другиот однос резултираат со незадоволство и неповолна социјална клима во училницата.Најповолен е демократскиот однос кој подразбира заеднички договор и оптимално решение на заедничките напори на наставникот и ученикот. Авторитативниот наставник настапува како шеф,издава наредби,ја истакнува својата моќ,критизира ,води монолог и смета дека сам треба да понесе одговорност за резултатите на заедничката работа.Спротивен на него е демократскиот наставник кој дава предлози и настојува да ги истакне учениците и да ја придобие нивната соработка, ги охрабрува и им дава признанија ,води дијалог со нив и развива свест за заедничката одговорност за резултатите на заедничката работа .

На социјалната клима освен однесувањето на наставникот големо влијание има и односот помеѓу учениците,т.е. улогата и статусот кој еден ученик ја има во групата. .

Емоционалната клима подразбира доминација на чуството на удобност или неудубност кај учесниците на образовниот процес . Позитивната емоционална клима се гледа во

фактот да учениците и наставниците со задоволство доаѓаат во училиште и со задоволство учествуваат во заедничките активности ,а негативната емоционална клима се гледа во доминацијата на стравот од неуспех во училиштето, како кај децата така и кај наставниците .Поединечните аспекти на емоционалната клима треба да се гледаат во единството на спроптивностите, бидејќи тоа секогаш е спој на удобноста и неудобноста. Современата дидактика тежи кон тоа да наоѓа начин кон создавање на претежно позитивна емоционална клима во училиштето .

II дел Методологија на истражувањето

II Методологија на истражувањето

1.1.Предмет на истражувањето

Предмет на истражувањето во овој труд се моделите на управување со демократските процеси во наставата. Вака дефинираниот предмет е истражуван од следните аспекти:

- Анализа на содржините за демократија ;
- Поими и категории во демократското управување и нивно препознавање во секојдневната училишна практика ;
- Перцепцијата на учениците во услови на демократски односи;
- Мислења и ставови на учениците во врска со педагошкото водење на демократските процеси во наставата ;
- Мислења и ставови на наставниците во врска со педагошкото водење на демократските процеси во наставата.

Преку истражување меѓу учениците и наставниците низ училиштата во кичевскиот регион се проверија ставовите на учесниците за неколку од најзначајните задачи на наставниците, со посебен акцент на воведувањето на демократските промени и односи во наставата и во училиштето.Секако,ова истражување не запозна со воведувањето на демократските процеси-односи во наставата, според мислењето на ученици кои се во контакт и соработуваат секојдневно во училиштето. Во целите на образованието, без разлика на образовното делување (интелектуално, морално, работно)или развојно (когнитивно, афективно, психомоторно) вклучувани се и конститутивни вредности на општеството, но и вредностите кои ги поседува секој поединец,_Од таму произлегува се поголемиот предизвик за промени кои се поставени во училиштето како институција која треба да ги носи и да ги афирмира вредностите на граѓанското образование и принципите во воспитно – образовниот процес .Идејата дека образованието може да го менува општеството е во основа педагошка, а тој педагошки оптимизам после 1989 год. во Европа е воведен во правец на граѓанското општество.

1.2 Целта на истражувањето

Целта на ова истражување е да се испитаат содржинските ,социоемоционалните и педагошките механизми на водење на демократските односи и процеси во наставата на основното училиште.

Една од најважните задачи на основното училиште е планско и организирано дејствување на формирањето и промените на демократските ставови на учениците како личности кои имаат знаења ,способности и покажуваат спремност активно – автономно,одговорно и критички да партиципираат во општеството .За да се постигне горе наведеното ,мора да дојде и до промени на човековото однесување кои се можни со:

- Развивањето на индивидуалните чувства на вистината;
- Развивањето на внатрешните сили кон постигнувањето на активностите кај личностите и ;
- Развивањето на индивидуалниот концепт за активностите.

Се ова што го наведовме ја прави и основата на индивидуализираниот пристап во наставата како(нови) парадигми на педагошката пракса.Затоа во оваа важна работа потребно е педагошки да се замисли и местото и улогата на наставникот ,бидејќи без прецизно дефинирано место и улога на наставникот не може да има квалитетни резултати.

Покрај другото како цел на ова истражување е да се идентификуваат проблемите во главните сегменти на активностите на наставниците од основните училишта, како нивното управување со наставата и поставување на демократските процеси-односи во наставата и воопшто во образованието.

Целата оваа работа ќе треба да се следи со разгледување на релевантна литература од профилот на демократски ставови на наставниците како и демократските ставови на учениците, а сето тоа допринесува за поставување(втемелување) на демократските процеси -односи во наставата меѓу наставниците и учениците. Врз основа на теоретски и

практични искуства од слични истражувања во околината и на резултатите на истражувањето на оваа работа, а со цел на подобрување на процесот за воведување на промени, се предложуваа тематски методи за усовршување на наставниците за успешно справување со промените во образованието. Од целите на истражувањето произлегуваа и конкретните задачи на истражувањето.

1.3 Истражувачки задачи

Задачите на истражувањето се: :

1. Да се испитаат ставовите на наставниците и учениците во врска со нивните искуства и односи кон демократските процеси во наставата;
2. Да се утврди како се снаоѓаат наставниците во процесот на воведување на демократски процеси во наставата;
3. Да се утврди дали постои потреба за усовршување на наставниците од страна на образовниот менаџмент;
4. Да се утврди како различните искуства и нивоа на усовршување на наставниците од образовниот менаџмент вршат влијание врз ефикасноста на воведување на демократски процеси во наставата.

1.4 Хипотези на истражувањето

Имајќи ги во вид целите и задачите на истражувањето хипотезите се:

X1 Учениците имаат позитивни ставови кон училиштето.

X2 Учениците позитивно ја оценуваат работата и ангажирањето на нивните наставници.

X3 Учениците сметаат дека демократијата се практикува во нивните училишта.

X4 Постојат разлики во ставовите на учениците и наставниците во однос на потребата за почитување на авторитетот на училиштето.

X5 Постојат разлики во ставовите на учениците и наставниците за потребата од строга дисциплина во училиштето.

X6 Испитаниците сметаат дека училиштето значајно придонесува за формирање на демократски вредности и односи во наставата.

X7 Постојат разлики во ставовите на учениците и наставниците за потребата од вклучувањето на учениците во животот и работата на училиштето

X8 Наставниците сметаат дека во училиште се почитуваат демократските придонеси и процедури во работата со учениците.

X9 Наставниците високо го оценуваат квалитетот на меѓусебните односи во колективот.

X10 Наставниците сметаат дека поседуваат компетенции(комуникациски вештини) за решавање на конфликтите.

1.5 Вариабли на истражувањето

Независни варијабли се: возраста и животната средина.

Зависни варијабли се: Ставовите на наставниците и учениците

1.6. Примерок на истражувањето

За потребите на истражувањето со цел да се увиди фактичката состојба со вистинските демократски односи во наставата , беше извршено анкетирање на ученици и предметни наставници на споменатите училишта .

Примерокот ги опфаќаше следните субјекти :

Во истражувањето има 3 субпримероци:

1. Прв субпримерок се : Училиштата
2. Втор субпримерок се: Учениците
3. Трет субпримерок се : Наставниците

Во табелата бр.1 се групирани имињата на училиштата и бројот на анкетирените наставници и ученици.

Табела бр.1

Бр.	Училиште	Место	Наставници	Ученици
1	О.У.„ Санде Штерјоски„	Кичево	10	90
2	О.У.„Р.Р.Зајази„	Зајаз	10	90
3	О.У. „Мирче Ацев„	С.Лисичани	8	64
4	О.У.„Кузман Ј.-Питу„	Кичево	9	90
5	О.У.„Ѓерѓ Кастриоти„	С.Србица	8	45

6	О.У.„Наим Фрашери„	С.Јагол Доленци	7	43
7	О.У. „Христо Узунов„	Другово	7	56
8	О.У. „ Милто Гура„	С.Стрелци	8	53
9	О.У. „Владо Полежиноски„	Кичево	10	81
10	О.У.„ Фаик Коница„	С.Грешница	9	70
	Вкупно	10	86	682

1.7. Методи,техники и инструменти на истражување

При спроведувањето на ова истражување користен е дескриптивниот метод и писмени собирања на податоци од поголем број на луѓе(анкетирани) за она што го знаат, мислат или чувствуваат. Имајќи во предвид дека дисфункционално и многу скапо е да се добиваат одговори на сите поставени прашања од целиот основен собир (на сите наставници од предметна настава и сите ученици ,беше одлучено да се спроведе анкетно истражување со цел да се добијат одговори на поставените прашања , на избраниот модел , како примерок на основниот збир, како би можеле да ги одредиме дистрибуциите на однесувањето, мислењата и ставовите во основниот збир. За таа цел во истражувањето беше искористена и аналитичката метода со нејзините варијанти:

- Аналитичко – дескриптивна
- Аналитичко – експликативна
- Аналитичко - компаративна

Во разработката на истражувачкиот инструмент, со оглед на структурата, беше искористена техниката на анкетирење и анализа на (содржини). Во ова истражување како главен инструмент е користен прашалникот составен од два дела (за наставниците и за учениците) и беа користени прашања со повеќечлен избор (структурирани).

Во доставените прашања испитаниците можеа да одберат само еден од понудените одговори.

Отворени (неструктурирани) прашања не се употребуваа во ова истражување, бидејќи за нивна обработка треба повеќе време „поради должината на одговорите".

Анкетирањето е направено со анкетните прашалници со исти или прилагодени прашања за сите групи на испитаници.При обработката на анкетниот лист е водена сметка пополнувањето на прашалниот лист да не претставува голем напор за испитаниците. Затоа се земени прашања од Ликертовата дескриптивна скала на судови во комбинација со контролната листа. За да се одговори полесно на прашањата избрани се кратки , едноставни и недвосмислени прашања. За пополнувањето на еден анкетен лист беа потребни околу 10 минути.

Инструментите за ова истражување беа конструирани и подготвени во вид на разновиди прашалници ,познати како анкетни листови, каде што има упатство за начинот на пополнување на одговорот.

III Дел

Анализа и интерпретација на резултатите од Истражувањет

III Дел

Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

Во истражувањето учествуваа 682 анкетирани ученици ,

Каков е распоредот на учениците внатре во примерокот е дадено во табелата бр. 1

Табела бр.1

Одделение	Женски	Машки	Вкупно
VI	105 32.71 %	124 34.35 %	229 33.58 %
VII	117 36.45 %	110 30.47 %	227 33.28 %
VIII	99 30.84 %	127 35.18 %	226 33.14 %
Вкупно	321 100.00%	361 100.00%	682 100.00%

На прашањето „ Каков е твојот успех во предходното одделение?„ ,одговорите на учениците се дадени во табелата која следува:

Табела бр.2

Успех во минатото одделение	Недоволен	Доволен	Добар	Мн.добар	Одличен	Вкупно
VI	0 0,00 %	12 5.24 %	46 20.09 %	73 31.88 %	98 42.79 %	229 100.00 %
VII	O 0.00 %	16 7.05 %	41 18.06 %	64 28.19 %	106 46.70 %	227 100.00 %
VIII	0 0.00 %	14 6.19 %	47 20.80 %	62 27.43 %	103 45.58 %	226 100.00 %
Вкупно	0 0.00 %	42 6.16 %	134 19.65 %	199 29.18 %	307 45.01%	682 100.00%

Горе прикажаните резултати покажуваат дека мнозинството од учениците, поточно 45.58 % од учениците се со одличен успех во предходното одделение .Според ова анкетирање не можеме да тврдиме дека сите одделениа го имат овај успех, бидејќи можеби се анкетирани оние одделениа кои се со подобар успех или пак самите ученици го кажувале успехот според својата желба ,но како и да е сепак овој успех е добар според овие податоци кои ги имаме ,па така и ќе ги толкуваме.

Со прашањето кое гласеше „Дали сакаш да одиш во училиште?„ , се обидовме да ги потврдиме ставовите на учениците за училиштето како институција ,што би можело да се види од индикаторите на фрекфенцијата и вредностите на ставовите кои се добиени преку сите одговори.

Добиените одговори се дадени во табелата бр. 3

Табела бр. 3

Одделение	А= не сакам да одам во училиште	Б=сакам но не многу	В=многу сакам да одам во училиште	Вкупно	$\bar{X}$
VI	6 2.62 %	53 23.14 %	170 74.24 %	229 100.00 %	2.72
VII	9 3.96 %	17 7.49 %	201 88.55 %	227 100.00 %	2.85
VIII	12 5.31 %	29 12.83 %	185 81.86 %	226 100.00 %	2.76
Вкупно	27 3.96 %	85 12.46 %	573 84.02 %	682 100.00 %	2.79

Според резултатите од оваа табела се гледа дека учениците од VII одделение многу сакаат да одат на училиште и тоа со 88,55 %, потоа следуваат учениците од VIII одделение со 81,86 % и учениците од VI одделение со 74,24 %.Најголема фреквенција на ставот „сакам но не многу„ ,е присутна кај учениците од VI одделение со 23,14 %, додека на ставот не сакам да одам во училиште е VIII одделение со 5,31 %. Според искажаните ставови на учениците ,поради големиот процент на ставот „многу сакам да одам во

училиште,, ,се потврдува хипотезата дека Учениците имаат позитивни ставови кон училиштето .

На прашањето кој наставен предмет најмногу го сакаат, а кој не,добиени се следните показатели: Табела бр.4

Сакани предмети				Несакани предмети		
1	15.69 %	Физичко О.	107	18.03%	Хемија	123
2	12.02 %	Математика	82	14.52 %	Физика	99
3	10.26 %	Мајчин Јазик	70	13.34 %	Математика	91
4	9.82 %	Англиски јазик	67	12.02 %	Историја	82
5	7.92 %	Историја	54	9.24 %	Мајчин Јазик	63
6	7.18 %	Ликовно О.	49	7.48 %	Географија	51
7	6.30 %	Географија	43	6.89 %	Биологија	47
8	5.28 %	Биологија	36	4.98 %	Музичко О.	34
9	4.98 %	Музичко О.	34	2.79 %	Техничко О.	19
10	4.84 %	Физика	33	2.35 %	Информатика	16
11	4.54 %	Информатика	31	2.05 %	Граѓанско Образование	14
12	3.52 %	Граѓанско образование	24	1.91 %	Одделенски час	13
13	2.78 %	Француски јазик	19	1.47 %	Англиски јазик	10
14	2.20 %	Техничко О.	15	1.32 %	Француски јазик	9
15	1.47 %	Хемија	10	1.03 %-	Ликовно О.	7
16	1.17 %	Одделенски час	8	0.59 %	Физичко О.	4
17	100.01 %		682	100.01 %		682

Според добиените резултати во табелата бр.4 на прашањето Кој предмет најмногу го сакаме? , на првите четири места се предметите физичко образование со 15,69 %, потоа математика со 12,02%, мајчин јазик со 10,26 % и англиски јазик со 9,82 %)

Во предметите кои не се сакани на прво место е предметот хемија со 18,03 %, потоа следува предметот физика со 14,52 % и на трето место е математика со 13,34 %.

Интересно е тоа дека предметот математика се наоѓа на првите три места и кај саканите предмети и кај несаканите предмети , но се разбира дека тоа е став на учениците и тие одговараат така као што го чувствуваат одреден предмет.

Со следното прашање се бара од учениците да го проценат вкупното ангажирање на наставниците на часот , и тоа со оцена од 1 до 5, по принципот кој се применува во наставата.Добиените резултати го покажуваат следното:

Табела 5

Работата ии ангажирањето на наставникот	Недоволен	Доволен	Добар	Многу добар	Одличен	Вкупно	$\bar{X}$
VI	12	22	38	61	96	229	3.90
	5.24 %	9.61 %	16.59 %	26.64 %	41.92 %	100.00 %	
VII	5	14	30	55	123	227	4.22
	2.20 %	6.17 %	13.22 %	24.23 %	54.18 %	100.00 %	
VIII	5	8	26	59	128	226	4.31
	2.21 %	3.54 %	11.50 %	26.11%	56.64 %	100.00 %	
VKUPNO	22	44	94	175	347	682	4.08
	3.23 %	6.45 %	13.78 %	25.66 %	50.88 %	100 .00 %	

Ваквото високо вреднување на работата на наставниците од страна на учениците ,укажува на веќе формираниот став,не само за набљудување на работата на восрасните,туку и за прашањата на квалитетот на таа работа ,што говори за веќе

развиениот степен на социјалната интеракција на учениците преку наблудување на другите .

Кога се споредуваат одговорите на учениците по одделенијата (VI,VII,VIII) во однос на процентно искажаниот став дека наставниците се ангажираат на час (т.е.ја избрале оценката 5), 41,92% од учениците од VI одд се одлучиле за овој став со оваа оценка , учениците од VII одделение со (54.18 %) ,а најголем процент со оваа оценка дале учениците од VIII одделение (56.64 %).Покрај тоа што учениците од VIII одд. биле во поголем процент за најголемата оценка за работата на нивните наставници во споредба со другите одделенија ,сепак учениците од VI одд . биле покритични и со оценката 3 одговориле 16,59 %, што не е мал процент,потоа следуваат учениците од VII одд. со (13.22%) и учениците од VIII одд. со (11.50 %). Оценката доволен ја дале 9.61 % од учениците од VI одд., VII одд.со 6.17 % и учениците од VIII одд. со 3.54.%. Што се однесува на негативната оценка покритични биле учениците од VI одд со 5.24 % , потоа VIII одд. со 2.21 % и на крајот VII одд. со 2.20 %.

Според искажаниот висок процент за најголемата оценка (5) и добиената аритметичка средина за работата и ангажирањето на нивните наставници, учениците ја потврдуваат хипотезата дека: „Учениците позитивно ја оценуваат работата и ангажирањето на нивните наставници„.

Карактеристиките на ставовите на учениците кон демократијата

Во понатамошната работа следува приказот на одговорите на учениците на прашањата поставени само на нив. Целта на поставените прашања беше следната: како учениците ја перцепцираат и оценуваат улогата на наставниците ,родителите и другарите во заштитата и помошта во остварувањето на нивните права.Исто така нашата цел беше и да видиме каква е перцепцијата на учениците за „изворите„на демократијата т.е. каде и во колкава мера ја препознаваат како таква , но и колку учениците ги перцепцираат институциите како организации кои треба да ни го олеснат животот во заедница ,односно го препознаваат степенот на довербата во ангажманот на политичките партии во

остварувањето на представничките права на граѓаните (блискост на концептот таканаречен ученички парламент и тн.).

На прашањата кои се однесуваа на проценките на учениците колку добиваат од поединците (родителите,наставниците,другарите) и институциите (политичарите,претставниците на политичките артии и разни невладини организации) во заштитата и помошта во остварувањето на правата, одговорите се прикажани во следната табела:

	Обиди се да процениш и забележиш колку често поединците или институциите во твојата најблиска околина помагаат во заштита на твоите права...				Вкупно	$\bar{X}$
	Спречуваат А	Не знам б	Помагат повеќе отколку што спречуваат в	Многу помагаат г		
Родителите	8 1.17 %	24 3.52%%	72 10.56 %	578 84.75%	682 100.00 %	3.79
Наставниците	20 2.93 %	22 3.23 %	248 36.36 %	392 57.48 %	682 100.00 %	3.48
Другарите	50 7.33 %	17 2.49 %	297 43.55 %	318 46.63 %	682 100.00	3.29
Политичарите	376 55.13 %	160 23.46 %	94 13.78 %	52 7.62%	682 100.00 %	1.51

Во врска со прашањето „Обиди се да процениш и забележиш колку често поединците или институциите во твојата најблиска околина помагаат во заштита на твоите права„ , учениците мислат дека најмногу им помагаат нивните родители за да ги остварат нивните

права и тоа со многу висок процент (84,75 %),помал процент од родителите имаат наставниците (57,63 %),потоа следуваат другарите (46,63%), но најмал процент (7,62 %). имаат политичарите.

Што се однесува на графата „спречуваат„ значително висок процент од 55,13% имаат политичарите, потоа следуваат другарите со 7,33 %. Учениците им веруваат на своите родители и сметаат дека тие ним многу им помагат да ги остваруваат своите права Самиот процент докажува дека родителите треба да имаат голема улога во училиштето,па и од таму произлегува потребата за соработка меѓу наставниците и родителите ,со еден збор да постои партнерство меѓу нив.

На прашањето кое гласеше „Каде мислиш ти дека можеш повеќе да слушаш или научиш за демократијата и рангирај ги изворите по важноста (од 1 најмалку до 5 најмногу) ?„ , исказите на учениците се претставени во следната табела:

	Каде мислиш ти дека можеш повеќе да слушаш или научиш за демократијата?					ВКУПНО	$\bar{X}$
	1	2	3	4	5		
Во разговор со врсниците	162 23.75 %	179 26.25 %	148 21.70	97 14.22 %	96 14.08 %	682 100.00 %	2.69
Од родителите	53 7.77 %	92 13.49 %	152 22.29 %	161 23.61 %	224 32.84 %	682 100.00 %	3.60
Од наставниците	25 3.67 %	64 9.38 %	130 19.06 %	195 28.59 %	268 39.30 %	682 100.00 %	3.90
Од телевизија	63 9.24 %	94 13.78 %	170 24.93	177 25.95 %	178 26.10 %	682 100.00	3.46
Од училишните предмети	60 8.80 %	70 10.26	94 13.78	193 28.30 %	265 38.86 %	682 100.00 %	3.65

Гледајќи ги одговорите на учениците кои дале најголема оценка , на прво место се наставниците со 39,30 %, следуваат училишните предмети со 38,86 %, после тоа се родителите со 32,84 % и средствата за информирање (телевизија) со 26,10 %, а најмал процент доби разговорот со врсниците т.е. 14,08 % .Многу е интересно и тоа дека учениците најмногу негативни оценки им дале на другарите (врсниците) и тоа изразено во проценти изнесува 23%.

На прашањето кое се однесуваше на ставовите на учениците за тоа дали од нив се очекува без поговор да ги слушаат наставниците и доколку некои одлуки -правила не им се јасни, добиени се следните одговори:

	Дали од учениците се очекува без поговор да ги слушаат наставниците и доколку некои одлуки - правила не им се јасни?			
	НЕ	Не знам	Да	Вкупно
Учениците	256 37.54 %	168 24.63 %	258 37.83 %	682 100.00 %

Горното прашање е поставено повеќе заради анализите на перцепциите на учениците за видот и степенот на отвореноста во меѓусебната комуникација , но може и , како што е наведено тоа по анализата на одговорите на прашањето бр.1, индиректно наблудувајќи, како повторување на минатото време во кое постоело „институционално негување на феноменот на послушност,, на наставникот ,по цена на (не)воспоставување елементарна јасност во меѓусебната комуникација .Ова прашање исто така , може и да говори за степенот на присутноста на „практикување на демократијата „во училиште.

ОДДЕЛЕНИЕ	Дали од учениците се очекува без поговор да ги слушаат наставниците и доколку некои одлуки /правила не им се јасни…			ВКУПНО
	Не	Не знам	Да	
.VI	65 28.38 %	52 22.71 %	112 48.91 %	229 100.00 %
VII	82 36.12 %	56 24.67 %	89 32.21 %	227 100.00 %
VIII	109 48.23 %	60 26.55 %	57 25.22 %	226 100.00 %

Учениците на VIII одд со 48,23 % одговориле со,, не ,, на прашањето дали од нив се очекува да безпоговорно ги слушат наставниците и доколку некои одлуки не им се јасни ,потоа следува VII одд. со 36,12 % , па VI одд. со 28,38 % .Најголем процент на учениците кои одговориле со изборот ,,не знам,, се од VIII одд. со 26,55 % ,потоа следуваат VII одд.со 24,67 % и VI одд. со 22,71 %. На изборот ,,да,, , со поголем процент имат одговорено учениците од VI одд. кој изнесува 48,91 % ,потоа VII одд. со 39,21 % и на крајот учениците од VIII одд. со 25,22 %. Според добиените проценти констатираме дека хипотезата која гласи дека ,,Учениците сметаат дека демократијата се практикува во нивните училишта,, ,не е потврдена од страна на учениците.

Структурата на примерокот на наставниците

Во анкетирањето учествувале 86 наставници од кои 41 машки и 45 жески род

Местото на постојаното живеење на наставниците се гледа во следната табела:

Место	Македонци	Албанци	Турци	Вкупно
Кичево	24 - 27.90%	11 - 12.79%	/	35 - 40.70 %
Зајаз	/	9 - 10.46 %	/	9 - 10.46 %
С.Туин	/	3 - 3.49 %	/	3 - 3.49 %
С. Јагол-Доленци	/	6 - 6.98 %	/	6 - 6.98 %
С. Србица	/	5- 5.81 %	/	5 - 5.81 %
С. Грешница	/	8 - 9.30%	/	8 - 9.30 %
С. Стрелци	/	7 - 8.14%	/	7 - 8.14 %
С. Шутово	/	2 - 2.33%	/	2 - 2.33 %
С.Премка	/	1 - 1.16%	/	1 - 1.16 %
С. Лисичани	/	/	3 -3.49%	3 - 3.49 %
С. Пласница	/	/	2 -2.33%	2 - 2.33 %
Другово	5 - 5.81 %	/	/	5 - 5.81 %
	29- 33.72%	52 - 60.46 %	5 - 5.81%	86 - 100.00 %

Во следната табела се прикажани податоците за години на староста на наставниците:

Години на староста на наставниците					
1	27	1.16 %	5	45	5.81 %
3	28	3.49 %	7	46	8.14 %
1	29	1.16 %	3	47	3.49 %
1	30	1.16 %	4	48	4.65 %
1	31	1.16 %	3	49	3.49 %
1	32	1.16 %	3	50	3.49 %
3	33	3.49 %	1	51	1.16 %
1	34	1.16 %	4	52	4.65 %
1	35	1.16 %	3	53	3.49 %
3	36	3.49 %	1	54	1.16 %
3	37	3.49 %	2	55	2.33 %
1	38	1.16 %	2	56	2.33 %
3	39	3.49 %	2	57	2.33 %
2	40	2.33 %	2	58	2.33 %
3	41	3.49 %	2	59	2.33 %
3	42	3.49 %	6	60	6.98 %
2	43	2.33 %			
3	44	3.49 %	86	3921	45.60

Од горната табела се гледа дека 45.60 е просечната година на староста од сите испрашани наставници.

Табела : Години на работно искуство на наставниците

Години на работно искуство на наставниците					
4	36	4.65 %	2	17	2,33 %
2	35	2.33 %	4	16	4,65 %
1	34	1.16 %	1	15	1,16 %
3	33	3.49 %	3	14	3.49 %
2	32	2.33 %	2	13	2.33 %
1	31	1.16 %	2	12	2.33 %
6	30	6.98 %	1	11	1.16 %
4	29	4.65 %	1	10	1.16 %
2	28	2.33 %	3	9	3.49 %
2	27	2.33 %	4	8	4.65 %
3	26	3.49 %	3	7	3.49 %
4	24	4.65 %	5	6	5.81 %
2	23	2.33 %	1	5	1.16 %
1	22	1.16 %	2	4	2.33 %
1	21	1.16 %	3	3	3.49 %
3	20	3.49 %	3	2	3.49 %
4	19	4.65 %		1	
1	18	1.16 %	86	1605	18.67

Од табелата се гледа дека просечен број на години на работното искуство е 18,67 .

Прашањето за наставниците „**Дали би ја промениле професијата?**„ поставено е како можен индикатор на нивното задоволство и можноста за нивната мотивираност за работа.

Дали би ја промениле професијата	ДА	НЕ	НЕ ЗНАМ	ВКУПНО
Наставниците	8 9.30 %	62 72.09 %	16 18.60 %	86 100.00 %

Добиените резултати покажуваат дека поголемиот број од вработените т.е. 72,09% не би ја промениле професијата , оние кои би ја промениле професијата наставник се застапени со 9,30 %, додека оние кои не се определени се 18,60 %.Според вака искажаните проценти на наставниците, можеме да констатираме дека наставниците се задоволни со нивната професија.

Споредбата на ставовите на учениците и на наставниците за односот кон демократијата

Во овој дел ги извлековме само оние прашања кои беа заеднички и за учениците и за наставниците.Како што е прикажано и во табелата,структурата на учесниците во истражувањето е следната:ученици се 682, додека наставници 86.

На прашањето од анкетниот лист,според кое послушноста и почитувањето на авторитетот се најважните доблести кои учениците треба да ги научат,своето ниво на согласноста со тврдењето можеа да ги искажат преку петтостепените квалитативни нивоа, искажани преку следната скала:

5 .Потполно се согласувам; 4. Делумно се согласувам; 3.Неопределен сум,

2 .Воглавно се согласувам ; 1. Воопшто не се соглас

1	**Учениците треба да се научат да се послушни и да го почитуват претпоставениот.**					Вкупно	$\bar{X}$
	Воопшто не се согласувам	Во главно се согласувам	Неодлучен сум	Делумно се Согласу-вам	Потполно се согла-сувам		
	1	2	3	4	5		
Ученици	24 3.52 %	65 9.53 %	139 20.38 %	191 28.01 %	263 38.56 %	682 100.00 %	3.88
Наставници	7 8.14 %	11 12.79 %	8 9.30 %	36 41.86 %	24 27.91 %	86 100.00.%	3.69
Вкупно	31 4.04%	76 9.90 %	147 19.14 %	227 29.56 %	287 37.37 %	768 100.00 %	3.86

Добиените податоци покажуваат дека 263 ученици или 38,56% го избрале ставот потполно се согласувам,191 ученик или 28,01% го избрале ставот делумно се согласувам,додека вкупниот процент на останатите добиени одговори е 33,43%.

Според овие податоци може да се заклучи дека нашите ученици се послушни и почитувањето на авторитетот длабоко е вкоренет во нив.На ваквото објаснување на ставот „потполно се согласувам,, се наметнува и феноменот кој често го предизвикува традиционално образование ,а се однесува на навиката за послушност , која како таква придонесува за зачувување на постојната состојба , но исто така , и општествениот поредок во целина .

Многу се разликува мислењето кај наставниците,кои во најголем процент т.е. 41,86% го избрале ставот „делумно се согласувам,,.На второ место доаѓа ставот „потполно се согласувам со 27,91%,потоа „во главно се согласувам со 12,79%, „неодлучен,, со 9,30% ,а за ставот „воопшто не се согласувам,, се одлучиле 8,14% од нив.

Од горе наведените податоци и пресметаната аритметичка средина кај учениците(3,88) и кај наставниците (3,69), можеме да констатираме дека од страна и на едните и на другите

позитивно е одговорено,што знаши дека учениците треба да се послушни и да го почитуваат претпоставениот.Според овие податоци не е потврдена хипотезата дека постојат разлики во ставовите на учениците и наставниците во однос на потребата за почитување на авторитетот во училиштето.

Следува табелата во која се содржани одговорите на учесниците на прашањето „Дали во секое општество треба да постои водач на кој луѓето потполно ќе му веруват и чии одлуки ќе ги спроведуваат без приговори ?„

2.	**Во секое општество треба да постои водач кому луѓето потполно ќе му веруват и чии одлуки ќе ги спроведуват без приговор.**					вкупно	$\bar{X}$
	Воопшто не се согласувам	во главно не се согласувам	неодлучен сум	делумно се согласувам	потполно се согласувам		
	1	2	3	4	5		
Ученици	318 46.63 %	126 18.47 %	134 19.65 %	90 13.20 %	14 2.05 %	682 100.00 %	1.90
Наставници	24 27.91 %	36 41.86 %	12 13.95 %	8 9.30 %	6 6.98 %	86 100.00 %	2.26
вкупно	342 44.53 %	162 21.09 %	146 19.01 %	98 12.76 %	20 2.60 %	768 100.00 %	2.08

Со овој став потполно се согласуваат 14 (или 2,05 %) ученици, делумно 90 (или 13,2 %) , додека неодлучни беа 134 (или 19,65 %). Со ставовите „во главно не се согласувам„ се изјасниле 18,47 % и „воопшто не се согласувам„ се изјасниле 46,63 % , што не наведува на заклучокот дека повеќемина од учениците не веруваат дека треба да постои еден водач (лидер)на кој луѓето потполно ќе му веруват и без приговори ќе ги спроведуваат неговите одлуки.Од овој резултат можеме да констатираме дека ова мислење на учениците е позитивно ,бидејќи влијае на подршката на демократските процеси ,не само во училиштето туку и во поширокото општество.

Понатаму ги издвојуваме добиените проценти на наставниците. За ставот „потполно се согласувам „(дека во секое општество треба да постои водач на кој луѓето потполно ќе му веруваат и чии одлуки ќе ги извршуваат без приговори) се изјасниле 6,98% .За ставот „делумно се согласувам„ се изјасниле 9,30%, неодлучни биле 13,95 %, за „воопшто не се согласувам„ 27,91 % и „во главно не се согласувам„ 41,86 %.

Според овие податоци и пресметаната аритметичка средина, не е потврдена хипотезата дека во секое општество треба да постои водиач кому луѓето потполно ќе му веруват и чии одлуки ќе ги спроведуват без приговор.

На прашањето кое гласеше :„ Она што им е најпотребно на учениците е строга дисциплина и спремност да ги исполнуват задачите кои ги поставува семејството и општествените авторитети„ ,добиени се следните одговори:

3.	**Она што им е најпотребно на учениците е строга дисциплина и спремност да ги исполнуват задачите кон семејството**					вкупно	$\bar{X}$
	Воопшто не се согласувам	во главно се согласувам	неодлучен сум	делумно се согласувам	потполно се согласувам		
	1	2	3	4	5		
Ученици	48 7.04 %	64 9.38 %	128 18.77 %	230 33.72 %	212 31.09 ,	682 100.00 %	3.72
Наставници	10 11.63 %	24 27.91 %	18 20.93 %	28 32.56 %	6 6.98 %	86 100.01 %	2.95
вкупно	58 7.55 %	88 11.46 %	146 19.01 %	258 33.59 %	218 28.39 %	768 100.00%	3.33

Добиените резултати (што конечно важи за сите прашања што им се поставени на анкетираните во ова истражување) можат да служат во процената на односите помеѓу поставените ,таканаречени процесни цели т.е. развиените вештини и вредности за граѓанското делување кај учениците, но и во препознавањето и практикувањето на тие исти вештини и вредности во реалниот живот.

Гледајќи ги добиените резултати од ова анкетирање на учениците, 31,09 % потполно се согласуваат, а 33,72 % делумно се согласуваат или вкупно 64,81% потполно или делумно се согласуваат и со тоа учениците во поголемиот дел се за тоа дека е потребна строга дисциплина и исполнување на задачите кои им ги даваат семејството и општеството.

И од овие резултати евидентна е разликата во проценти помеѓу учениците и наставниците за ставот потполно се согласувам (Она што им е најпотребно на учениците е строга дисциплина и спремност да ги исполнуват задачите кои ги поставува семејството и општествените авторитети). Наставниците потполно се согласуваат во само 6,98 % додека учениците во 31,09 %..Со ставот делумно се согласувам наставниците се изјаснија со 32,56 % ,со ставот неодлучен сум со 20,93 %,во главно се согласувам со 27,91 % и воопшто не се согласувам со 11,63 %.

Од изјаснувањето на учениците(3,72) и на наставниците(2,95) можеме да констатираме дека кај оваа хипотеза не се идентични ставовите на наставниците со тие на учениците,што не значи дека не постојат разлики во ставовите на учениците и наставниците за потребата од строга дисциплина кај учениците.

4.	**За успех на некоја група најважно е да се најде енергичен, строг и праведен водител кого сите ќе го почитуваат и слушаат.**					вкупно	$\bar{X}$
	Воопшто не се согласувам	Во главно се согласувам	Неодлучен сум	Делумно се согласувам	Потполно се согласувам		
	1	2	3	4	5		
Ученици	147 21.55 %	79 11.58 %	104 15.25 %	179 26.25 %	173 25.37 %	682 100.00 %	3.22
Наставници	18 20.93 %	21 24.42 %	8 9.30 %	29 33.72 %	10 11.63 %	86 100.00 %	2.91
вкупно	165 21.48 %	100 13.02 %	112 14.58 %	208 27.08 %	183 23.83 %	768 100.00 %	3.06

За делумно и потполно се согласувам (за успех на некоја група најважно е да се најде енергичен ,строг и преведен водител),се изјаснија вкупно 51,62 % од учениците, при што се јави голема разлика во споредба со прашањето бр. 2, која е за 36.37 % поголема од

процентот кој се однесуваше на прашањето за улогата на водителот во општеството.Исто така има промени и кај бројот на испитаниците кои се определиле за опцијата „воопшто не се согласувам „ 21.01 % така да разликата во проценти (25.08 %) е исто така во „корист„ на водителот во општеството.Според изјаснувањето на учениците во проценти и пресметаната аритметичка средина ,оваа хипотеза се прифаќа од страна на учениците.Во графата воопшто не се согласувам, учениците се изјасниле со 21,55 % додека наставниците со 20,93 % ,што не е голема разликата меѓу ставовите на учениците и наставниците. Но голема е разликата во ставот „потполно се согласувам„ каде учениците се определиле со 25,37 % , а наставниците со 11,63 % , а слична беше разликата и во ставот делумно се согласувам, кој кај учениците е 26,25 % , а кај наставниците е (33,72 %) .

Според изјаснувањето на учениците (3,22), ова хипотеза е потврдена ,додека кај наставниците(2,91) не е потврдена хипотезата дека не постојат разлики во ставовите на учениците и наставниците за потребата од строга дисциплина во училиштето .

На прашањето во кое е барано од учениците и наставниците да се изјаснат прашањето број 5 ,резултатите се дадени во табелата која следи.

5.	**Демократските вредности ,ставови и демократското однесувањ може да се учат и стекнуваат по пат на образование...**					вкупно	$\bar{X}$
	Воопшто не се согласувам	во главно се согласувам	неодлучен сум	делумно се согласувам	потполно се согласувам		
	1	2	3	4	5		
Ученици	32	46	116	218	270	682	3.95
	4.69 %	6.74%	17.01 %	31.96 %	39.59 %	100.00 %	
Наставници	2	4	10	37	33	86	4.10
	2.33 %	4.65 %	11.63 %	43.02 %	38.37 %	100.00 %	
вкупно	34	50	126	255	303	768	3.97
	4.43 %	6.51 %	16.41 %	33.20 %	39.45 %	100.00	

Гледајќи го изјаснувањето и на учениците и на наставниците не радува фактот дека многу низок е процентот на потврдените ставови кои гласеа „воопшто не се согласувам„ и „во

главно се согласувам,, дека демократските вредности ,ставови и демократското однесување може да се учи и стекнува по пат на образование,а тие вкупно изнесуват 7,02 % за број 1 и 11,39 % за бројот 2 .Впечатлива е малата разлика меѓу наставниците (38,37 %)и учениците (39,59 %)во односот „потполно се согласувам,, дека демократските вредности ,ставови и демократското однесување може да се учи и стекнува по пат на образование, но голема е разликата во ставот делумно се согласувам, за кои се определиле 31,96 % од учениците ,односно 43,02% од наставницитеВо ставот неодлучен сум поголем е процентот кај учениците (17,01 %),отколку кај наставниците (11,63 %).

Според истакнувањето на учениците и наставниците и според добиената аритметичка средина и кај учениците(3,95) и кај наставниците (4,10) ,се потврдува хипотезата дека испитаниците сметаат дека училиштето значајно придонесува за формирање на демократските вредности и односи во наставата.

Следната табела објаснува за согласноста на наставниците и учениците .....

6.	**Треба да се земат во предвид ставовите и мислењата на учениците за прашањата од животот и работата на училиштето...**					вкупно	$\bar{X}$
	Воопшто не се согласувам	во главно се согласувам	неодлучен сум	делумно се согласувам	потполно се согласувам		
	1	2	3	4	5		
Ученици	10 1.47 %	26 3.81 %	34 4.99 %	108 15.84 %	504 73.90 %	682 100.00 %	4.57
Наставници	2 2.33 %	6 6.98 %	3 3.49 %	32 37.21 %	43 50.00%	86 100.00 %	4.26
вкупно	12 1.56 %	32 4.17 %	37 4.82 %	140 18.23 %	547 71.22 %	768 100.00 %	4.53

Високо искажаниот став на учениците од 73,90 % дека треба да се земат во предвид нивните ставови и мислења за прашањата од животот и работата на училиштето,ги обврзува наставниците да негуваат односи на соработка и партнерство со учениците и да создаваат услови во кои учениците ќе имат поголема шанса за партиципација и активна улога во процесите на одлучување во севкупниот живот и секојдневната работа во училиштето.Заради тоа демократијата треба повеќе да се практикува во училишниот амбиент,каде што децата сами ќе се уверуваат дека и тие се многу значајни за успехот и работата на училиштето. Поради еднаквоста или рамноправноста ,одговорност за почитување и унапредување на правата на децата (Конвенција за правата на децата 1989),носат сите возрасни преку својата професионална улога ,а најмногу оние кои работат со децата (вработените во училиштата) .

Како во другите земји, така и во нашата земја постои општа согласност околу тоа дека практичното сваќање на правата на децата ,може само да помомгне во јакнењето на граѓанските права на децата и дека тие се неопходен предуслов на модерното цивилно општество,а голема улога има и воведувањето на предметот „Граѓанско образование„ во седмото и осмото одделение.За овој став, голем е процентот на учениците потполно се согласувам (73,90 %), наспроти одговорот на наставниците (53,73 %).Уште поголема е разликата во проценти (15,84 %) кај учениците и (37,21 %) кај наставниците на ставот „делумно се согласувам„ ,со што дополнително се потврдува вредноста и довербата на изборот на учениците „потполно се согласувам„ со голем процент во споредба со наставниците.

За ова прашање, од добиените проценти и аритметичка средина кај учениците (4,57) и наставниците (4,26)- се прифаќа хипотезата дека не постои разлика во ставовите на учениците и наставниците за потребата од вклучувањето на учениците во животот и работата на училиштето..

Ставовите на учениците по одделенијата

Со овој дел на емпириското истражување сакавме да провериме дали постои статистички голема разлика и поврзаност помеѓу квантитативните нивоа на демократските ставови на учениците според одделенијата, односно учениците кои ја посетуваат наставата во VI,VII и VIII одделение.Статистичките параметри ги применувавме само на заедничките прашања.

На прашањето бр.1 „Послушноста и почитувањето на авторитетот се најважните доблести кои учениците треба да ги научат„ , фреквенциите и ставовите на учениците на сите три одделениа дадени се во долната табела :

1	**Учениците треба да се научат да се послушни и да го почитуват предпоставениот...**						
	Воопшто не се согласувам	Во главно се согласувам	Неодлучен сум	Делумно се согласувам	Потполно се согласувам		
	1	2	3	4	5	Вкупно	$\bar{X}$
VI Одд	11 4.80 %	22 9.61 %	43 18.78 %	62 27.07 %	91 39.73 %	229 100.00 %	3.87
VII Одд	12 5.29 %	18 7.93 %	45 19.82 %	72 31.72 %	80 35.24 %	227 100.00 %	3.84
VIII Одд	1 0.44 %	25 11.06 %	51 22.57 %	57 25.22 %	92 40.71 %	226 100.00 %	3.95
Вкупно	24 3.52 %	65 9.53 %	139 20.38 %	191 28.01 %	263 38.56 %	682 100.00 %	3.89

Според табелата, трите одделенија дале поголем процент за ставот „потполно се согласувам„ , и тоа VIII одд 40,71 %, VI одд 39,73% и VII одд. 35,24 % . После тоа доаѓа ставот „делумно се согласувам„ , и тоа во VII одд со 31,72 %, VI одд . со 27,07 % и VIII одд со 25,22 %.Добар процент има ставот „неодлучен сум„ , и тоа во VIII одд 22,57 %, VII одд 19,82 % и VI одд. 18,78 %. За ставот „во главно се согласувам„ мала е

разликата меѓу одделенијата, додека за ставот „воопшто не се согласувам„ VIII одд. е со 0.44 %, VII одд.со 5,29 % , а VI одд.со 4,80 %.

Сите групи (над 3,83) ја потврдија хипотезата дека треба да се научат да се послушни и да го почитуват претпоставениот.

На прашањето бр.2 кое гласи : „Во секое општество треба да постои водител (лидер), кој ќе се слуша и почитува и чии одлуки ќе се спроведуваат без приговор„ , учениците од VI, VII, и VIIIодд. изјавија:

2	**Во секое општество треба да постои водител(лидер) кому луѓето потполно ќе му веруват и чии одлуки ќе ги спроведуват без приговор...**						
	Воопшто не се согласувам	Во главно се согласувам	Неодлучен сум	Делумно се согласувам	Потполно се согласувам		- X
	1	2	3	4	5	Вкупно	
VI Одд	107 46.72 %	36 15.72 %	52 22.71 %	27 11.79 %	7 3.06 %	229 100.00 %	2.09
VII Одд	99 43.61 %	51 22.47 %	44 19.38 %	26 11.45 %	7 3.08 %	227 100.00 %	2.08
VIII Одд	112 49.56 %	39 17.26 %	38 16.81 %	37 16.37 %	0 00.00 %	226 100.00 %	2.00
Вкупно	318 46.63 %	126 18.47 %	134 19.65 %	90 13.20 %	14 2.05 %	682 100.01 %	2.06

На ова прашање поголем процент има ставот „воопшто не се согласувам„ , и тоа во VIII одд. 49,63 % ,во VI одд. 46,72 % и во VII одд. 43,61 %.За ставовите „во главно се согласувам„ и „неодлучен сум„ скоро се идентични процентите, со мала разлика помеѓу нив.За ставот „потполно се согласувам„ учениците од VIII одд. не дале ниту еден процент.Според ова можеме да заклучиме дека не е потврдена оваа хипотеза од страна на сите групи.

На прашањето бр. 3 кое гласи:„ Она што им е најпотребно на учениците е строга дисиплина и спремност да ги исполнуват задачите кои ги поставува семејството и општествените авторитети„ ,добиените резултати се презентирани на следната табела:

3	**Она што им е најпотребно на учениците е строга дисиплина и спремност да ги исполнуват задачите кои ги поставува семејството...**						
	Воопшто не се согласувам	Во главно се согласувам	Неодлучен сум	Делумно се согласувам	Потполно се согласувам	**Вкупно**	**-**
	1	2	3	4	5		**X**
VI Одд	19 8.30 %	20 8.73 %	43 18.78 %	76 33.19 %	71 31.00 %	229 100.00 %	3.70
VII Одд	17 7.49 %	29 12.78 %	39 17.18 %	67 29.52 %	75 33.04 %	227 100.00 %	3.68
VIII Одд	12 5.31 %	15 6.64	46 20.35 %	87 38.50 %	66 29.20 %	226 100.00 %	3.80
Вкупно	48 7.04 %	64 9.38 %	128 18.77 %	230 33.72	212 31.09 %	682 100.00 %	3.72

На ова прашање најголем број од учениците го одбрале ставот „делумно се согласувам„ и тоа во VIII одд. 87 (или 38,50 %), потоа во VI одд. 76 (или 33,19).После тоа доаѓа ставот „ потполно се согласувам„ кој во VII одд. го одбрале 75 (или 33,04%), а во VI одд. 71(или 31 %), додека најмал процент има ставот „воопшто не се согласувам„ исто така од VIII одд .кој го избрале 12 (или 5.31 %) ученици.

Според горе наведеното ,можеме да констатираме дека сите катеории (над 3,65) истакнале делумна согласност со тврдењето дека на учениците им е потребна строга дисциплина и спремност да ги исполнуват задачите кои ги поставува семејството.

На прашањето бр.4. кое гласи : „**За да биде успешна некоја група,многу е важно да има јак и праведен водител кој ќе биде почитуван од сите**„,добиени се следните фрекфенции:

4	**За успех на некоја група најважно е да се најде енергичен, строг и праведен водител кого сите ќе го почитуваат и слушат.**						
	Воопшто не се согласувам	Во главно се согласувам	Неодлучен сум	Делумно се согласувам	Потполно се согласувам		-
	1	2	3	4	5	Вкупно	X
VI Одд.	46 20.09 %	20 8.73 %	32 13.97 %	60 26.20 %	71 31.00 %	229 100.00 %	3.39
VII Одд.	53 23.35 %	48 21.15 %	57 25.11 %	40 17.62 %	29 12.78 %	227 100.01 %	2.75
VIII Одд.	48 21.24 %	11 4.87 %	15 6.64 %	79 34.96 %	73 32.30 %	226 100.01 %	3.52
Вкупно	147 21.55 %	79 11.58 %	104 15.25 %	179 26.25 %	173 25.37 %	682 100.00 %	3.22

На ова прашање поголем процент има ставот „делумно се согласувам„ и тоа кај учениците од VIII одд. 34,96 % ,во VI одд. 26,20 %. Поголем процент има и ставот „потполно се согласувам„ и тоа во VI одд. со 31,00 % ,а пак во VIII одд. со 32,30 %.Што се однесува за тоа кој став има помал процент,тоа е ставот „неодлучен сум„ кој во VIII одд. е застапен со

6,4 % .

Според искажаниот став и добиената аритметичка средина,учениците од VI одд и учениците од VIII одд се согласуват додека учениците од VII одд. не се согласуваат со ставот дека ,За успех на некоја група најважно е да се најде енергичен, строг и праведен водител кого сите ќе го почитуваат и слушат.

На прашањето бр. 5 кое гласи: „Дали демократските вредности ,ставовии и демократското однесување може да се учи и стекнува по пат на образование?„ ,добиени се следните фреквенции:

5	**Демократските вредности ,ставови и демократското однесување може да се учат и стекнуваат по пат на образование...**					Вкупно	- X
	Воопшто не се согласувам	Во главно се согласувам	Неодлучен сум	Делумно се согласувам	Потполно се согласувам		
	1	2	3	4	5		
VI Одд.	9 3.93 %	12 5.24 %	28 12.23 %	93 40.61 %	87 37.99 %	229 100.00%	4.03
VII Одд.	16 7.05 %	21 9.25 %	39 17.18 %	57 25.11 %	94 41.41 %	227 100.00 %	3.85
VIII Одд	7 3.10 %	13 5.75 %	49 21.68 %	68 30.09 %	89 39.38 %	226 100.00 %	3.97
Вкупно	32 4.69 %	46 6.74 %	116 17.01 %	218 31.96 %	270 39.59 %	682 100.00 %	3.95

На ова прашање најголем процент има ставот „потполно се согласувам„ и тој во VII одд. изнесува 41,41 % , во VIII одд. 39,38 % ,а во VI одд. 37,99 %.И ставот „делумно се согласувам„ има идентичен процент, но најмал процент има ставот „воопшто не се согласувам„ за кој во VIII одд. се изјасниле 3,10 % од учениците. Учениците со овие проценти ни кажуваат дека веруваат во можноста преку образованието да се дојде до демократски вредности и демократско однесување,што за нас е добар и позитивен знак дека младите веруваат во образованието .

На прашањето бр.6 кое гласи **„Треба да се земат во предвид ставовите и мислењата на учениците за прашањата од животот и работата на училиштето„ ,** добиени се следните фрекфенции:

6	**Треба да се земат во предвид ставовите и мислењата на учениците за прашањата од животот и работата на училиштето...**					Вкупно	- X
	Воопшто не се согласувам	Во главно се согласувам	Неодлучен сум	Делумно се согласувам	Потполно се согласувам		
	1	2	3	4	5		
VI Одд	5 2.18 %	9 3.93 %	10 4.37 %	27 11.79 %	178 77.73 %	229 100.00 %	4.59
VII Одд	1 0.44 %	4 1.76 %	17 7.49 %	38 16.74 %	167 73.57 %	227 100.00 %	4.61
VIII Одд	4 1.77 %	13 5.75 %	7 3.10 %	43 19.03 %	159 70.35 %	226 100.00 %	4.50
Вкупно	10 1.47	26 3.81 %	34 4.98 %	108 15.84 %	504 73.90 %	682 100.00 %	4.57

На ова прашање учениците во најголем дел се определиле за ставот „потполно се согласувам„ и тоа VI одд.со висок процент од 77,73 %,следува VII одд.со 73,57 % и VIII одд со 70,35 % . Најмал процент од ова прашање има ставот „воопшто не се согласувам„ и тоа во VII одд. со само 0,44 %. И од овие одговори и ставови на учениците откриваме дека учениците сакаат и очекуваат нивните ставови и мислења да се земат во предвид за прашањата од животот и работата на училиштето и со тоа како да ни порачуваат дека треба и нив да ги вклучиме во разни проекти за работата на училиштето.

Ставовите на наставниците кон демократијата

Како што неколку пати веќе е наведено,дел од прашалниците се разликуваа помеѓу учесниците во истражувањето ,така да следуваат одговорите и анализите само на оние прашања кои им беа поставени на наставниците .Со сетот од четири прашања кои ќе бидат презентирани , а на кои наставниците исто така одговориле со можноста за избор на петостепените квалитативни нивоа , го сакавме следното :Да ги видиме концептите на критична (про)мисла како разумна одлука за тоа што да се работи или верува,со посебен осврт на (не)постоењето на мисловното функционирање на дуализмот –согласување на апсолутните тврдења точно-неточно ,во нашиот случај на изборот: потполно се согласувам и воопшто не се согласувам, што се можеби доминанти во фреквенциите.За ваков пристап се определивме првенствено заради пристапот во „степенот на леснотијата на цртеж на светот само со црно-бело „од страна на наставниците кои можат „со нив да ја обојат целата педагошка работа,а воспитно-образовната работа ,секако несомнено .

Понатаму следуваат одговорите во кои од наставниците се бараше да се определат во однос на застапеноста на демократските процедури и принципи во нивните училишта .

Покрај прашањето дадено е и упатство кое гласи :оценете од 1 до 5.

Табела 1

Застапени се демократските процедури и принципи за одлучувањето во вашето училиште						
1 Воопшто не се согласувам	2 Во главно Се согласувам	3 Неодлучен сум	4 Делумно се согласувам	5 Потполно се согласувам	Вкупно	- X
3	6	22	41	14	86	3.66
3.49 %	6.98 %	25.58 %	47.67 %	16.28 %	100.00 %	

Според добиените резултати,41 наставник го одбрале ставот „делумно се соглсувам„ што изразено во проценти изнесува 47,67%.За ставот „неодлучен сум„ се изјасниле 22 наставници (или 25,58%) , потоа доаѓа ставот „потполно се согласувам„ за кој се одлучиле 14 наставници (или 16,28%),па „во главно се согласувам„ кој го избрале 6 наставници (или 6,98%) и на крај е ставот „воопшто не се согласувам„ ,кој го избрале 3 наставници (или 3,49%).

Според искажаните ставови на наставниците,добиените проценти и добиената аритметичка средина(3,66) можеме да констатираме дека е потврдена хипотезата дека наставниците сметаат дека во училиштето се почитуваат демократските принципи и процедури .

На прашањето кое се однесува „ За почитувањето на демократските принципи и процедури во работата со учениците„ ,добиени се следните оценки„:

Табела 2

Застапени се демократските принципи и процедури во работата со учениците						
1 Воопшто не се согласувам	2 Во главно се согласувам	3 Неодлучен сум	4 Делумно се согласувам	5 Потполно се согласувам	Вкупно	- X
1	4	16	53	12	86	3.83
1.16	4.65 %	18.61 %	61.63 %	13.95 %	100.00 %	

Во ова прашање поголемиот број на наставниците се определиле за ставот делумно се согласувам и тоа 53 (или 61,63 %), потоа следува ставот неодлучен сум со 16 (или 18,61%), па ставот потполно се согласувам со 12 (или 13,95 %), а најмалку има ставот воопшто не се согласувам ,кој го одбрал само 1 наставник (или 1,16 %).

Како кај предходната, така и во оваа табела идентични се одговорите на наставниците ,па според искажаните ставови на наставниците,добиените проценти и добиената

аритметичка средина (3,83) можеме да констатираме дека е потврдена хипотезата дека наставниците сметаат дека во училиштето се почитуваат демократските принципи и процедури во работата со учениците.

На прашањето за квалитетот на меѓучовечките односи во наставничкиот дел на колективот ,одговорено е како што следи:

Табела 3

Наставниците високо го оценуваат квалитетот на меѓучовечките односи во колективот.						
1 Воопшто не се согласувам	2 Во глсвно не се согласувам	3 Неодлучен сум	4 Делумносе согласувам	5 Потполно се согласувам	Вкупно	- X
2	6	21	42	15	86	3.72
2.32%	6.98 %	24.42 %	48.84 %	17.44 %	100.00 %	

И во ова прашање доминира ставот „делумно се согласувам„ кој го одбрале 42 наставници (или 48,84 %), потоа следуваат „неодлучен сум„ за кој се одлучиле 21 наставник (или 24,42 %), па „потполно се согласувам„ со 15 наставници (или 17,44 %) и последни се„ во главно се согласувам„ со 6 (или 6,98 %) и „ воопшто не се согласувам„ со 2 наставници (или 2,32 %).Одговорите на ова прашање се многу важни ,бидејќи од овие одговори можеме да дојдеме до сознанија какви се меѓучовечките односи во колективот. Се разбира дека, ако се добри меѓучовечките односи во еден колектив, тогаш тука не изостанува успехот со учениците.Гледајќи ги добиените проценти на фрекфенциите, како и аритметичката средина (3,72) со задоволство можеме да кажеме дека наставниците позитивно се изјасниле за хипотезата дека :наставниците високо го оценуваат квалитетот на меѓучовечките односи во колективот.

На прашањето : Како реагирате кога има конфликт меѓу учениците (оцени од 1-5),добиени се следните показатели:

Табела 4

1 Ги казнувам учениците	2 Барам помош од училишните колеги	3 Им дозволувам сами да ги решаваат проблемите	4 Ги повикувам родителите	5 Се обидувам да посредувам меѓу учениците	Вкупно	- X
8	12	13	22	31	86	3,65
9,30 %	13,95 %	15,12 %	25,58 %	36,05%	100.00 %	

Сите понудени нивоа беа избрани ,со тоа што најголемата фреквенција е искажана за нивото 5 (се обидувам да посредувам меѓу учениците),кое го избрале 31 наставник (или 36,05%),потоа следува нивото 4 (ги повикувам родителите) ,кое го избрале 22 наставници (или 25,58 %) . За нивото 3 (им дозволувам сами да ги решаваат проблемите) се одлучиле 13 наставници (или 15,12 %),а фреквенциите на ставовите,, барам помош од училишните колеги,, е 12 (или 13,95 %) и „ги казнувам учениците „ е 8 (или 9,30 %).

Не радува фактот дека поголемиот дел од наставниците се определиле за ставот „се обидувам да посредувам меѓу учениците,, .

Па поради ваквото изјаснување и добиената аритметичка средина (3,65) е потврдена хипотезата дека :наставниците сметаат дека поседуват(комуникациски)вештини за решавање на конфликти помеѓу нивните ученици.

ЗАКЛУЧОК

Промени во образовниот систем се неопходни и не треба де се примаат со резерва.Ние имаме систем ,ние сме во него заедно со учениците и заедницата.Наша цел е да се обезбеди квалитетно ,сериозно и релевантно образование за иднината и дека ние мора да вклучиме елементи на демократско однесување и управување со демократските процеси во наставата ,како и да се почитуваат правата на децата и правото на избор во образованието.Целта на образованието е да се поттикне креативноста и иновацијата кои нам ни се потребни за пронаоѓање на модел на живот за во 21 век, со акцент на одржливиот развој и доживотното учење.Демократијата е незаобиколен и важен фактор на современата образовна работа.Областа на учењето за демократија е полето на соработка ,размена на дијалози, критичко размислување,разум, автономија и меѓузависност. Поради тоа во рамките на учењето за демократијата како правило пред се е принципот на почитување на личноста ,правило кое овозможува да прифатите или одбиете еден вид на дејствување.Најбезбеден критериум е да дознаете дали едно правило на однесување помага да се почитува владеењето на личноста .Тоа не задолжува да се вреднуваат еднакво интересите на другите или подобро речено ,интересите на сите.Се разбира, ова правило во училиштето треба да стане составен дел од системот на вреднувањето на учениците и на наставниците.Затоа училиштата мора да се справат со предизвиците на времето и што побрзо да се прилагодат ,бидејќи од едната страна „се согласија „на демократскиот дискурс (реформа на образованието и сите постојни законски одредби),додека од другата страна реални се очекувањата за остварување на интересите на родителите ,учениците и наставниците ,односно на вкупната социјална заедница во реализирањето на нејзината најважна мисија-демократизација на општеството.Во целиот процес на формирање и менување на демократските принципи и ставови на учениците,на вработените во училиштето мора да им се додели голема и незаменлива улога во остварувањето на таквите предизвици.Еден од најважните принципи е дека училиштето не може да биде само образовна институција ,туку и да се обиде да „ја подигне индивидуата на нивото на личност која треба да биде предмет на демократскиот процес,кој пак треба да има :

1.соодветно знаење;

2.надлежност;

3.сигурност ;

4.посветеност на граѓанското општество;

5.верување во граѓанска доблест ;

6.вештини за граѓанско учество,како и

7.одлучување на основа на аргументи .

Значи, со еден збор кажано, образованието треба да придонесе на промената на личностите во саканата насока ,при што се мисли на својствата(состојба, вештини,особини ит.н.) кои се уште не се целосно или трајно формирани ,туку тоа се тежнее да се постигне преку воспитно-образовните активности.

Со вака поставените цели ,како што постојано се нагласува во овој труд ,дополнително се поставува предизвик пред училиштето,бидејќи она што е во него (училиштето) не е надвор од општеството,туку напротив,тоа што се случува во него се одразува на општите социјални проблеми и поширокиот развој .Овие очекувања се многу важни и нивната целосна имплементација е полна со предизвици при градењето на граѓанското општество ,во кое човекот –граѓанинот е во центарот на демократскиот развој.

Токму поради прифаќањето на тоа сложена улога ,односно потреба од современо општество ,училиштата (овде се мисли на сите образовни институции и на сите образовни нивоа)можат единствено да одговарат на барањата кои се поставуват пред нив, преку развивање на интелектуално/универзално применливи знаења и социални вештини кај учениците.Затоа наставата е најважен (оперативен) сегмент на училишниот живот, но и квалитетни резултати во наставата нема да има без демократска атмосфера во училиштето. Наставата е сложена активност и таа не смее повеќе да се сведува само на образовната работа, бидејќи тоа е недоволно и неприфатливно.

Посебно значење во процесот на формирањето на промените на демокраските принципи и ставови на учениците имаат наставниците , посебно имајќи го во предвид концептот во кој учениците во воспитно-образовниот процес се партнери со наставниците. Партнерскиот однос не значи еднаквост помеѓу возрасните и учениците,туку првенствено подеднакво активно учество во животно-значајните активности , а тоа се добивањето на знаења, вештини ,принципи и ставови .

На добивањето на демократските права на учениците, се разбира имаат влијание и вкупните демократски односи во училиштето и тоа на сите релации(наставник-ученик, ученик-ученик, наставник-наставник, директор-наставник, директори-ученик, и тн.)

Успешноста на училиштето како институција се мери со степенот на вредностите кои училиштата ги внесуваат во образованието на своите ученици,потпирајќи се на знаење, способности и ставови кои учениците ги донесуват со себе во училиштето,а при тоа училиштата им помагаат на учениците негативните ставови да ги отфрлат вон училиштето. Се разбира дека училиштата превземаат одговорност за постигањата на своите ученици , наместо да негативните впечатоци им ги префрлат на учениците и вон училиштето . Поради тоа многу важен е концептот на добрина , во која добрината на училиштата се одредува како мерка со која училиштето ги исполнува и општествените , а не само образовните цели.

Од ова можеме да констатираме дека : „ Училиштата не се занимават само со развивање на добрите ученици, тие се занимават и со добрите луѓе„ , бидејќи училиштата мораат да формираат верување дека „ луѓето , местото , политиката , праксата и програмата во училиштата мора на сите ученици да им говорат дека се способни , одговорни и вредни за трудот, како и да развиват концепти на меѓусебна соработка , почитување , уважување на различности,да се научат да мислат и работат на демократски начин„.

Кога станува збор за емпириското истражување, улогата на наставникот во управувањето на демократските процеси во наставата сосема е јасна,бидејќи тоа е сложена проблематика која бара интердисиплинарен пристап. Се разбира дека секоја иновација има и бројни тешкотии кои што се јавуваат во текот на реализацијата на тие демократски процеси во наставата.

Тешко е да се контролират и проучуваат сите фактори кои во училиштето и надвор од неа,повеќе или помалку делуват на формирањето и промената на демократските ставови на учениците.Методолошките проблеми поврзани се со можноста на објективната мерка на демократскиот израз и акција на учениците и наставниците.

Не треба да се игнорира ни фактот дека ,и оние кои „пристигнуваат„ во воспитно-образовната институција, и оние кои веќе „биле таму„ ги внесуваат своите различни искуства ,знаења,ставови,вредности и вештини,со примарна цел оние кои пристигаат да ги обработуваат ,преформират и дополнуват постоечките и воедно да изградат самостојни вредносни системи .

Предмет на ова истражување беше да се истражува влијанието на наставниците како едукатори ,преку нивната личност , внимание и однесување со учениците ,како модели за почитувањето на демократските принципи и процедури во работата со учениците .

Целта на истражувањето беше да се потврди дали постои влијание на наставниците на формирање на демократските принципи и ставови кај учениците.

Во текот на работата на овој труд многу пати спомнавме дека е невозможно и нереално да чекаме само од училиштето да формира цивилизирана, и демократски ориентирана личност, која има современа и хумана ориентација , која е спремна да ги уважува и поинаквите мислења , да ја уважува својата па и поинаквата култура, да е спремна на соработка ,разбирање , критички преглед и разбирање на себеси и на светот околу нив, и тн. , бидејќи се горе наведеното зависи и од социјалната средина , што во истраживачкиот дел на работата го докажавме.

Голема улога за се ова има и воведувањето на предметот Граѓанско образование кој има многу потребни теми за денешнината, и доколку се реализира на потребното ниво од страна на наставниците , тогаш учениците многу би добиле. Се разбира дека за сето тоа да се реализира, треба и самите наставници да се усовршуваат за реализирање на програмата за Граѓанско образование.

После добиените резултати од анкетирањето на наставниците и учениците ги добивме и резултатите на прифатените или неприфатените хипотези според аритметичката средина,па според заеднички (шест)поставените прашања и за наставниците и за учениците се потврдени четвртата,шестата и седмата хипотеза,додека петтата хипотеза не е потврдена.

Што се однесува на прашањата само за учениците потврдени се :првата, и втората хипотеза додека третата хипотеза не е потврдена.

Кај прашањата поставени само за наставниците се потврдени сите три хипотези односно осмата,деветтата и десеттата хипотеза.

Со вака добиени резултати не е потврдена третата хипотеза или поточно - учениците сметаат дека демократијата се практикува во нивните училишта и петтата хипотеза – постојат разлики во ставовите на наставниците и учениците за потребата од строга дисциплина во училиштето.Другите осум хипотези се потврдени (прифатени).

Користена литература

1. Адамческа,С.(1996), Активна настава, Скопје :Легис.
2. Адамческа,С.(1998),и др. Активна настава- интерактивно учење : акциско истражување ,ревизија на проектот , Скопје :педагошки завод на Македонија .
3. Avramović, Z.M. (2000), Demokratija u školskim udžbenicima. Beograd: Institut za pedagoška istraživanja
4. Avramović, Z. (2002), Problem konceptualizacije građanskog vaspitanja i obrazovanja; u S.
5. Avramović, Z. (2006), *Aporije obrazovanja za demokratiju* . Beograd: Institut za pedagoška istraživanja.
6. Ангелоска-Галевска , Н. (2007) , Статистика во педагогијата , Скопје : Универзитет „ св. Кирил и Методии„, Филозовски факултет.
7. Ангелоска-Галевска , Н.(1998), Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието ,Битола , Киро Дандаро
8. Ачковска –Лешковска ,Е.,Миовска ,С. (1998) ,Интернализирање на демогратските вредности,Просветен работник бр.856,стр.1-4;
9. Bečaj, J.(1993). Nekateri značilni problemi vodstvenih delavcev v osnovni šoli . Vzgoja in izobraževanje, 1 /93
10. Biggs, J. (1999), Teacher for quality learning at university, Buckingham:Open University Press& SRHE

11. Birzea, C. (2000), *Project on education for democratic citizenship*. Strasbourg: Council of

12. Boritko N. (2007),Modelovanje pedagoškog procesa: Humanističko integrativni pristup, Zbornik Instituta za pedagoška istraživanja, godina 39, broj 1, 7-204, Beograd

13. Бркиќ , М. (2006) , Воспитно-обрзовен систем во нови прилики, Скопје

14. Brankovic, D.(2000), *Interaktivno ucenje u stvaralackoj nastavi* u Interaktivno ucenj II, Ministarstvo prosvete Republike Srpske, Banja Luka

15. Bratanic,M.,(2002). Paradoks odgoja,Skolska knjiga,Zagreb,str.73

16. Bush, T. and Bell, L. (2002), The principles and practice of educational management. London : SAGE

17. Vud, Dž.(1996), *Efikasne škole,* CURO, Beograd

18. Гашиќ-Павишиќ,С,(2005),Модели разредне дисциплине,Институт за педагошка истраживањеа,Београд

19. Glasser W.(1986), *Control Theory in the Classroom*,Harper-Collins, New York

20. Гоцевски Трајан,(2007),Образовен менаџмент„ (Трето дополнително и изменето изданије),Скопје

21. Greene,B., Nove paradigm za stvaranje kvalitetnih škola,Alinea, Zagreb.

22. Дамовска, Л. (2001) , компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование, Скопје : Европа 92.

23. Day, C. (1999), Developing Teachers The Challenges of Lifelong Learning. London:Falmer Press

24. Delor, Ž. (1996), Obrazovanje – *skrivena riznica.* Beograd: Ministarstvo prosvete

25. Delors,J.(I ostali).(1998), Ucenje:blago u nama. Zagreb:Eduka

26. Doppler,K.- Lautenberg,C.(1994), Change managment.Frankurt: Campus Verlag

27. Ender,B. Und Strittmatter,A.(2004). Personalentwicklung als Schulleitungsaufgabe. Innsbruck/ Wien: Studienverlag

28. Закон за заштита на децата ,Сл. Весник на РМ,бр.98/00

29. Закон за основното образование, Сл. Весник на РМ, бр. 63/04

30.Закон за измени и дополнувања на законот за заштита на децата, Сл.весник на РМ, бр.65/04

31. Закон за основното образование(2008),Сл.Весник на Р.М.бр.49

32. Јанкуловска, С. (2009) , Primary Education Project , USAID : Academy for Educational Development.

33. Jelavić,F.(1986), ,,Profesionalno informiranje,, ,Nastavnik I profesionalni razvoj, Zagreb:Školske novine

34. Јовиќ, Б. (2005) , Современо училиште, Скопје : Книга

35.Камберски, К. (2000), Предучилишното и основното воспитание и образование во Р.М , Скопје ; Универзитет ,св„Кирил и Меодиј „ , Филозовски факултет.

36. Камберски,К.(1994), Од буквар до универзитет, Скопје : Просветно дело.

37. Kristensen R.: *Nastava kroz raspravu*, Inovacije u nastavi 2/1998, Beograd

38. Kin, Dž. (1996), *Mediji i demokratija*. Beograd: »Filip Višnjić«.

39. Котева,Т(1996),детето –рамноправен партнер и субјект во воспитанието и образованието,Битола:Гоцмар)

40. Костова, М.(2004) , Методика на воспит на работа, Скопје : Филозовски факултет , институт за педагогија .

41. Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование ,(2007),Скопје : Биро за развој на образованието

42. Koren,I. (1986), ,, Mjesto i uloga profesionalne orientacije u osnovnoj školi,, , Nastavnik i profesionalni razvoj učenika, Zagreb : Školske novine

43. Kramar,M. (1999). Didaktićka analiza izobraževalno-vzgojenoga procesa. Ljublana : Šola za ravnatelje

44. Landy, F.J. (1996). Psykology of Work Behavior ,Brooks/ Cole Publishing Company,Pacifik Grove, California

45. Landsberg, M. (2002). Osnovi liderstva. Sofija: Abagar

46. Maksić ,S. (prir.): Izazovi demokratije i škola (9-27), Institut za pedagoška istraživanja, Beograd;

47. Margalit, A. (1997), Politik der Würde. Über Achtung und Verachtung.Berlin

48. Маркович,Д. (1999), ,,Савременост и образовање ;; , Београд : савремена педагошка мисао

49. Mail,Alis.(1968),Kreativnost u nastavi,svjetlost,Sarajevo

50. Миљковиќ,Д, Ријавец М. (2005),Боље бити ветар него лист,Легенда,Чачак

51. Mintzberg, H. (1989). Inside our strange world of organizations,New York: The Free Press

52. Morgan, G.(1997), Images of Organizacion ,London:Sage

53. Muzić, V. (1999), Uvod u metodologiju istraživanja . Zagreb:Eduka

54. Munjole,A., (1995) , Odgajati za demokratiju ,Eduka ,Zagreb.

55. Muržon,Ž.,(1998), Ljudska prava ,xx vek, Beograd.

56. Muminović,H.(2000),Mogunćosti efikasnijeg ućenja u nastavi, Sarajevo

57. Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005-2015, Министерство за образование и наука на Република Македонија , Скопје,2004

58. Odižije, F. (2000), Obrazovanje za *demokratsko društvo*. Strazbur: Savet Evrope

59. Павлоски Ѓорѓи (2004),Наставникот на XXI век,,просветно дело,, бр.5

60. Петров Никола ,В.михајлоски(1998),Креативноста и воспитувањето,Битола

61. Peroti,A.(1995),Piedoaje za interkulturni odgoi obrazovanie,eduka,Zagreb

62. Петковски К.(1998), „Менаџмент во училиште„,НИРО Просветен работник Скопје

63. Петров Н. (2005) ,Семејна педагогија, Скопје: Просветно дело.

64. Петров Н. (2005) ,Училишна педагогија , Скопје : Просветно дело .

65 .Петров, Н.(2005) , Проекција на развојот на образованието , Скопје :

Педагошки факултет.

66. Petz, B.(1992), Psihologijski rječnik. Zagreb: Prosvjeta

67. Пешиč ,M. (1996),Dječija prava-Čija odgovornost.IPA,Beograd.

68.,, Pedagoška enciklopedija I i II ,, ,(1989), (red.Potonjak,N. I Šmileša ,P.) Beograd: Zavod za udžbenike I nastavna sredstva

69. Poljak, V.(1988), ,,Didaktika ,, Zagreb Školska knjiga

70. Попова-Коскарова,Р.(2008);Стратегии,модели и техники за успешно менаџирање со одделението или класот,Јофи-скен,Скопје

71. Попоски Киро,(1998),Успешен наставник НИРО,,Просветен работник,, ,Скопје

72. Radonjić R. (2004), Demokratija, Podgorica

73. Ramsden,P.(1992.), Learning to teach in higer education, London, Routledge

74. Ristić, Ž.(2006), O istraživanju,metodu I znanju ,drugo izdanje . Beograd: Institut za pedagoška istraživanja

75. Ribins,P. , Burridge, E.(1995), Improving edukacion –Promoting quality in schools,London: Cassell

76. Rosenberg M, Nenasilna komunikacija..

77. Slee,R.(1988), Discipline and Schools :A Curriculum Perspective,Crows Nest Macmillan.

78. Smith,A. S., S. Fountain – H.McLean (2002): Gradansko vaspitanje u osnovnim I

srednjim

79. Stojiljković, S.(2005),Vaspitanje mladih za demokratiju, Institut za pedagoška istraživanja, Beograd

80. Stoll, L. ,Fink, D.(2000), Mijenjamo naše škole. Zagreb: Eduka

81. Современи тенденции во образованието .IV Меѓународен научен собир,Јуни 2008,Охрид

82. Trnavac, N.(1987), ,, Skolski system u raskršću,, , Beograd: zavod za udžbenike

83. United Nations Children's Fund (2001), The State of World's Children, New York: United Nations

84. Fullan, M.(2001), Leading in a culture of change, San Francisko: Jossey- Bass

85. Fullan, M. 2001a, The new meaning of Educational Change,3nd edition, London : Routledge falmer and Teachers Ciollege; New York: Columbia University

86. Хавелка,Н.(2000),ученик и наставник у образовном процесу,завод за уджбенике и наставна средства,Београд,2000.

87. Hargreaves ,A.(1994), Changing Teachers,Changing Times. London : Cassell

88. Himmelmann, G. (2004), Demokratie lernen, Paper für BLK-Programm „Demokratie http://www.ecmi.de/doc/public_papers.html

89. Hopkins,D., Ainscow,M. And West,M.(1994), School Improvement in Area of Change, New York: Cassell.

90. Гр.автори,Мултикултурализмот во македонија :модел во настанување ,фондација Институт отворено општество Македонија ,Скопје ,2005,

91. Đerić, I. (2005), Participacija učenika u školskom životu. u: Joksimović Snežana (ur.) Vaspitanje mladih za demokratiju, Beograd: Institut za pedagoška istraživanja, 167-182

92. Shapiro,E.L.(1998),Kako razviti emocionalnu intelegenciju dijeteta,Mozaik knjiga,Zagreb

93. Sharan, S. ,(1990),Cooperative learning :Theory and research ,Praeger ,Ney York.

94. Ševkušić-Mandić (1991), Oblici verbalne komunikacije između učitelja i učenika, Zbornik instituta za pedagoška istraživanja, 3. Beograd

95. Špoljar,K.(1989),Odnos nastavnik učenik u suvremenoj nastavi, Zagreb:Institut za pedagogijska Istraživanja

96. http:// www. bologna .brrgen 2005.no

97. http:// www. mon. gov.mk

98. www.sei. gov.mk

99. www.sega.org.mk

100. www.usm.edu

101. www.youth.marita-mk.org

ПРИЛОЗИ:

Анкетен лист за наставниците

Ве молиме искрено да одговорите на следните прашања.Прашалникот е анонимен.

1.Општина во која работи училиштето----------

2.Пол а)машки б)женски

3.Местото на живеење----------

4.Во која возраст сте?----------

5.Колку години работите во ова училиште----------

6.Дали би ја промениле професијата? а) да б) не в) можеби

Во долниот дел на прашањата се наведени некои тврдења за односите меѓу луѓето Своите тврдења ќе ги искажете според броевите од 1 до 5 .Броевите значат

Сосема се согласувам	Делумно се согласувам	Неодлучен , сум	главно се согласувам	воопшто не се согласувам
5	4	3	2	1

7.Учениците треба да се научат да се послушни и да го почитуват предпоставениот.

1 2 3 4 5

8. Во секое друштво треба да постои водач и да се слуша и почитува .

1 2 3 4 5

9. На учениците им е потребна јака дисциплина од родителите.

1 2 3 4 5

10.За да биде успешна една група,многу е важно да има јак и праведен водач кој ќе биде почитуван од сите.

1 2 3 4 5

11. Демократските вредности и ставови може да се учат и стекнуваат по пат на образование.

1 2 3 4 5

12.Треба да се почитуваат ставовите на учениците за работата и животот во училиште.

1 2 3 4 5

13.Колку се застапени демократските процедури и принципи за одлучувањето во вашето училиште . (оцените од 1 до 5) 1 2 3 4 5

14. Застапени се демократските принципи во работата со учениците.(оцените од 1до 5)

1 2 3 4 5

15. Како ги оценувате меѓучовечките односи во наставничкиот колектив

1 2 3 4 5

16. Како реагирате кога има конфликт меѓу учениците (оцени од 1-5)

а) Барам помош од училишните колеги	
б)Ги казнувам учениците	
в)Им дозволувам сами да ги решаваат проблемите	
г) Се обидувам да посредувам меѓу учениците	
д) Ги повикувам родителите	

Ви благодарам на соработката

Анкетен лист за учениците

Ве молиме искрено да одговорите на следните прашања.Прашалникот е анонимен.

1. Кое одделение си ? а) VI б) VII В) VIII

2.Каков бил твојот успех во минатата година? ----------

3.Дали сакаш да одиш на училиште ? а) сакам б) не много в) не сакам

4.Кој наставен предмет ти е омилен? ----------

5.Кој наставен предмет не го сакаш ? ----------

6.Оценувај ги ти (наставниците како тие тебе те оценуват од 1 до 5) за нивната работа во часот.

1 2 3 4 5

Во долниот дел на прашањата се наведени некои тврдења за односите меѓу луѓето .Своите тврдења ќе ги искажете според броевите од 1 до 5 ,броевите значат :

Сосема се , согласувам	Делумно се согласувам	Неодлучен сум	Главно се согласувам	Воопшто не се согласувам
5	4	3	2	1

7.Учениците треба да се научат да се послушни и да го почитуват предпоставениот.

1 2 3 4 5

8. Во секое општество треба да постои водител и да се слуша и почитува .

1 2 3 4 5

9. На учениците им е потребна јака дисциплина и исполнување на задачите дадени од семејството.

1 2 3 4 5

10.За успешна група,најважно е да се најде строг и праведен водител кого сите ќе го почитуваат .

1 2 3 4 5

11. Демократските вредности и ставови може да се учат и стекнуваат по пат на образование.

1 2 3 4 5

12.Треба да се земаат во предвид и почитуваат ставовите на учениците во работата на училиште.

1 2 3 4 5

13.Кој најмногу ти помага за да ги оствариш твоите права?

	Многу помагат	Не баш многу	Спречуваат	Не знам
Родителите				
Наставниците				
Другарите				
Политичките лица				

14.Дали од вас учениците се очекува да без поговорно да ги слушате наставниците и доколку некои одлуки не ви се јасни? Да Не Не знам

Ви благодарам на соработката